# ОПШТИНА
# КАВАДАРЦИ



## ОТЧЕТ 2025
ГРАДОНАЧАЛНИК
МИТКО ЈАНЧЕВ



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



Почитувани сограѓани,

Кавадарци денес не е само град , тоа е наша заедничка приказна за успех, резултат на посветеност, работа и визија. Заедно создадовме ново, современо, европско Кавадарци, град кој дише со полни гради, град кој чекори самоуверено напред и кој секојдневно ја потврдува својата трансформација.

Овој отчет за четиригодишниот мандат не е само список на реализирани проекти , тој е доказ за тоа што може да се постигне кога постои јасна цел, тимска работа и искрена поддршка од граѓаните. Над 100% од ветената предизборна програма е реализирана, а дополнително се имплементирани и многу нови проекти, инспирирани од реалните потреби на нашите сограѓани. Овие резултати не се случајност , тие се плод на здрава амбиција, упорност и бескомпромисна посветеност.

Заедно со сите сектори, јавни претпријатија, вработени во локалната самоуправа, надворешни и внатрешни соработници, бизнис секторот и пред сѐ со поддршката од вас, граѓаните, создадовме функционален систем кој денес работи беспрекорно. Токму оваа синергија е најголемата сила на Кавадарци.

Се потсетувате ли како изгледаше Кавадарци пред само една деценија? Град со дух и потенцијал, но без доволно можности. Денес, Кавадарци е урбан, зелен, модерен и инфраструктурно уреден град со нови улици, спортски објекти, училишта, културни простори, безбедна и чиста средина, и со услови достојни за живот по највисоки европски стандарди. Град кој ги задржува младите и ги привлекува инвестициите. Град со најниска стапка на невработеност, со растечка економија и видлив напредок на секое поле, од екологија до образование.

Зад сите овие бројки и резултати стои тим кој верува, работи и никогаш не отстапува од идејата дека секој граѓанин заслужува подобро секојдневие. Овој мандат беше мотивација, но и поттик за уште поголеми проекти, нови визии и повисоки достигнувања. Затоа, со гордост велиме – Кавадарци не е ист град. Кавадарци е нов, подобар, поубав дом за сите нас.

Благодарност до Советот на Општина Кавадарци, до компаниите што ни даваат поддршка, до секој службеник и партнер, и најмногу, до вас, драги сограѓани. Вашата доверба, вашите идеи и вашата критика беа движечка сила за секој нов проект.

Кавадарци расте. Кавадарци напредува. Кавадарци заслужува уште повеќе.

За Кавадарци! Секогаш на прво место.

Со почит,
Градоначалник Митко Јанчев

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Советот на Општина Кавадарци во периодот од овој четиригодишен мандат има одржано:

- 58 редовни седници

- 16 вонредни седници

Во рамки на своето работење, Советот донесе голем број одлуки и решенија за именување на членови на управни и надзорни одбори, како и значајни програми од областа на редовното функционирање и извршувањето на надлежностите на Општина Кавадарци.

Советот работи транспарентно, посветено и во интерес на сите граѓани.

Секоја седница, секоја одлука и секоја програма е чекор напред кон подобра, поорганизирана и поразвиена општина.

Со работа, одговорност и визија – продолжуваме заедно да го градиме Кавадарци какво што го заслужуваме.





## ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ ЗА КАВАДАРЦИ

**1.Дали знаевте дека?**

Општина Кавадарци е рангирана како најтранспарентна општина за 2024 и 2025 година.

Општина Кавадарци е рангирана во листата на најтранспарентните општини во државата, покажува најновото истражување на Центарот за економски анализи (ЦЕА) за буџетска и даночна транспарентност на единиците на локалната самоуправа за периодот 2024–2025 година.

Според објавениот извештај, Кавадарци се вбројува во групата на десет општини кои добиле максимален број индексни поени за буџетска транспарентност.

Дополнително, истражувањето ја позиционира Кавадарци и како една од општините со највисок степен на даночна транспарентност, благодарение на јасната и достапна комуникација со граѓаните за локалните даноци и постојаното објавување на релевантни информации.

Во извештајот на ЦЕА се истакнува дека токму овие практики на отчетност, достапност на буџетски документи, граѓански буџети, редовно известување и вклучување на јавноста во креирање на политики, се клучни критериуми при оценувањето на транспарентноста на општините.

Создадовме доверба, а преку довербата, напредок и економски развој!

Според резултатите од индексот за активна транспарентност, активната транспарентност на Општина Кавадарци во 2024 година изнесува 100 % (од можни 100 %) со што општината се наоѓа во групата институции со 'многу добра' активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Со овие бодови, општината се наоѓа на 20-та позиција од вкупно 98 рангирани институции.Оваа општина од Вардарскиот Регион веќе четврта година го задржува истото, релативно високо ниво на активна транспарентност. Со цел унапредување на транспарентноста и отчетноста, во септември 2021, проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во соработка со Центар за граѓански комуникации организираше работилница за подобрување на општинската активна транспарентност, на која се потенцираше важноста од објавување информации на сопствена иницијатива на институцијата, без притоа за тие информации некој да има доставено до неа официјално барање за слободен пристап. Од тогаш, Проектот континуирано ги поддржува партнер општините од првата група, меѓу која е и општина Кавадарци, во унапредувањето на активната транспарентност.

Општина Кавадарци е најтранспарентна општина за 2024 година, со можни 100 проценти според индексот за активна транспарентност. Според резултатите од индексот за активна транспарентност, активната транспарентност на Општина Кавадарци во 2024 година изнесува 100 % (од можни 100 %) со што општината се наоѓа во групата институции со 'многу добра' активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Со овие бодови, општината се наоѓа на 20-та позиција од вкупно 98 рангирани институции.Оваа општина од

Вардарскиот Регион веќе четврта година го задржува истото, релативно високо ниво на активна транспарентност. Со цел унапредување на транспарентноста и отчетноста, во септември 2021, проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во соработка со Центар за граѓански комуникации организираше работилница за подобрување на општинската активна транспарентност, на која се потенцираше важноста од објавување информации на сопствена иницијатива на институцијата, без притоа за тие информации некој да има доставено до неа официјално барање за слободен пристап. Од тогаш, Проектот континуирано ги поддржува партнер општините од првата група, меѓу која е и општина Кавадарци, во унапредувањето на активната транспарентност.
Создадовме доверба, а преку довербата, напредок и економски развој.

**2.Дали знаевте дека?**

Како што и веќе е информирана јавноста, градоначалникот Митко Јанчев од стапувањето на функцијата градоначалник на општина Кавадарци, а тоа се веќе цели осум години, не само што јавно се откажа од месечниот надомест- плата и користење на службено возило, туку и истиот надомест е пренаменет во хуманитарни цели.

Но, најважно од се е што градоначалникот Митко Јанчев преку општествено одговорните компании Кожувчанка, ЈА-МИ и Фондација Никола Јанчев, има реализирано огромна сума на донации и спонзорства за проекти за општина Кавадарци во 2022, 2023 и дел во 2024 година.

Вкупно 52.624.053,00 денари се средства кои градоначалникот Митко Јанчев преку овие компании ги донирал за општина Кавадарци и останати хуманитарни и општествени цели ширум Македонија.

Овие компании на чело со Кожувчанка, не застануваат овде. Всушност нивната визија и идеја отсекогаш била да помагаат онаму каде што е потребно. Ова не е само помош, ова е придонес воопшто за општеството.

**3.Дали знаевте дека?**

Градоначалникот Митко Јанчев, покрај тоа што реализираше 100 проценти на проекти од својата предизборна програма, туку со помош на службите реализираше и над 40 дополнителни проекти изминатите години, а се од клучно значење за граѓаните и општината!

**4.Дали знаевте дека?**

Последниве години во Општина Кавадарци се реконструираше целата постоечка јавна зелена површина, но се подигнаа и нови на повеќе локации, со вкупна површина од над 170.000 метри квадратни. По цели 60 години со целосен автоматски систем за наводнување и нови содржини, реконструиран е Градскиот парк Љупчо Шкартов. Кавадарчани добија и нов парк, Киро Крстев, изграден според сите светски стандарди и богат со урбана опрема и зеленило. Во паркот на

револуцијата пак, никна нов Дендро парк, богат со разновидни видови на растенија. Секоја пролет и есен се пошумуваат и околните ерозивни подрачја што го напаѓаат градот. ЈП Комуналец и Мој општинар, неуморно работат на тоа Кавадарци да биде континуирано чисто, зелено и убаво! И затоа, убаво е да живееш во Кавадарци зарем не? Кавадарци за сите!

**4.Дали знаевте дека?**

Изминативе години, во споредба со други општини, кавадарчани користат најдобри услуги од ЈП Комуналец, кои се во целост подобрени, а резултатите видливи. Доволно е само да направите прошетка низ Кавадарци и руралните средини. Уште поважно! Во споредба со други општини, кавадарчани плаќаат најниски сметки за вода. На пример, додека кај нас едно четиричлено семејство во просек користи 15 метри кубни вода и за тоа плаќа 329 денари, во друга општина со приближен број на жители, истото семејство плаќа 677 денари. Или пак, ако во друга општина по основ на канализација се плаќа 194 денари, во Општина Кавадарци за истото се плаќа 102 денари. Убаво е да се живее во Кавадарци, зарем не? Кавадарци за сите!

**5.Дали знаевте дека?**

Во Општина Кавадарци целосно е завршен колекторскиот систем од с.Ваташа до с.Марена .Ова значи дека долгогодишниот проблем со кој се соочуваа жителите кои живеат близу течението на реката Луда Мара, е решен! Освен ова, реконструирана е фекалната и атмосферска канализација во централното градско подрачје, а на сите други реконструирани улици се изградени нови канализациони линии во должина од 40. 000 метри. И покрај реализацијата на сите овие проекти и тековната работа што во претстојниот период сигурно ќе се заврши, сепак кавадарчани, во споредба со жителите на други општини по основ канализација плаќаат скоро 50 % поевтини сметки. Убаво е да живееш во Кавадарци зарем не? Кавадарци за сите!

**6.Дали знаевте дека?**

Општина Кавадарци во изминатите 7 години континуирано инвестира во подобрување на јавното улично осветлување и тоа:
Реконструкција и замена на постоечките светилки.
Модернизирање на целата светлечка мрежа.
Поставување на ново јавно улично осветлување.

**7.Дали знаевте дека?**

По преземањето на функцијата градоначалник во 2017 година, вредноста на државниот јавен капитал на Општина Кавадарци изнесуваше 799.932.000 денари. Во 2024 година, таа вредност порасна на 3.142.918.000 денари, што претставува четирикратен раст.

Овој значителен напредок е резултат на посветеното и одговорно водење на Општината од страна на градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци. Напорната и чесна работа на сите членови на Советот, како и на градоначалникот, значително придонесе за остварување на овие впечатливи резултати и подобрување на состојбите во општината.

**8.Дали знаевте дека?**

Не постои село или рурална средина на територија на Општина Кавадарци кое не е со подобрена инфраструктура! Општина Кавадарци во изминатите четири години изврши поплочување на улиците во сите рурални средини и села под Кожувието.

**9.Дали знаевте дека?**

Општина Кавадарци во рекордни три месеци го изгради и пушти во функција „Ски центар Михајлово", сместен во срцето на Кожув планина, за почеток само со една скијачка патека меѓутоа во претстојниот период ќе се отворат уште најмалку две!

**10. Дали знаевте дека?**

Општина Кавадарци успешно реализираше проект во соработка со Факултетот за физичко образование, спорт и здравје наречен „Состојбата на физичкиот фитнес, нутритивниот статус и статусот на стапалата кај децата и младите" во кој беа вклучени 1460 ученици од второ до петто одделение од сите основни општински училишта.

Целта на овој проект е да се следи нивниот физички развој и доколку има проблем во физичкиот развој родителите да бидат информирани, а истовремено со оваа активност се откриваат и спортските предиспозиции кај учениците.

**11. Дали знаевте дека?**

Сектор водовод и Сектор канализација на ЈП Комуналец Кавадарци во изминатите 4 години работеше вредно, а резултатите се очигледни.

Од 2022 година па се до денес овие сектори работеа на:

- 6800 метри водоводна линија
- 8700 метри фекална канализациона линија
- 2300 метри атмосферска канализациона линија.

А за време на двата мандати на градоначалникот Митко Јанчев, во Општина Кавадарци се работеше на :

- 21 200 метри водоводна линија
- 21 988 метри фекална канализациона линија
- 8220 метри атмосферска канализациона линија.

**За Кавадарци на прво место!**

## ПОГОЛЕМИ РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ

• **Изградба и реконструкција на системот за улично осветлување во општина Кавадарци.**

Реализација на договорот за изградба и реконструкција на системот за улично осветлување!

Во 2024/2025 година е реализиран договор за изградба и реконструкција на системот за улично осветлување во општина Кавадарци. Вредноста на Договорот е 65 милиони денари кои се обезбедени од буџетот за 2025, 2026 и 2027 година.

- Изградба на осветлување на локациите за кои е изготвен основен проект
- Реконструкција на дел од постојниот систем за улично осветлување во општина Кавадарци (спуштање на надземната мрежа под земја)
-Проширување на постоечкиот централизиран систем за управување со уличното осветлување.

Работите се извршени на 20 локации на териториија на општина Кавадарци.

Комплетно ново осветлување е реализирано на:

- регионален пат кон Прилеп во должина од 1130м
- регионален пат кон Неготино во должина од 1100м
- регионален пат кон Витачево во должина од 1700м
- регионален пат Михајлово во должина од 1300м

Реконструкција преку спуштање на постоечката надземна мрежа под земја се изврши на 10 локации на територија на општина Кавадарци.

На ул.„Индустриска" и Паркинг просторите се променети постоечките светилки на ниските метални столбови со нови.

Се изврши осветлување на 12 бисти на споменикот за 12 Другари.

Вкупната должина на сите траси изнесува околу 13000м (6000м нова линија и 7000м постоечка надземна мрежа спуштена под земја). Вкупно се поставени околу 560 нови светилка со моќност од 20 до 100W, на 494 метални столбови со висина од 4м, 5м, 8м и 10м. Светилките се пред програмирани да после 6 часа од вклучувањето се димираат на 50% од потрошувачката.

• **Ски центар Михајлово!**

На наше огромно задоволство Ски центар „Михајлово" на 01.01.2025 година, беше официјално отворен, а првите скијачи имаа можност да уживаат во снегот на Кожуф планина, четириесетина километри од градот Кавадарци. Има ски-лифтови во должина од 370 метри со капацитет од 600 лица на еден час и скијачки појас, со капацитет од 800 лица. Всушност беше отворена првата стаза на 1.300 метри надморска височина, што завршува на 1.400 метри, со должина од околу 400 метри. Има најразлични содржини за сите возрасти! Организиравме и ноќно скијање, викенди со добра забава, во кои граѓаните

уживаа во снежната покривка и сончевите зраци! Посетеноста беше огромна, цели три месеци овој ски центар беше најдобра опција за нашите граѓани и секако посетители од цела Македонија.Учениците од општината преку програмата за физичко образование ќе имаат бесплатно учење скијање. Проектот е развоен а започнуваме со изградба на уште две стази со по два километри и ски лифт.
Уште еден голем проект и инвестиција која го продолжува и така брзиот развој на нашата општина.
Инвестицијата е донација од 231.660,00 евра од кои 115.000,00 евра се средства од Комерцијална банка, и 115.000,00 евра се средства донација од Кожувчанка ДОО.







- **Интервентен центар за привремено згрижување на лица со социјален ризик**

6 Апартмани за привремено згрижување на лица со социјален ризик!
Реконструкција и пренамена на постојан објект на ул.„7 Септември” во Кавадарци. Намената на овој објект е од социјален карактер и истиот вклучува шест апартмани.
Вкупната вредност за реализација на овој проект изнесува 6.322,282,77 денари со вклучен ДДВ од кои 3.376.361,00 денари се обезбедени од Биро за регионален развој и учество на Општина Кавадарци со износ од 2.945.921,77 денари.

- **Изградба на нов парк во склоп на СОЗШУ „Ѓорче Петров”**

Нов парк во нашиот убав град кој е во склоп на СОЗШУ "Ѓорче Петров" на површина од 14000 м2, со вкупна вредност од 9.870.000,оо денари.
При изградбата на овој парк во целост е опфатена реконструкција на постоечките игралишта - ракометно и кошаркарско игралиште со вкупна површина од 1500м2, комплет со конструкција за кошеви и гол, поставување на детски реквизити и урбана опрема. Ќе се направи пешачка врска со кејот кој е во поодмината фаза на изградба и со тоа граѓаните ќе добијат комплетна пешачка зона и рекреативен дел.

- **Отворен е Стационар Шепа -„Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство” лоциран во општина Кавадарци и истиот е наменет за сите девет општини од Вардарскиот плански регион.**





Проектот ги опфаќаше следните активности:
Изградба на стационар
Набавка на опрема во рамки на стационарот
Набавка на возило во рамки на стационарот
Изработка и развој на веб сајт со дефинираните модули „Пријави бездомни животни и локација“ и „Вдоми миленичe!“
Изработка на Систем за следење и регистрација на бездомни животни
Активности за ветеринарен третман на бездомните животни
Маркетинг активности за подигнување на свесноста за вдомување на третирани бездомни животни
По програмата за комунална изградба на општина Кавадарци, се изврши и партерно уредување на стационарот како и поплочување на пристапен пат на површина од 330 м2, откако претходно беше поставена водоводна линија и осветлување.

- **Изградба на повеќенаменски објект во село Дреново**

Изградба на повеќенаменскиот објект во село Дреново на површина од 530м2, од кои само за спорт, рекреација и културни манифестации се предвидени 360 м2, додека останатиот дел ќе биде наменет за соблекувални, тоалети и една деловна просторија за потребите на Месната заедница Дреново. Инвестицијата во висина од 30 милиони денари е на Општина Кавадарци.

- **Бесплатен оброк за секое дете**

Трета година по ред Општина Кавадарци успешно го имплементира проектот „Бесплатен оброк за секое дете" кој ги опфаќа учениците од прво до петто одделение во сите основни општински и подрачни училишта. Со бесплатниот оброк се хранат вкупно 1780 ученици од прво до петтто одделение.
Менито е нутриционистички изготвено и вклучува разновидна храна, пијалок и овошје.
Инвестиција на општина Кавадарци во вредност од 20.000.000 денари.
Успеавме да им олесниме на родителите кои за првпат ги запишуваат своите деца во училиште, но најважно од се е што овозможивме правилна и навремена

исхрана за развој на децата.





- **Пробивање на Булевар. „Вељко Влаховиќ"**

Пробивање на Булевар Вељко Влаховиќ и спој со Цветан Димов до Северен Булевар. Воводоводна, фекална и атмосферска канализација и тоа водоводна во должина од 700 метри,фекална 471метар и атмосферска во должина од 384 метри. Оваа инвестиција е во висина од 17.026.477 денари со ДДВ од Министерството за животна средина и просторно планирање и општина Кавадарци. Пробивање и тампонирање на овој булевар, а во следна фаза ќе се пристапи кон целосно асфалтирање со осветлување, две сообраќајни ленти, велосипедска патека и тротоари во должина од 180 метри, кое е инвестиција на Општина Кавадарци во висина од 16.300.000 милиони денари и површина од 4900 метри квадратни.




- **Реконструкција на пат Дабниште– Ресава!**

Се вршеше реконструкција на пат што води кон село Дабниште во должина од 3300метри и на површина од 13.400м2, која опфаќаше комплетно вадење на стариот асфалт, поставување на цевасти пропусти, тампонирање и сега комплетно асфалтирање.
Инвестиција од Влада на Република Македонија во висина од 25.200.000,00 денари со ДДВ.

- **Нов кружен тек**

Изградба на нов кружен тек на регионалниот пат Кавадарци-Росоман, со цел зголемување безбедноста на учесниците во сообраќајот. Во вкупна вредност

од 11 милиони денари со вклучен ддв, финансиран од страна на Владата на Република Македонија.

- **Реконструкција на пат до село Чемерско**

Комплетно завршена е реконструкцијата на локален пат до село Чемерско во должина од 830 метри и истата опфаќаше целосно вадење на стариот асфалт на патот, банкини и проширување на истиот, со што ќе биде и целосно асфалтиран на површина од 4500м2.
Финансиската конструкција изнесува 8.800.000 денари, инвестиција од Влада на Република Македонија.



- **Изградба на каптажи за вода и водоводна и канализациона мрежа во должина од 6,4 км во Моклиште**

Во тек на реализација е уште еден проект во вредност од 50.208.509 евра и тоа 34.539.711 од Министерството за животна средина и просторно планирање и 15.668.790 од општина Кавадарци. Во Моклиште се врши изградба на водоводна и канализациона мрежа во должина од 6.4 километри и резервоар со капацитет од 150 метри кубни.





- **Велосипедско пешачка патека Глишиќ – Марена**

За сите кои уживаат во пешачењето, изградена а нова велосипедско – пешачка патека Глишиќ – Марена! Истата е во должина од 854 метри. Инвестицијата од 10.000.000 денари е на Општина Кавадарци.

- **Реконструкција на ул. ,,Шишка" во делот од Булевар Видое Смилевски до Северен булевар**

Комплетно вадење на постечкиот асфалт, тротоари, рабници, и проширување со уште една коловозна лента, тампонирање и асфалтирање во два слоја со комплетно нови тротоари, дрворед и осветлување. Вкупна должина од 450 метри, со површина од 4000м2. Инвестицијата е на општина Кавадарци во висина од 10.974.000 денари. Со овој проект општина Кавадарци обезбеди подобри и побезбедни услови за одвивање на сообраќајот.

- **Проект за монтажа на 2000 водомери со цел намалување на загуба на вода**

Овие водомери се обезбедени од страна на Министерството за животна средина и се во висина од 20.183.978 денари, а со Општина Кавадарци како официјален нарачател. Монтажата на водомерите се спроведува согласно претходно изработена теренска анализа и стратегија, изготвена од Ј.П. Комуналец Кавадарци. Целта е прецизно и правилно поставување на уредите во реоните каде што е тоа најнеопходно. Со оваа активност, Општина Кавадарци прави значаен чекор кон унапредување на водоводниот систем и поефикасно управување со водните ресурси, во интерес на граѓаните и заштитата на животната средина.



- **Новопробиена улица „Мишо Шкартов" и поврзување со Западен Булевар (коњски дупки)**

Прва фаза градежни активности кои овозможија пристап на повеќе од 20 парцели за домување,по што во втора фаза следуваше тампонирање и поставување на рабници и уште еден потпорен ѕид, трета фаза активности за порабување на истата со завршен дел и комплетно асфалтирање на површина од 1260м2.  Овој проект е дел од програмата за комунална изградба за 2023 година.





- **Поставување на фекална канализација и поплочување на сите улици во селата во Бошавијата**

Поставена е фекална канализација во селата Долна Бошава, Дабниште, Ресава, Бегниште и Бохула. Општина Кавадарци постојано инвестира во селата и руралните средини.

- **Проширување, реконструкција и комплетно асфалтирање на ул. „Ѓорѓи Соколов"**

Оваа реконструкција опфаќаше проширување на улицата, рушење на стариот

асфалт и целосно асфалтирање на површина од 3500м2, по што се изгради и потпорна конструкција на крак од оваа улица, во должина од 110 метри и површина од 750м2, преку Министерството за транспорт за поддршка на имплементација на декада и стратегија на ромите за 2024 година.





- **Улица. ,,Индустриска" реконструкција на атмосферска, фекална канализација,водоводна мрежа и асфалтирање**



Завршено асфалтирање на површина од 6900м2 на ул. „Индустриска" откако претходно ЈП Комуналец работеше на реконструкција на атмосферска, фекална канализација и водоводна мрежа. Овој проект е согласно програмата за комунална изградба за 2023 година.
Оваа комунална изградба е дел од проектот за асфалтирање на повеќе улици во овој дел од градот.
Проектот е со финансиска вредност од 10 500 000 денари и вкупна површина од 1300 метри квадратни.

- **Комплетна водоводна, атмосферска и фекална канализација во село Сопот**

Реализиран е капиталниот комунален проект во селото Сопот за реконструкција на старата водоводна линија и поставување на комплетно нова мрежа по главниот водовод на улицата „Илинденска" како и на краците од сите останати селски улици. Паралелно се поставуваше и атмосферска канализација за зафаќање на атмосферската вода од улиците: „Илинденска", „Коле Василев" и ул. „Маршал Тито". Станува збор за проект вреден 16.914.631 денари, пари кои се наменети за подобрување на подземната инфраструктура во оваа интензивна рурална средина.

- **Локален пат од село Бојанчиште до Блашница (влив во Тиквешко езеро)**

Тампонирање, асфалтирање и одводнување на локалниот пат од село Бојанчиште до Блашница во должина од 800 метри.Финансиската конструкција

се состои од 6.000.000 денари од кои 3.000.000 денари се од Бирото за регионален развој, а останатите од општина Кавадарци.

- **Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост**

Изградба на „Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост”. Овој дневен центар ќе располага со капацитет од 40 корисници и целта на истиот е да им овозможиме подобар квалитет на живот на лицата со ментална или телесна попреченост!
Овој капитален проект е во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

- **Продолжен кејот на реката Луда Мара до Општа болница Кавадарци која ќе го дополни убавиот кеј кој се протега се до с.Ваташа**

Комплетно завршено е минор и мајор коритото на кејот на реката Луда Мара. Оваа изградба ќе го дополни убавиот кеј кој се протега се до село Ваташа. Ќе се постави ново улично осветлување и урбана опрема, ќе се продолжи кеј-шеталиштето што претходно беше најзапуштениот дел во нашиот град. Проект од особено значење за овој дел на градот.
Проект од особено значење за овој дел на градот. Финансиската конструкција за овој проект изнесува 1 милион евра, од кои 42.103.400 се од Општина Кавадарци, а останатите од Биро за регионален развој.



- **Реконструкција на ученичкиот дом „Крсте Петков Мисирков”Кавадарци**

Завршена е реконструкцијата на ученичкиот дом „Крсте Петков Мисирков” која опфаќаше комплетно реновирање на собите, тоалетите, кујна,ходници и влезни партии, а инвестиција е на општина Кавадарци, и е во висина од 5.500.000 денари.
Од страна на секторот за улично осветлување и ЈП Паркинг се работеше на доосветлување на ученичкиот ,односно патеките од СОЗШУ Ѓорче Петров до СОУ Ќиро Спанџов Брко Кавадарци.

- **Асфалтирање на повеќе краци од улицата „25 Мај” и изградба на потпорни ѕидови.**

Асфалтирање на краци од ул. „25 Мај” во должина од 440м и површина од 3420 м2 која е во рамки на “Проектот за поврзување на локални патишта”.Освен ова на истата улица се изградени и неколку потпорни ѕидови со цел зголемена безбедност во сообраќајот и за граѓаните кои живеат во овој дел од градот.

Овие градежни активности за асфалтирање на улицата се инвестиција на општина Кавадарци во износ од 21.000.000 денари, а со цел подобрување на локалната патна инфраструктура.

- **Пробивање и реконструкција на ул. ,,Домовица" и неколку краци од истата**

Пробивање и реконструкција на улицата, на површина од 3000м2, поставување на фекална, атмосферска канализација како и водоводна мрежа, тампонирање и целосно асфалтирање. Пробивање на неколку краци и спој со улиците Смилица, Глигор Прличев, како и изградба на потпорни ѕидови, поплочување на тротоари за зголемена безбедност во сообраќајот во овој дел од градот.

- **Село Дреново доби Детска градинка.**

Се работеше на реконструкција и адаптација на објект во село Дреново, кој премина во детска градинка, и кој им служи на нашите најмали и најмили во селото, како за нас, како општина така и за жителите овој објект е од огромно значење.





- **Целосна реконструкција на улица ,,Ресавска"**

Целосна реконструкција на улица ,,Ресавска".
Оваа реконструкција опфаќаше градежни активности односно гребење на стариот асфалт, ново асфалтирање, изградени се нови тротоари и нов коловоз со површина од 1240 метри квадратни, а улицата доби и нов дрворед.
Финансиската конструкција на проектот е 3.740.000 денари.

- **Асфалтирање на Булевар ,,Видое Смилевски"**

Булеварот Видое Смилевски доби нов лик.
Оваа реконструкција опфати гребење на стариот асфалт на површина од 2000м 2, по што беше извршено порамнување и во последна фаза целосно асфалтирање на двете ленти од булеварот.

- **Продолжување на локален пат во село Бохула.**

Проект за продолжување на локален пат во село Бохула. Откако беше

извршено тампонирање, се поставија ивичњаци и се изврши целосно асфалтирање на патот во должина од 600 метри. Финансиската конструкција изнесува 6.000.000 денари од кои 2.000.000 денари се од Биро за регионален развој, а останатиот износ е од општина Кавадарци.

- **Реконструкција на кружен тек „Буре" на спојот на Западен Булевар со Булевар Моша Пијаде.**

Претходно се изврши комплетна промена на подземна инсталација и тампонски слој и целосно асфалтирање, по што се вршеше обележување на хоризонтална сообраќајна сигнализација.
Оваа комунална изградба е со финансиска вредност од 3,5 милиони денари.

- **Реконструкција на канализација и целосно асфалтирање на ул. „27 Март"во населба Глишиќ.**

Прва фаза беше одвојување на фекална од атмосферска канализација, како и водоводна мрежа долж целата улица како и довод на вода за спортскиот терен, од страна на ЈП Комуналец Кавадарци и општина Кавадарци. Во втора фаза следуваше поставување на нови решетки и целосно асфалтирање на оваа улица со што проблемот со водите на овие граѓани ќе биде решен. Финансиската конструкција на овој проект изнесува 6.000.000,00 денари.
По завршувањето на овој проект се вршеше и поплочување на крак од оваа улица на површина од 800м2.

- **Бетонирање на локален пат од Брана ХЕЦ Тиквеш до населба Голеш**

Се бетонираше локалниот пат од Брана ХЕЦ Тиквеш до населба Голеш, на површина од 2040 м2. Инвестиција на општина Кавадарци како дел од програмата за комунална изградба, за 2023 и 2024 година.

- **Изградба на затворен базен**

Изградба на затворен базен кој е на локација на поранешна ЛаЛуна. Базенот ќе биде со димензии од 25/9 и длабочина од 1.20 метри и истиот првенствено ќе се користи за децата од основните и средните општински училишта, но и рекреативно ќе можат да го користат и сите останати граѓани.

- **Изградба на фонтана во чест на Сашко Гешовски**



Изградена е фонтаната во спомен на Сашко Гешовски,првата жртва во бившата ЈНА, изградена на кружниот тек кој го доби неговото име. Проектот се состои од фонтана со висок



млаз вода и две полукружни фонтани кои се изработени од темен материјал кој ја обиколуваат централната фонтана, материјалите се модерни, лесни за одржување и долготрајни.
Инвестиција на општина Кавадарци, а финансиската конструкција е во висина од 2 700 000,00 денари.

- **Новопробиена улица „Лазо Асијата" од муслиманските гробишта до спој со ул. „Клинска"**





Новопробиена улица, со поставени водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на површина од 4800м2. Изградени се потпорни ѕидови и тротоари со цел стабилизација на истата, како и комплетно ново осветлување.
Инвестиција на Општина Кавадарци во износ од 22.000.000 денари.

- **Нова градинка во село Сопот**

Детска градинка во село Сопот. Објект кој беше реконструиран и адаптиран во детска градинка со капацитет од 20 дечиња - една група во други просторни услови.Инвестиција на општина Кавадарци во износ од 2.500.000 денари со партерно уредување додека целосното опремување на истата, е од Министерството за труд и социјална политика.

- **Изградба на локален пат Ресава-Косовец!**

Изграден и пуштен во функција е локалниот пат на површина од 1400м2, кој опфаќаше одводнување, тампонирање и асфалтирање. Капитален проект кој е инвестиција од Влада на Република Македонија, во висина од 12.000.000 денари.

- **Реконструкција на Градски базен Кавадарци**

Во истиот се предвидува, нивото да се намали со комплетно нови плочки, нов пумпен систем за вода и филтри. На дел од големиот базен ќе се постават и топогани, а другиот дел ќе си остане рекреативен. Во малиот детски базен ќе се постават детски реквизити за водните лудории за децата, а во партерот ќе има и детско игралиште на гумена подлога. Комплетно ново реновирање на тоалети, соблекувални, тушеви, партер околу целиот базен, соба за доктор, влезни партии, нови кровови на постоечките шанкови, лежалки и се што е

дополнително потребно за да Градскиот базен функционира како забавен воден парк, и за младите и за постарите.
Инвестиција во висина од 48.000.000 денари.

- **Изградба на таложници за канализирање на атмосферската вода**

Изградба на правоаголен атмосферски канал на ул. ,,Ќиро Арсов"во должина од 76 метри, и изградба на таложници на улиците ,,Диме Чекоров" и ,,Ристо Ѓондев" за канализирање на атмосферската вода. Овој проект е од програмата за комунална изградба за 2024 година со заеднички договор за сите улици. Инвестиција во висина од 11.000.000 денари.

- **Реконструкција на дел од ул. ,,Страшо Пинџур" која се категоризира како регионален пат**

Прва фаза гребење на улицата по што се изврши и асфалтирање со кое се заокружи комплетната реконструкција на оваа улица.
Инвеститор е Македонија пат со поддршка на Јавното претпријатие за државни патишта на Македонија.

- **Реконструкција на фасади на станбени згради**

Општина Кавадарци реализираше проект за обнова на фасадите на зградите во строгиот центар на градот. За оваа намена општината од буџетот одвои околу 9 милиони денари а ќе се реконструираат вкупно 25 фасади и тоа на улиците: ,,7 Септември" ,,Блажо Алексов" ,,Иво Андриќ" ,,Беласица" ,,28 Ноември" ,,Ѓуро Салај" и ,,Игман".
Со реализација на овој проект целосно се промени ликот на градското подрачје во Општина Кавадарци.

- **Западен Булевар (коњски дупки)**

Новопробиениот пат го спои Западен Булевар од Кавадаречки до Желков дол во должина од 600 метри, коловоз од 3,5 метри за секоја коловозна лента и 1,5 метар тротоар. Беше поставена водоводна, фекална и атмосферска канализација. Вкупната асфалтирана површина изнесува 4700 м2, поплочување од 1900 м2 и осветлување.





- **Реконструкција на ул. „Ристо Миов"**

Асфалтирана улица во два слоја на површина од 2600м2. Инвестиција од 6.000.000 денари, од кои половина се од Општина Кавадарци, а другата половина од Бирото за регионален развој. Претходно преку инвестиција на Општината имаше трасирање, поставување на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација, и комплетно осветлување.





- **Комплетно асфалтирање во село Возарци, како и поставување на нова фекална и атмосферска канализација долж цело село**

Комплетно асфалтирање во село Возарци, како и поставување на нова фекална и атмосферска канализација. Откако беше извршено поставување на атмосферска и фекална канализација во целото село, на главната и споредниците улици, беа поставени и сливници и решеткиистите потоа беа тампонирани и целосно асфалтирани. Проект кој е од исклучителна важност за жителите на селото. Инвестиција на Општина Кавадарци во висина од 20.000.000 денари.





- **Спортски сали во селата Сопот, Марена и Возарци**

Спортски сали кои ќе ги користат првенствено учениците во подрачните училишта, но и сите кои ќе сакаат да се рекреираат и спортуваат. Овие спортски сали се со корисна површина од по 400м2 кои ќе бидат во склоп на подрачните општински училишта.

Инвестицијата на трите спортски сали е на Општина Кавадарци во висина од 66.000.000 денари.

## РЕОН 1

1. Поради безбедноста на движењето на пешаците во сообраќајот и регулирање на непрописно паркирање поставени се околу 50 метални столбови на неколку пешачки патеки и тротоари.
2. Поплочување на крак со површина од 130 м2 на ул. Орце Николов.
3. Завршена е фекална и атмосферска канализација, како и водоводна линија во месноста Опитно поле, односно на ул."Ѓорѓи Соколов". Ова е целосна инвестиција на Општина Кавадарци, во висина од 2.400.000 денари.
4. Комплетно е асфалтиран булевар "Вељко Влаховиќ" со вкупна површина од 2710 м2 како и комплетно нова атмосферска подземна инфраструктура. Проектот е за порзување на локални патишта.
5. Поставување на нова атмосферска канализација на булевар "Моша Пијаде" со должина од приближно 250 метри како и комплетно асфалтирање на прокопот и враќање на тротоарите и зелените површини во првобитна состојба. Проектот е дел од КФВ банката и изведувач на работите е Жикол.
6. Подигање и уредување на нова зелена површина на булевар „Моша Пијаде".
7. Поставување на нова атмосферска канализација на булевар "Цветан Димов" со должина од приближно 120 метри како и комплетно ново поплочување на тротоарот со површина од околу 600м2 со нови сообраќајни столбчиња. Проектот е дел од КФВ банката.
8. Поплочување на паркинг за згради на ул."Цветан Димов", согласно договорот за поплочување на Урбаната заедница Љубаш. Истото се вршеше со бехатон плочки на површина од 550 м2.
9. Поставување на нова атмосферска канализација на булевар "Никола Минчев" со должина од приближно 160 метри како и комплетно асфалтирање на прокопот и враќање на тротоарите и зелените површини во првобитна состојба. Проектот е дел од КФВ банката.
10. Поплочување со павер елементи на пристапни патеки и тротоари околу зградите на булевар "Вељко Влаховиќ" кај Стелакс со вкупна површина од 730м2.
11. Партерно уредување на паркинзи околу зградите на ул."Вељко Влаховиќ" и булевар "Македонија". Ангажираната оператива за интервенции на јавното улично осветлување работеше на поставување на последната фаза од ново улично осветлување.
12. Поставување на урбаната опрема како клупи и корпи за отпадоци и неколку јавни тоалети на повеќе места низ целиот реон.
13. Поставување на неколку автобуски постојки како и нивно поплочување за потребите на ЈП Градски превоз на неколку локации низ целиот реон.
14. Одржување на постоечките зелени површини, подигање на нови насади, нивно доуредување околу зградите на булевар "Никола Минчев", булевар "Моша Пијаде", дворот на граничната полиција, на булевар "Вељко Влаховиќ" и

булеварот “Цветан Димов“ како и кастрење на дрва и одржување на хигиена во целиот реон.
15. Подигање на нова зелена површина околу зградите на булевар „Никола Минчев“ и булевар „Вељко Влаховиќ“. На повеќе локации во градот имаше садење на пролетно цвеќе, ниско стеблести растенија - грмушки.
16. Пробивање и асфалтирање на дел од Булевар ,,Вељко Влаховиќ” од Булевар Цветан Димов до Западен Булевар со должина од 180 метри и вкупна површина од 4900 м2. Вредност на проектот 6.000.000 денари.
17. Реконструкција на кружен тек „Буре„ на Булевар Моша Пијаде спој со Западен булевар. Проектот е со вкупна вредност од 3.500.000 денари.
18. Асфалтирање на крак од Западен булевар комплетно со нова атмосферска и фекална канализација на вкупна површина од 1400 м2
19. Партерно уредување на пристапни патеки околу станбените згради на булевар Македонија кај поранешно Стелакс со вкупна површина од околу 350 м 2.
20. Реконструкција на фекална и атмосферска канализациона мрежа од зградите на булевар Моша Пијаде. Изведувач на работите е ЈП Комуналец Кавадарци.
21. Ново улично осветлување со ниски кандалабри на Булеварите Никола Минчев, Вељко Влаховиќ и дел од Моша Пијаде. Канделабрите се донација од Кожувчанка и ЈП Комуналец а изведуввач на работите е одделението за Улично осветлување при општина Кавадарци.
22. Поставени нови фонтани за вода на неколку локации низ градот како и нова урбана опрема – корпи за отпадоци и клупи.
23. Нова Зелена површина околу зградите на булевар Цветан Димов.
24. Во претстојниот период ќе се поплочуваат пристапни патеки за зградите на булевар Цветан Димов.
25. Пробивање и асфалтирање на дел од булеар Вељко Влаховиќ од булевар Цветан Димов до Западен булевар со должина од 180 метри и вкупна површина од 4900 м2. Вредност на проектот е 6.000.000 денари.
26. Асфалтирање на нова влезна и излезна лента на Реигоналниот пат Р1107 Росоман-Кавадарци и оформување на крстосница со должина од 740 метри и површина од 1300м2.
27. Оформување на нов кружен тек на Западен Булевар и Регионалниот пат Р 1107 Росоман-Кавадарци. Вкупна вредност од 11 000 000 денари е финансирана од Влада на Република Македонија.
28. Партерно уредување на тротоари и пристапни патеки околу станбените згради на булевар „Цветан Димов„ со вкупна површина од приближно 950 м2.
29. Поплочување на тротоар на Моша Пијаде на потегот од кружен тек „Буре“ до ЈП Комуналец со вкупна површина од 380м2.












DRÄXLMAIER


HIDROMEK









## РЕОН 2

1. Комплетна реконструкција на водоводна, канализациона и атмосферска мрежа на ул."Мито Хаџи Василев Јасмин" и ул."Вишешница":

2. Партерно уредување со комплетна промена на инсталациона мрежа од надземни во подземни на ул."Мито Хаџи Василев Јасмин" и ул."Вишешница".

3. Комплетна промена на целиот дрворед и поставување на систем капка по капка како и комплетно преуредување на тротоарите од двете страни на улиците ул."Мито Хаџи Василев Јасмин" и ул."Вишешница".

4. Комплетна промена на атмосферската мрежа и комплетно асфалтирање и преуредување на тротоари од двете страни на улицата со враќање на правобитната состојба на булевар "Моше Пијаде".

5. Реконструкција на ул."Јадранска" и промена на фекална канализација од стара во нова со комплетно бетонирање на истата.

6. Чистење на дива депонија на ул.Косовска.

7. Поставување на урбана опрема, клупи и корпи и метални стубчиња на ул."Игман", ул."Бел Камен", булевар "Моше Пијаде", ул."Гоце Делчев" и спортска сала Јасмин.

8. Реконструкција на теренот на Спортски центар Јасмин која опфаќа поставување на комплетно нов систем за наводнување, дренажа , преработка на земјиштето со песок и хумус и целосна замена на тревата. Иста реконструкција се прави и на игралиштата во селата Марена, Ваташа, Дреново и населба Глишиќ.

9. Комплетна промена на уличното осветлување на новата населба Бел Камен.

10. Подигање на нови зелени површини на ул."Бел Камен" и на ул."Игман".

11. Асфалтирање на повеќе улици во населбата Бел Камен на површина од 3600 м2 и во должина од 650 метри, со поплочување на тротоари и комплетно осветлување на сите улици. Вкупната вредност е во износ од 10.000.000 денари. Покрај ова, исто така се вршеше и подигање на нови зелени површини како и хортикултурно уредување.

12. Поплочување на партер пред влезови од 300м2 на зграда на ул.„Илинденска" согласно договорот за поплочување со МЗ Љубаш.

13. Атмосферска канализација на Западен Булевар, втора од улиците на кои се вршеше реконструкција на атмосферската канализација, но и одвојување на фекалната од атмосферската. Ова е во склоп на проектот вреден 2,2 милиони евра, грант од германската КФВ Банка.

14. Асфалтирање на ул.„Индустриска" со нов слој асфалт бетон АВ 11 на површина од 3600 м2.

15. ДУП населба Бел Камен.

16. Поплочување на тротоари на ул. ,,Пелистерска".

17.Комплетна реконструкција на ул. „Индустриска” каде е сменета водоводната и канализационата мрежа по што истата е асфалтирана и со нови тротоари.
18.Поплочување на тротоар на ул. „Гоце Делчев”
19.Реконструција на кружен тек на раскрсница на Западен Булевар и „Моша” .
20. Целосна реконструкција на ул.„Индустриска” асфалтирање и реконструкција на тротоари.
21.На ул.„Бел Камен” реконструкција на тротоари.
22.На лица „8 Септември” асфалтирање и реконструкција на тротоари.
23. Спортска сала Јасмин асфалтирање.
24. Улица „Балканска” бетонирање.
25. Булевар Моша Пијаде реконструкција на тротоари.
26. Реконструкција и асфалтирање на ул. „Ѓорѓи Соколов” како и изградба на кружен тек.











## РЕОН 3

1. Асфалтирање на ул. “Зелен пазар” на површина од 1200 м2. Тоа значи дека за прв пат куќите кои се лоцирани на таа улица, добија пристап со нивните возила, а сообраќајницата е двосмерна поради влез и излез на паркингот на пазарот. Со оваа сообраќајница постои и кружно движење на сообраќај со ул. “Цано Поп-Ристов” ул. “Зелен пазар” и ул. “7-ми Септември” со што движењето во градот нема да биде отежнато како што беше досега.
2. Новата улица „Зелен пазар“ е комплетно осветлена со пет канделабри и пет рефлектори.
3. Поплочување на крак од ул. „Цано Поп-Ристов” откако претходно беше поставена фекална канализација и водоводна линија, од страна на ЈП Комуналец. Изведбата е согласно договорот за поплочување на месната заедница Кула.
4. Асфалтирањето на ул.„7-ми Септември” на која претходно беа комплетно реконструирани водоводната линија, атмосферската и фекалната канализација. Оваа реконструкција е во склоп на проектот од Германската КФБ банка во соработка со Општина Кавадарци и ЈП Комуналец.
5. Комплетна реконструкција со асфалтирање на булевар “Македонија“, на која претходно беше поставена атмосферска канализација и дел од фекална канализација со должина од 460 метри со коругирани цевки Ф-1200, како дел од втората делница од КФВ банка во соработка помеѓу Општина Кавадарци и ЈП Комуналец. Носител на проектот е ЈП Комуналец Кавадарци.
6. Поплочување со павер елементи на пристапни патеки и тротоари околу зградите на булевар “Македонија“ со вкупна површина од околу 700м2.
7. Реконструкција на фекална канализација ф=200 во должина од Л =60м на ул. “Лазо Мицев” од страна на ЈП Комуналец, Кавадарци.
8. Поплочување на два крака од ул. „Лазо Мицев” откако претходно беше поставена фекална канализација од страна на ЈП Комуналец. Изведбата е согласно договорот за поплочување на Месната заедница Кула.
9. Комплетно асфалтирана ул.“Максим Горки“ со должина од 250м2 и вкупна површина од 1250м2 со комплетно нова хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација. Проектот е за порзување на локални патишта.
10. Направен комплетно нов кружен тек на спојот на ул.“Блажо Алексов“, ул.“Ѓорѓи Соколов“ и булевар “Македонија“ со површина од 800 м2 со нова зелена површина, комплетна хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација.
11. Комплетна реконструкција на фекална канализација на крак од булевар “Македонија“ со должина од 70 метри со коругирани цефки Ф-315. Инвеситор и изведувач на работите е ЈП Комуналец.

12. Комплетно ново детско игралиште во склоп со пам-траката на Северен Булевар со нови детски реквизити и мека гумена подлога.
13. Поставување на урбаната опрема како клупи и корпи за отпадоци и неколку јавни тоалети на повеќе места низ целиот реон.
14. Поставување на неколку автобуски постојки како и нивно поплочување за потребите на ЈП Градски превоз на неколку локации низ целиот реон.
15. Поставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација, легнати полицајци и метални столбчиња со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот и на пешаците на повеќе локаци низ целата територија на Општина Кавадарци.
16. Одржување на постоечките зелени површини подигање на нови насади, нивно доуредување, кастрење на дрва и одржување на хигиена во целиот реон.
17. Санација и реконструкција на кровот на зградата на Домот на културата „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци. Проектот е дел од комуналната изградба за 2023 година.
18. Реконструкција на фасадите на станбените згради во Урбаните заедници Ќиро Крстев и Страшо Пинџур. Фарбани и санирани се оштетените делови на зградите на ул."Ленинова" и ул."Иво Андриќ" на зградата на ул. "7 Септември" бр. 64 и ул."Блажо Алексов".
19. Почнувајќи од село Ваташа започна снимањето на цела подземна водоводна, канализациона и атмосферска инсталација. Самиот проект беше изведен на територијата на целата општина со заеднички средства на Локалната самоправа и ЈП Комуналец Кавадарци.
20. Асфалтирање на улица „Ѓорѓи Соколов" и поплочуавње на тротоари на истата со вкупна површина од 3500 м2. Во рамките на „Проект за поврзување на локални патишта.
21. Асфалтирање на крак од улица „Охридска" со површина од 300м2.
22. Поплочување на тротоар на „Северен булевар" со вкупна површина од 460м2. Павер елементите се донација од фирмите и физичките лица кои гравитираат на тој потег.
23. Спомен фонтана во чест на Сашко Гешковски која е дел од кружниот тек на улица „Илинденска" со вкупна вредност од 2.700.000 денари.
24. Поплочување на тротоар на булевар „Кочо Рацин" со должина од 150 метри и површина од приближно 350 м2.
25. Партерно уредување пред зрадите на улица „Максим Горки" со вкупна површина од 200м2.
26. Проширување на пристапна улица и изградба на нов потпорен зид со

должина од 20 метри на крак од улица „Ѓорѓи Соколов". Изведувач на работите градежна група од ЈП Комуналец.

27. Изградба на потпорна конструкција и крак на улица „Ѓорѓи Соколов„ со должина од 110 метри и вкупа површина од 750 м2.

28. Изградба на кејот на минор и мајор коритото на реката Луда Мара на потегот од мостот на Видое Смилевски до Северен Булевар со вкупна должина од 600 метри.

29. Комплетна реконструкција на тротоари со дрвореди на ул. „Гоце Делчев".











## РЕОН 4

1. Асфалтирање и изградба на нови тротоари на ул.„Димката Ангелов Габерот", која е во рамки на "Проектот за поврзување на локални патишта" на површина од 3300 м2 и должина од 520метри, откако претходно се извади стариот асфалт и се изгради нов фекален колектор во должина од 560 метри со коругирани цевки Ф 800.
2. Асфалтирање на ул. "Домовица", на површина од 3.000м2, откако претходно беше пробиена. Беше поставена и фекална и атмосферска канализација, како и водоводна мрежа.
3. Асфалтирање на ул. „Вардарска" и ровот на дел од ул. „Шишка". На оваа улица претходно се постави атмосферска канализација. Овој проект е дел од грант доделен на општина Кавадарци од германската банка за развој КФВ.
4. Асфалтирање на ул."Личка" на површина од 500м2, откако претходно беше поставена атмосферска канализација со коругирани цевки Ф400 со должина од 230 метри. Инвеститор на проектот е ЈП Комуналец - Кавадарци .
5. Бетонирање на детско игралиште во населба Страшо Пинџур на површина од 470 м2. Врз бетонската подлога се постави гумена подлога, на која се поставија детски реквизити, а на останатиот дел кој се поплочи со павер елементи, на површина од 208 м2, се поставија елементи на урбана опрема, односно клупи за седење.
6. Поплочување на паркинг на ул. „Иво Андриќ" на местото на рушените лимени гаражи.
7. Изградба на потпорен ѕид на ул. "Диме Поцев".
8. Поплочување на крак од ул. "Дисанска" со површина од 400 метри квадратни.
9. Изградба на потпорен ѕид на ул. "Глигор Прличев".
10. Асфалтирање на ул. "Глигор Прличев" односно спојување на два крака на кои се поставија и рабници. Истата е со површина од 500 м2 и должина од 100 метри.
11. Асфалтирање на крак на ул."Доне Попов", од програмата за комунална изградба за 2023 година, откако претходно се постави
водоводна и канализациона мрежа.
12. Асфалтирање на пристапната улица, односно крак од ул."Дисанска", до паркингот во Вински Музеј - Градски парк, откако претходно беа поставени ивичњаци, како дел од програмата за комунална изградба 2023 година.
13. Реконструкција и асфалтирање на ул. "Дисанска" која е во рамките на Проектот за поврзување на локални патишта. Истата доби завршно асфалтирање во должина од 325м и проширување на коловозот во ширина од 8.5 метри.
14. Реконструцијата на Градскиот парк „Љупчо Шкартов". Извршено е поставување на системот за наводнување, посадени се различни видови на садници, цветни грмушки и цвеќиња, а во горниот дел на паркот изградено е одмаралиште со поглед кон самиот град.
15. Изградба на гимнастичко - моторички парк во склоп на Градскиот Парк Кавадарци, кој ја прошири понудата за слободни простори за забава и е наменет

буквално за сите! Инвестицијата е во вредност од 2.739.889 денари.
16. Изградба на ново детско игралиште во Градски парк дополнето со мини фудбалско игралиште. На истото беше поставена тартан гумена подлога.
17. Изградба на парк за миленици! За првпат Општина Кавадарци доби и парк за миленици на кој се поставени реквизити и содржини за милениците, како и соодветна урбана опрема. Со изградбата на овој парк, ќе им се излезе во пресрет на сопствениците на домашни миленици, создавајќи соодветни услови за нивна рекреација.
18. Се започна со изградба на регионалениот центар за згрижување на бездомни миленици, со локација во населба Глишиќ на површина од 5470 м2. Овој центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион се однесува на хуман третман на животните со директно влијание врз здравјето и безбедноста на луѓето.
19. Нашиот убав град доби памтрак патека!
На површина од 800м2 е изградена памтрак патеката, која е погодна за сите големини на велосипеди, скејтборди, ролшуи, скутери и на истата можат да се возат велосипедисти од секоја возраст и техничка подготвеност. Изведувач е Изолација ДОО Скопје. Кавадарци за сите!
20. Поплочување на пристапна улица до пам трак патеката на која што беше поставено комплетно улично осветлување и нова урбана опрема.
21. Изградба на ново детско игралиште до пам трак патеката во месноста Опитно поле. На истото беше поставена гумена подлога и реквизити.
22. Изградба на ново детско игралиште кое што се наоѓа во склоп на дворот на ЕМУЦ Киро Спанџов Брко.
23. Поставување на нова урбана опрема клупи и корпи на повеќе локации.
24. Чистење дива депонија на ул.“Васил Дубров“ исфлени околу 100$м^3$ градежен шут.
25. Чистење дива депонија на ул.“Дисанска“ исфрлени околу 60$м^3$ градежен шут.
26. Чистење на речното корито од наноси од земја и мил исфрлени околу 100$м^3$.

27. Рушење на објектот на поранешна Ла Луна и расчистување на парцелата каде што треба да се гради новиот затворен базен.
28. Изградба на нова пристапна патека на градски стадион од 120$м^2$.
29. По цели 35 години се рушеа неколку склонопадни објекти во некогашниот расадник на Тиквеш, со цел реализација на урбанистичкиот план и конечно граѓаните кои живеат на ул. “Домовица” да добијат пристап каков што заслужуваат. По рушењето следува изградба на две нови улици и поврзување на ул. “Смилица” со ул. “Домовица”.
30. Изградба на нов парк во склоп на СОЗШУ Ѓорче Петров на површина од 14000м 2 со вкупна вредност од 9.870.000 денари.

31. Изградба на минор коритото на реката Луда Мара до Општа болница Кавадарци каде што претходно беа рушени безправно изградени објекти, поставување на ново улично осветлување и урбана опрема. Финансиската конструкција на овој проект е 1.000.000 евра.
32. Асфалтирање на крак на ул. Дисанска, односно патот до спомен костурницата на површина од 2200м2.
33. Поплочување на нов тротоар на ул. Дисанска
34. Со механизација на ЈП Комуналец се изврши пробивање на пристапен пат на крак од ул. Дисанска со површина од 500м2 каде во прва фаза имаме пробивање и тампонирање на истиот.
35. Поплочување на пешачка патека на ул. Дисанска со вградување на постоечки бехатон коцки кои што беа претходно отстранети од тротоарите на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин и 7ми Септември.
36. Асфалтирање на улиците „Личка" и „Владимир Назор".
37. Асфалтирање на двете коловозни ленти на бул. Видое Смилевски на површина од 2000м2 каде што претходно беше извршено гребење и порамнување на стариот асфалт.
38. Изградба на Регионален стационар за згрижување на бездомни миленици.
39. Поплочување на пристапен пат до Регионален стационар за бездомни милениципна површина од 330 м2 откако претходно беше поставена водоводна линија и осветлување.
40. Изградба на потпорен ѕид на крак од ул. Домовица.
41. Поплочување на нов тротоар на ул. Домовица
42. Изградба на крак и потпорен ѕид на ул. 25ти Мај
43. Проширување со трета коловозна лента на ул. Шишка до бул. Видое Смилевски Бато.
44. Ново улично осветлување на ул. Шишка, ул. Рајко Жинзифов и дел од ул. 25ти Мај.
45. Поставување на нова урбана опрема и нови фонтани на повеќе локации.
46. Во склоп на Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици се подигна нова зелена површина од 500м2 и комплетно нов систем за наводнување
47. Подигање на нова зелена површина на ул. Дисанска односно на влезот на Градски парк каде на истата се постави нов систем за наводнување.
48. Реконструкција на водоводна линија и фекална и атмосферска канализација на ул."Диме Поцев", дијаметар на фекална канализација, DN 250, коругирана цевка, должина L=110 м, дијаметар на водоводна DN63, должина L=110м. комплет со индивидуални приклучоци
49. Изработка на нов водоводен чвор за регулирање на притисок на ул."Рајко Жинзифов".
50. Реконструкција на водоводна линија и фекална канализација на бул. „Видое

Смилевски" и дијаметар Ф200 и должина од L=60m , водоводна линија зо дијаметар DN1' комплет со индивидуални приклучоци
51. Реконструкција на водоводна линија и фекална и атмосферска канализација на ул."Доне Попов", дијаметар на фекална канализација DN 200, коругирана цевка, должина L=120 м, дијаметар на водоводна DN63, должина L=120м, комплет со индивидуални приклучоци.
52. Реконструкција на водоводна линија на ул. „Доне Попов" со дијаметар Ф63 и должина од L=120m комплет со индивидуални приклучоци.
53. Бетонирање на два краци на улица „Доне Попов" со вкупна површина од 600м2 откако претходно ЈП Комуналец изврши промена на канализациона линија.
54. Изградба на ново детско игралиштена ул. „Рајко Жинзифов" на површина од 100 м2 каде што се изврши поставување на гумена подлога и се поставени детски реквизити со вредност од 745.000 денари.
55. Изградба на нов парк во склоп на СОЗШУ „Ѓорче Петров" на површина од 14000 м2 , со вкупна вредност од 9.870.000 денари, каде што беше опфатена реконструкција на постоечките игралишта, изградба на пешачки патеки, хортикултурно уредување, поставување на детски реквизити и урбана опрема.
56. Ново улично осветлување на ул. „Шишка" од ул. „Рајко Жинзифов" до ул. „7ми Септември" се поставени 21 нов уличен 10 метарски столб со 21 светилка.
57. Ново улично осветлување на ул. „Рајко Жинзифов", поставени се 5 нови 8 метарски столбови и 5 нови 5 метарски столбови со 10 светилки.
58. На претходно реконструираниот тротоар на ул. „Шишка", Мој Општинар во соработка со ЈП Комуналец изврши посадување на нов дрворед 50 садници Јавор
59. ЈП Комуналец во соработка со Локалната самоуправа изврши реконструкција на азбестна цевка за водоснабдување со ново РЕ црево Ф100 на улица „Достоевска" каде што ќе следи асфалтирање на целата улица.
60. Комплетна реконструкција на вода, фекална и атмосферска канализација со комплетно асфалтирање во населба Страшо Пинџур.
61. Асфалтирање на ул. „Дисанска"до спомен Костурница.
62. Пристапен пат до Регионален стационар за бездомни миленици, со осветлување и водоводна линија.
63. Реконструкција на ул. „Видое Смилевски".



















## РЕОН 5

1. Партерно уредување на ул."Дешка Тошева", поплочување и проширување на тротоар од лева и десна страна .
2. Поплочување и проширување на тротоар од лева и десна страна на ул. „Дешка Тошева  на површина од 200м2.
3. Поплочување на тротоар на ул."Ресавска".
4. Обележување на паркинг простор на ул. „Ресавска" пред новата детска градинка Сонце.
5. Поставување метални столбчиња на ул."Ресавска", со цел безбедно и непречено движење на граѓаните.
6. Комплетно преуредување на тротоарот со бехатон коцки на ул." Вишешница".
7. Реконструкција и асфалтирање на ул. "9ти Мај", како договор од Програмата за комунална изградба за 2023 година.
8. Поплочување на патеки на новиот дел од градските гробишта со сопствени средства на ЈП Комуналец.
9. Поставување на нова урбана опрема на улиците „Илинденска", „Шишка", „Ресавска" и „Мито Хаџи Басилев Јасмин". Корпи и клупи се поставени и на сите детски игралишта, на парк Полана, на Паркот на револуцијата и на пешачката патека до излетничкото место 12 Ваташки деца. Поставени се вкупно 84 корпи и 127 клупи.
10. Реконструкција на водоводната линија, како и атмосферската и фекална канализација на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин.
11. Поставување на нови и замена на стари столбчиња на повеќе улици во централното градско подрачје.
12. Крпење на 2.300м2 ударни друпки на улиците и локалните патишта во Општина Кавадарци.
13. Реконструкција на фекална канализација во должина од 100м на ул. „Диме Атанасов. Со ова е решен долгогодишниот проблем со канализацијата на граѓаните кои живеат овде.

14. Реконструкција на ул.„Тиквешка" – замена на канализационата линија и бетонирање на улицата.
15. Изведба на атмосферска канализација на ул.„Климент Охридски"и бетонирање на истата.
16. Крпење на земјен дел покрај третата лента кај градските гробишта на површина од 330 м2.
17. Поставување на две нови клупи на тротоар на ул.Ресавска.
18. Комплетна реконструкција на тротоари со дрвореди на ул. „Вишешница".











## РЕОН 6

1. Реконструкција на ул.“Ило Костов“ по програмата за комунална изградба за 2022 која опфаќа гребење, промена на ивичњаци и целосно асфалтирање. Во претходните фази беа поставени нови ивичњаци и вадење на стариот асфалт.
2. Поставување на нова атмосферска канализација на ул.„Ќиро Спанџов“. Ќе се врши интервенција на должина од 500 метри со коругирани цевки Ф400 а потоа беше и целосно асфалтирана. Финансиската конструкција на овој проект е 2 милиони денари и е дел од Програмата за 2023 година.
3. Асфалтирана е ул.“Слога“ на површина од 1900м2, која е во рамки на “Проектот за поврзување на локални патишта”. Средства од Владата на Македонија преку заемот на Светска банка, во износ од 1.112.010 евра кој се реализира од страна на Министерството за транспорт и врски, а со цел подобрување на локалната патна инфраструктура.
4. Поплочување на дел од тротоарот на ул.„Браќа Џунови“.
5. Реконструкција на ул.“Браќа Џунови“ во должина од 572 метри и ширина од 9 метри.
6. Репарирање и обнова на детските реквизити во паркот на револуцијата со местење и на мека подлога од страна на Ас Машини.
7. ЈП „Комуналец“ изврши местење на ограда на пристапните патеки во паркот на револуцијата донирана од страна на општествено одговорна компанија „Кожувчанка“.
8. Реконструкција на фекална канализација на ул.„Борис Кидриќ“ во должина од 230 метри со коругирани цевки Ф315. Изведувач на работите е ЈП Комуналец Кавадарци.
9. Обновување на дрворедот на ул.„7ми Септември“ со садници од видот Шеќерен Јавор, каде во прва фаза се постави поединеччен систем за наводнување од страна на ЈП Комуналец Кавадарци.
10. Поставување на урбана опрема, метални столбчиња за поголема безбедност на пешаците на ул.„Први Мај“, ул.„Тошо В. Пепето“, ул.„Браќа Џунови“.
11. Поставување на урбана опрема, корпи за отпадоци на ул.„Тиквешко Востание“ и ул.„Страшо Пинџур“.
12. Поплочување на крак од 140 квадрати од ул. „Браќа Хаџи Тефови" откако претходно беше извршена експропријација и уривање на склонопаден објект за да се овозможи пристап до куќите на 5 семејства.
13. На 13 локации во градот се поставени 20 јавни тоалети во кои редовно ќе се одржува хигиената, но и на кои се истакнати едукативни пораки за

граѓаните, со цел заедно да придонесеме за јавната хигиена и чистота во градот. Поставени се 2 јавни тоале ти на Градскиот плоштад, 2 јавни тоалети на Спортскиот центар Јасмин, 2 на црквата „Света Петка" 2 јавни тоалети на Градски Парк „Љупчо Шкартов" 1 тоалет на ул. „Илинденска" стар кружен тек, 1 на ул. „7ми септември" 1 пред ул.„Киро Крстев", 1 на Парк полана, 1 на ул. „Димката Ангелов Габерот" и 1 јавен тоалет на ул. „Страшо Пинџур" во с.Ваташа.

14. Реконструирана фасадата на зградите на ул. "7ми Септември" бр.70 и 72.

15. По барање на граѓаните од месната заедница Браќа Џунови на улиците "8 Март" спој со ул. "Страшо Пинџур", ЈП Комуналец Кавадарци пристапи кон поставување на нови решетки за прифаќање на атмосферските води и нивно насочување во атмосфереската канализциона линија.

16. Разубавување на централното градско подрачје со поставување на саксии на повеќе локации во градското подрачје кои посадени во претстојниот период ќе озеленат и со тоа ќе придонесат за убавиот изглед на нашиот град.

17. Откако градежната група при ЈП Комуналец Кавадарци работеше на изводи за довод, одвод и постаменти, се поставија нови фонтани на повеќе локации во градот.

18. Од страна на општина Кавадарци и ЈП Комуналец се поставија 10 нови мрежести контејнери за картонска амбалажа односно отпад од пакување на следните локации: Ул.„Тиквешко востание" на две локации, ул. „Илинденска" на четири локации, Булевар „Моша Пијаде", ул.„Кочо Рацин", ул.„7 Септември" спој со ул.„1 Мај", ул.„7 Септември" пред Завод за вработување.

19. Чистење на речното корито на реката Луда Мара. Службите на ЈП Комуналец Кавадарци ги чистат наносите од дождовите кои го зафатија кавадаречкиот регион.

20. Санирањето на ударните дупки во централното градско подрачје.

21. Обележување на хоризонтална сообраќајна сигнализација.

22. Обнова на бојата на урбаната опрема во централното градско подрачје.

23. Комплетно поставување на нова канализациона линија во должина од 56 метри, за дуќани и објекти кои имаа повеќегодишен проблем.

24. Реконструкција на фекална канализација на ул. ,,Благој Крстиќ" во должина од Л-40м и дијаметар Ф160.

25. Реконструкција на фекална канализација на ул. ,,Миле Вчков" со должина Л-60м и дијаметар ДН-250мм.

26. Реконструкција на тротоари на Браќа Џунови.

27. Поплочување на крак на ул. ,,Миле Вчков".










ХАРТИЈА





## РЕОН 7

1. Изградба на потпорен ѕид на ул."Браќа Миладинови" со должина од 30 метри. Потпорниот ѕид се игради се со цел безбедност на пешациите и изградба на нов тротоар.

2. Проект за пробивање, поставување на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација , асфалтирање и комплетно ново осветлување на ул.„Лазо Асијата", од муслиманските гробишта до спој со ул.„Клинска" во должина од 900м и површина од 4800м2. Изградба на потпорни ѕидови, ивичњаци ,сообраќајни знаци, и заштитна еластична ограда во должина од 80 метри, со цел зголемена безбедност во сообраќајот.

Целосна инвестиција на Општина Кавадарци во износ од 22.000.000 ден како дел од програмата за комунална изградба за 2022 година .

3. Поставена е урбана опрема на повеќе локации . Согласно Договорот за поставување на урбана опрема, беа поставени 84 корпи за отпадоци на територијата на Општина Кавадарци. Финансиската вредност за сите е 420 000 денари.

4. Поплочување на тротоар на ул. "Крсте Мисирков" согласно Договорот за поплочување во урбаната заедница Киро Крстев.

5. Мој општинар во согласност со Градски музеј Кавадарци, направија реставрација на спомениците „Киро Крстев" и „Димче Мирчев".

6. Предадена за користење капелата на муслиманските гробишта во Кавадарци. Градоначалникот МиткоЈанчев заедно со поглаварот на ИВЗ Фетаху го ставија објектот во функција.

7. Поплочување на крак од ул. „16-ти Јуни" на површина од 350м2 од програма на комунална изградба за 2022 година, по претходна реконструкција на водовод и канализација од страна на ЈП Комуналец.

8. Асфалтирање на ул. „Ристо Миов" откако претходно имаше трасирање, поставување на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација и комплетно осветлување. Асфалтирањето беше во два слоја на површина од 2600м2.

9. Поплочување на едниот од двата крака на ул. Клинска, по што се поплочија останатите улици предвидени во овој договор.

10. Бетонирање на детско игралиште во населба Крсте Мисирков (кај завод за вработување) на површина од 160 м2, со гумена подлога на која поставија нови и репарирани детски реквизити.

11. Чистење на депонија во близина на локалитет Калница.

12. Поплочување на тротоар на ул. „Методија Џунов Џикот".

13. Пробивање и бетонирање на ул „Брушанска".

14. Подигање на нова зелена површина на ул. „7 Септември" во соработка со

ЈП Комуналец.

15. Поплочување на улици во село Фариш на површина од 630 м2.

16. Општина Кавадарци работеше на реконструкција на улично осветлување, спуштање на надземната мрежа подземно и доосветлување на улиците ,,Киро Крстев'' и ,,Калница''во должина од 1900м. Поставени се 37 столба од 10м и 30 столба од 5м, 30лед светилки од 20 W, 25 лед светилки од 50 W и 40 лед светилки од 94 W. Истото е дел од тендерот од 65 милиони денари!









## РЕОН 8

1. Асфалтирање на ул." 41ва Дивизија" откако претходно беше реконструирана водоводна линија и фекална канализација. Инвестицијата е на ЈП Комуналец и Општина Кавадарци.
2. Се изврши бетонирање на еден крак од ул. Кузман Јосифовски Питу. На истата локација претходно беше направен и потпорен ѕид за поголема безбедност.
3. Откако се реши проблемот со дивоизградена гаража, се пристапи кон поставување на фекална и атмосферска канализација а во завршна фаза и поплочување на крак од ул."Кузман Јосифовски Питу". Со ова се решава долгогодишниот проблем на неколку семејства, кои до сега при дождови и невреме се поплавуваа поради атмосферската вода.
4. Реконструкција на крак од улиците Пролетерска-Пиринска со партерно уредување, односно поставување урбана опрема како клупи и корпи, по програмата за комунална изградба за 2022 година. Претходно улицата беше со стари гранитни коцки, додека земјиштето во сопственост на државата, напуштено. Со ова граѓаните од овој дел на градот, добија свое катче за рекреација.
5. После 20 години конечно се проби ул.„Кузман Јосифовски Питу". Ова беше слепа улица, и на самата имаше помошен објект гаража, но со меѓусебна соработка помеѓу имателот на истата и Општината, се проби. Во последна фаза улицата беше и партерно уредена.
6. Асфалтирањето на ул. "Наца Пинџурова" со вкупна површина од 440 м2.
7. Асфалтирање на последниот дел од ул. "Пиринска" со што целата улица доби комплетно нов лик. Вкупната површина е 800 м2.
8. Поплочена е ул. „Пешо Самарџиев" (крак од ул. „Црноречка") откако претходно беше поставена фекална канализација од ЈП Комуналец.
9. Исчистена дива депонија на Кавадаречки дол.
10. На ул. „41 Дивизија" и дел од ул.„Црноречка" се реконструираа водоводната линија во должина од 173м и фекалната канализација во должина од 326 метри, по се поставија нови приклучоци и враќање на улицата во првобитна состојба со асфалтирање.Инвестиција наЈП Комуналец и Општина Кавадарци.
11. Реконструирана атмосферска канализација на ул. „Васил Главинов"
12. Реконструирање на атмосферска и фекална канализација на ул. Диме Туриманџов во соработка со ЈП Комуналец Кавадарци.
13. Ново осветлување на ул. „Ресавска"
14. Комплетно асфалтирање на ул. „Ресавска", со поплочување на тротоари и нови дрвореди.
15. Реконструкција на ул. „Драги Чемерски Гошо".
16. Асфалтирање на ул. „Мишо Митрев"

17. Комплетна реконструкција на четвртиот објект на ул. „Црноречка" која опфаќа реконструкција на водоводната линиа ПЕ црево Ф63 и комплетни приклучоци до броило.
18. Завршено е поплочување на пешачка патека на ул. „Диме Туриманџов" на површина од 450м2како дел од програмата за 2024година.
19. Ново осветлување на ул. „Ресавска" во рамките на проектот„Реконструкција и доградба на постоечка надземна мрежа за улично осветлување". Поставени се 11 столбови од 10м и 11 лед светилки од 94W во должина од 350м.









## РЕОН 9

1. Поплочување на паркинг простор околу зградата бр. 4 на ул."Беласица".
2. Поплочување на крак на ул."Јованче Велков".
3. Ул."Слога" гребење и асфалтирање,со површина од 1900м2, финансиран од Светска Банка.
4. Поставени 6 клупи, изведувач е Метал Апостолов
Ул."Ѓоре Брушански" покрај Желков дол 2
Ул."Страшо Пинџур" до банка за храна 1
Ул."16ти Јуни" детското игралиште 1
Ул."Браќа Џунови" кај поплоченото паркче 2
5. Поставени 32 стубчиња на ул."Браќа Џунови" кај поплоченото паркче.
6. Поставени 4 канделабри на ул."Трибор" од Улично осветлување, канделабрите се донација од компанијата Кожувчанка.
7. Чистење дива депонија на Желков дол од страна на ЈП Комуналец.
8. Тампонирање на крак на ул."Праведничка" и поплочување со бехатон коцки со површина од 300 м2.
9. Поплочување на тротоари на ул. „Праведничка".
10. Реконструкцијата на фасади на станбените згради, односно фарбање на истите и санација на оштетените делови и тоа на ул."Страшо Пинџур" бр.63 во Урбаната заедница Слога, а се реконструираа фасадите и на зградите на ул."Беласица" 1,3,5 и 7.
11. Асфалтирање на ул."Јованче Велков", согласно договорот за асфалтирање на повеќето улици. Истата е широка 5.5. метри, а долга 180 метри.
12. Асфалтирање на делови од ул."Февруарски поход" и ул."Јованче Велков", согласно договорот за асфалтирање на повеќето улици.
13. Поплочување на пешачка патека на ул."14ти Мај" спој со ул."Неретва", согласно договорот со урбаната заедница Слога.
14. Реконструкција на Западен булевар (коњски дупки). Новопробиениот пат го спои Западен булевар од Кавадаречки до Желков дол во должина од 600 метри, коловоз од 3,5 метри за секоја коловозна лента и 1,5 метар тротоар. Вкупната асфалтирана површина изнесува 4700 м2, поплочување од 1900 м2, осветлување и се поставија ивичњаци, се изработија шахти на коловозот од 3,5 метри за секоја коловозна лента .
Да потсетиме дека претходно беше поставена водоводна, фекална и атмосферска канализација,.
15. Поставено е ново улично осветлување на паркинг на зградите Силекс, патеката и паркингот на градските гробишта и ул.„Јованче Велков".
16. Обнова на стари скали кај местото викано „Бела Ема".
17. Обновување на детско паркче на улица „Браќа Џунови".

18. Чистење на крак од улица. „Браќа Џунови" со редење со коцки и поставување на нови клупи.
19. Поставување на нова фонтана на улица „16 Јуни"
20. Нов потпорен ѕид на улица „Витачево" со должина од 35м.
21. Нов потпорен ѕид на улица „Ќиро Митрев.
22. Асфалтирање на ул. „Јованче Велков"на површина од 600м2.
23. Поплочување на тротоар на ул.„Јованче Велков".
24. Поплочување на тротоар на ул.„11 Бригада" на површина од 350м2.
25. Поплочување на тротоар на ул.„Полошка".
26. Поплочување на тротоар на ул.„Праведничка".
27. Реконструкција на атмосферска и фекална канализација во должина од 160 м2 со коругирана цефка Ф315 на ул.„11 Бригада"- со ова се реши долгогодишниот проблем на жителите на кои при сите поголеми дождови им се поплавуваа куќите.
28. Реконструкција на ул.„Војвода Мишо Шкартов" – во оваа фаза се постави уште еден потпорен ѕид , имаше пробивање на улицата и асфалтирање на површина од 1260м2.
29. Ново улично осветлување на ул.„Јованче Велков", крак лево со поставување на два столба од 4м и две лед светилки од 40w.
30. Ново улично осветлување на ул.„Тасе Бошков" со поставување на 8 столба од 4м и 8 лед светилки од 40w.



















# РЕОН 10

1 Партерно уредување и прередување улични рабници во должина од 40м на ул."Илчо Димов" со површина од 150м2.
2 Асфалтирање на дел од ул. „Илчо Димов"
3 Комплетна реконструкција на канализациона мрежа и прередување на бекатон коцки со површина од 650м2 на крак на ул."Фуштани".
4 Пробивање и тампонирање на земјен пат кој ги поврзува ул."Данко Давков" и ул."12 Другари" со цел да се одстранат причините за поплавување на неколку куќи.
5 Бетонирање на ул."Даскал Камче".
6 Беа поставени метални столбчиња со цел безбедно и непречено движење на граѓаните на ул."Страшо Пинџур".
7 Чистење на депонија на ул."Пане Џунов" од страна на ЈП Комуналец.
8 Асфалтирање на ул."Моклишка". Се асфалтираше површина од 680 метри квадратни и должина од 120 метри.
9 Асфалтирање на ул."Моклишка" со површина од 660 м/2, која беше во склоп на договор за асфалтирање со други улици.
10 Поврзувањето на водоводната линија од средна и ниска зона, и изградба на петтата централа за производство на електрична енергија кај старите резервоари над селото Ваташа, инвестиција на ЈП Комуналец, која се очекува за краток период не само да ги врати вложените инвестиции, туку со самото производство на електрична енергија да ја подобри и состојбата на услугите кон граѓаните.
11 Поставено е ново улично осветлување на три улици низ градот и тоа ул.„Глигор Хаџи Јорданов",ул.„Ѓорѓи Рускоски" и дел од ул.„Петре Тодоров".
12 Асфалтирање на ул. „Ванчо Николевски" на површина од 2750 м2.
13. Комплетна реконструкција на канализациона и водоводна мрежа на ул. „Ристо Џондев".
14. Реконструкција на крак од ул. „12 Другари" каде се поставуваше нова фекална мрежа со Ф 250 и водоводна линија Ф -63 со должина од 160м. Изведувач на работата Ј.П.Комуналец
15. Изработка на атмосверска канализација Ф1000 во должина од 200м и поставуввање на атмосферски решетки и таложник. Изведувач на работата е ЈП.Комуналец.
16. Асфалтирање на ул Ристо Џондев со должина 700м.
17. .Изградба на 4 таложници во село Ваташа со вредност од 11милиони денари. Таложникот на ул. „Ристо Џондев"таложникот на ул. „Ќиро Арсов", таложникот на ул. „Диме Чекоров" и таложник на ул „Диме Чекоров" над мостот каде е опфанат долот.

18. Во тек е реализација од уште една фаза од проектот вреден 1 милион евра од Мин.за Животна средина и 300 000 евра од Општина Кавадарци. Имено во Моклиште се врши изградба на водоводна и канализациона мрежа во должина од 6,4км и резервоар со капацитет од 150м кубни.
19. Реконструкција и доградба на надземна мрежа за улично осветлување на патот кон Моклиште со нови столбови и нови светилки.
20. Нова канализациона и водоводна мрежа на крак од ул. „Фуштани", поплочување на истата и осветлување со нови канделабри и светилки.
21. Санација и прочистување на полските патишта.
22. Реконструкција со атмосферска канализација на ул. „Страшо Пинџур" од Карамбол до основото училиште.










ГЛИШИЌ

1. Реконструкција на фудбалското игралиште со комплетен подземен систем за наводнување.
2. Поставување на нова фекална и атмосверска канализација на ул.“25 Март“.
3. Пробивање на нова ул.“25 Мај“ со комплетна атмосферска канализација.
4. Поплочување на тротоар на ул. “Сава Ковачевиќ“.
5. Редовно одржување на полските патишта.
6. Поставување на нова урбана опрема на ул.“Шишка“ и ул.“27 Март“, клупи и корпи.
7. Поврзување на улиците „Младост” и „Ѓуро Ѓаковиќ”. Конечно граѓаните од овој дел добија улица која е паралелна на ул. “Шишка” и ќе можат да си ги извршуваат обврските без да треба да се приклучуваат на истата.
8. Завршено е и детското игралиште во населба Глишиќ. Овде беа поставени гумена подлога, нови дрвени детски играчки и се репарираа веќе постоечките. Со овој проект беше опфатено и кошаркарското игралиште на кое се монтираа нови дрвени табли со обрач и мрежа. Двете игралишта се оградени со метална ограда и фарбани со исполна од биговано и минимизирано плетиво. Изведувач е фирмата Метал Апостолов, а проектот е со финансиска вредност од 1.012.942,00 денари.
9. Поплочување на тротоари на ул.“Сава Ковачевиќ“ во населба Глишиќ, од регионалниот пат до црквата, во склоп на договорот кој опфаќа поплочување на повеќе улици.
10. Асфалтирање на ул.27ми Март во населба Глишиќ, каде што претходно се изврши одвојување на фекална од атмосферска канализација.
11. Поплочување на крак од улица 27ми Март во населба Глишиќ со површина од 800м2.
12. Поплочување со бехатон коцки околу црквата Свети Димитриј во населба Глишиќ.






МАРЕНА

1. Поставување на атмосферска канализација во село Марена. Во должина од 300м во склоп на првата делница, додека во втората делница се поставуваше

атмосферска канализација во должина од 500м, фекална канализација во должина од 500м и водоводна линија во должина од 330 метри. Со овие две делници ќе биде решен долгогодишниот проблем на граѓаните. Дел од проектот финансиран од КФВ банка, во соработка со Општина Кавадарци и ЈП Комуналец. .

2. Соблекувалните во селата Марена и Сопот. Соблекувална по сите стандарди, првпат во овие две села. Подобрување на условите на сите спортисти за тренинг и натпревари.Две простории, за домашни и гости, со санитарни чворови, кујна и просторија за делегати и судии. Вкупната вредност за реализација на проектот изнесува 3.400.000,00 денари.
3. Асфалтирање на површина од 1700м2, и поплочување на површина од 1500м2.
4. Во црквата во село Марена од страна на екипата на Мој општинар од Општина Кавадарци, во соработка со ЈП Комуналец и Кожувчанка, на површина од 200 м 2 се изврши чистење и тампонирање со дробен асфалт, по тоа ископ за водоводна линија од 170 метри и на крајот поплочување со бехатон плочки.
5. Чистење на локални улици во селото.
6. Крпење на ударни дупки и нов легнат полицаец во село Марена.
7. Поплочување на уште неколку улици со должина од 1500 м2 во село Марена.
8. Изградба на спортска сала во склоп на основното општинско училиште со корисна површина од 440 м2.
9. Во с. Марена изградена спортска сала на површина од 400м2 која ќе биде во склоп на подрачното општинско училиште ,,Страшо Пинџур".
10. По барање на жителите од с. Марена во соработка со инспекциските служби се изврши чистење на речното корито на Овчка река и неколку дивии депонии. Се работеше со механизациа од фирмата ЈА-МИ и ЈП Комуна
11. Поставување на еластична заштитна ограда во должина од 500м на пешачката патека Марена- Глишиќ со цел зголемена безбедност во собраќаот. Овој проект с во соработка со ЈПДП, односно оградата е обезбедена како донација од нив а општина Кавадарци ги монтира во соработка со ТППЕ и ЈПКомуналец.






СОПОТ

1. Соблекувалните во селата Марена и Сопот. Соблекувална по сите стандарди првпат во овие две села. Подобрување на условите на сите спортисти за тренинг и натпревари.Две простории, за домашни и гости, со санитарни чворови, кујна и просторија за делегати и судии. Вкупната вредност за реализација на проектот изнесува 3.400.000,00 денари.
2. Реконструкцијата на О.О.У „Димката Ангелов Габерот Кавадарци" подрачно училиште во село Сопот. Се извршија градежни активности кои опфатија целосно реновирање на училиштето, поставување на нов под во сите училници, нови врати, реконструкција на ѕидови, плафони и ходници. Комплетно е променета цела електрична инсталација и поставено е ново енергетско ефикасно осветлување, нови тоалети и тоалети за лица со посебни потреби. Направена е целосна реконструкција на подрумските простории на училиштето. Со ова учениците во село Сопот добија современо, енергетски ефикасно училиште во кое се остварува воспитно образовен процес согласно најсовремените стандарди. Претходно се направи и реконструкција на училишниот двор, а проектот за спортска сала со одобрението се готови и со новиот буџет ќе се започне со изградба на нова спортска сала во село Сопот, за сите ученици и спортисти.
3. Исчистени депонии во село Сопот.
4.Изградба на спортска сала во склоп на основното општинско училиште со корисна површина од 440м2 со финансиска вредност од 22.0000.000 денари.
5. Во с. Сопот се направи комплетно нова решетка за заштита од атмосферските води.






ВОЗАРЦИ

1. Поплочување на улицата покрај училиштето.
2. Поплочување на уличка со должина од 20м.
3. Поплочување на патеката наспроти бензинската и озеленување.
4. Поплочување на патека до гробиштата во Возарци.
5. Комплетна реконструкција на О.О.У „Страшо Пинџур" во с. Возарци.

Истата опфаќаше градежни зафати кои се однесуваа на изградба на комплетно нов кров, реконструкција на фасада и градежно занаетчиски работи во внатрешноста на училиштето кои опфаќаа санација на под, плафон и ѕидови. Наместени се и клупи, столчиња, табли, шкафчиња и се што ќе им биде потребно на учениците. Со ова значително ќе се подобрат условите за работа и одвивање на квалитетна настава. Самиот објект доби нов лик, а учениците добија современо училиште во кое од оваа учебна година ќе се остварува воспитно образовниот процес согласно најсовремените стандарди. Целосната инвестиција е околу 9.000.000,00 денари.

6. Санација на полските патишта во атарот на село Возарци. Како во изминатиот така и во претстојниот период Општина Кавадарци ќе продолжи со санирање на полските патишта во околните места -Променети прозорите во О.О.У „Страшо Пинџур".

7. Чистење на дива депонија во село Возарци.

8. Завршен е проектот „Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во село Возарци - Фекален колектор".

9. Поставување на атмосферска и фекална канализација во село Возарци, по што следуваше и комплетно асфалтирање на главната улица и споредните улици во селото.

Инвестиција на Општина Кавадарци во висина од 20.000.000 денари.

10. Комплетно бетониран е локалниот пат од Брана ХЕЦ Тиквеш до населба Голеш.На површина од 1040 м2. Инвестиција на општина Кавадарци како дел од програмата за комунална изградба.

11. Новоизградена спорска сала во с. Возарци со површина од 500м2 во објектот кој е во рамките на основното училиште каде што има соблекувална, тоалети и просторија за наставници.

12. Реконструкција на канализациона мрежа во с. Возарци со коругирани цевки 180метри и е целосна инвестиција на Ј.П.Коммуналец Кавадарци.

13. Поставени се сливници и решетки во с. Возарци откако претходно беше поставено атмосферска и фекална канализација.

14. Асфалтирана е главната улица и споредните улици во с. Возарци. Инвестиција на општина Кавадарци во висина од 20.000.000 денари.

15. Бетонирање на локалниот пат од брана Хец Тиквеш до населба Голеж на површина од 1040м2. Ова е инвестиција на општина Кавадарци како дел од програмата за комунална изградба.



ДРЕНОВО

1.Пренамена на објект - Младински Дом во с.Дреново со цел изградба на спортска сала со помошни простории. Поставен е камен темелник на повеќенаменскиот објект во село Дреново на површина од 530м2, од кои само за спорт, рекреација и културни манифестации се предвидени 360м2, додека останатиот дел ќе биде наменет за соблекувални, тоалети и една деловна просторија за потребите на Месната заедница Дреново. Инвестицијата во висина од 30 милиони денари е на Општина Кавадарци.
2. Реконструкција и адаптација на објект во село Дреново во детска градинка, изведувач е фирмата Арт Инженеринг. Претходно беше поставена заштитна ограда од буџетот на ЈОУДГ „Рада Поцева" по што следуваше и внатрешно опремување на градинката кое беше обезбедено од Министерството за труд и социјална политика. Околу детската градинка се изврши чистење и одводнување, дворот беше хортикултурно уреден и беше поставена урбана опрема – корпи,клупи и детски реквизити.
3. Реконструкција на фудбалското игралиште во село Дреново
4. Крпење на ударни дупки и прокопи на околу 300м2 во с.Дреново од страна на градежната фирма „Изолација".
5. По барање на М.З. се изврши и санирање на полски патишта во атарот на с.Дреново.
6. Мулчирање на локалниот пат.
7. Чистење на дива депонија пред влезот на селото.
8. Реконструкција на патот до село Дреново од клучката до селото во должина од 3 км и ширина од 5 метри. Средствата се обезбедени од ТАВ Програмата.
9. Променети прозорите во О.О.У „Страшо Пинџур".
10. По барање на месната заедница се изврши санација на полскиот пат во атарот на селото, со механизација донација од Општествено одговорната фирма Ја- Ми Кавадарци.
11.Откако се изврши порамнување на фудбалското игралиште во село Дреново, со мил и песок, се започна со ископ за поставување на нов водоводен систем и дренажа во должина од 800 метри.Поставена е и заштитна ограда на игралиштето.
12. На локалниот пат кон селото Дреново се поставување еластична заштитна ограда која ќе ја зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот.
13. Поставување на нови сообраќајни знаци до село Дреново.
14. Изградба на повеќенаменски објект во село Дреново на површина од 530м 2, од кои само за спорт, рекреација и културни манифестации се предвидени

360м2, додека останатиот дел ќе биде наменет за соблекувални, тоалети и една деловна просторија за потребите на Месната заедница Дреново. Инвестицијата во висина од 30 милиони денари е на Општина Кавадарци.






БЕГНИШТЕ

1. Тампонирање пробивање и прочистување на пат во атарот на село Бегниште кој ги поврзува локалниот пат и викенд населбата на Тиквешкото езеро со должина од 4000 метри.
2. По иницијатива на месната заедница Бегниште беше извршено тампонирање на патот, од селото до манастирот „Св. Атанасиј" каде беа донесени и приближно 100 м2 бехатон коцки за дворот на манастирот. Сето ова е овозможено благодарение на донациите од општествено одговорните компании во Кавадарци и тоа: Слога промет, Градба промет, Интер проект-дизајн и АС-машини. Жителите на бегниште изразија голема благодарност до ЈП Комуналец и градоначалникот Митко Јанчев од кои пак беше донирана механизацијата.
3. Бетонирање на детско игралиште во село Бегниште на површина од 100 м2 со специјална гумена подлога на која ќе бидат поставени нови детски реквизити и урбана опрема (клупи и корпи).
4. Изградба на колекторски систем за отпадни води во село Бегниште со попречен пресек од Ф- 400 и должина од 300 метри. Изведувач на работите е ЈП Комуналец.
5. Партерно уредување и поплочување на улици во село Бегниште со вкупна површина од 400 м2.





РЕСАВА

1. Поставување на метални столбови за монтирање на заштитна еластична ограда на локалниот пат Ресава-Бегниште донирана од Јавно претпријатие за државни патишта. Поставувањето се изврши во соработка со ТППЕ Кавадарци и ЈП Комуналец Кавадарци.
2. Поплочување на неколку пристапни улици со бехатон плочки во атарот на село Ресава со вкупна површина од околу 1300 м2.
3. Комплетна замена целата инсталација на трите прекидни комори на водоводната линија која ги снабдува селото Ресава и викенд населбата на Ресавски залив на тиквешкото езеро. Изведувач на работите е ЈП Комуналец кавадарци.
4. Порамнување и тампонирање на пат до „Ресавски залив" во склоп на Договорот запоплочување на улици во село Ресава.
5. Обележување на локалниот пат од с.Ресава до с. Бегниште во должина од 3,5 километри.
6. Реконструкција асфалтрање со оформување на одвод и пропусти за атмосферска вода на патен правец Ресава-Дабниште со должина од 3300 метри и вкупна површина од 13400 м2. Инвеститор на проектот Влада на Република Македонија. Вкупна вредност на проектот 25 200 000 денари.
7. Асфалтирање тампонирање и одводнување на локален пат кон викенд населба на Тиквешко езеро Ресава-Косовец со вкупна површина од 4800 м2. Инвеститор на проектот Влада на Република Македонија. Вкупна вредност на проектот 12 100 000 денари.
8. Реконструкција и нови краци на фекална канализација во село Ресава. Вредност на проектот 8.089.655 денари.
9. 6. Партерно уредување и поплочување на улици во село Ресава со вкупна површина од 620 м2.






ДАБНИШТЕ

1. Поплочување на неколку пристапни улици со бехатон плочки во атарот на село Дабниште со вкупна површина од околу 300 м2.

2. Реконструкција асфалтрање со оформување на одвод и пропусти за атмосферска вода на патен правец Ресава-Дабниште со должина од 3300 метри и вкупна површина од 13400 м2. Инвеститор на проектот Влада на Република Македонија. Вкупна вредност на проектот 25 200 000 денари.
3. Реконструкција и нови краци на фекална канализација во село Дабниште. Вредност на проектот 10.402.714 денари.
4. Партерно уредување и поплочување на улици во село Дабниште со вкупна површина од 700 м2.





БРУШАНИ

1. Поплочување на неколку пристапни улици со бехатон плочки во атарот на село Брушани со вкупна површина од околу 900 м2.
2. Бетонирање на дел од патот од браната ХЕЦ Тиквеш кон викенд населбата Голеш со вкупна површина од 900м2.
3. Поставен јавен тоалет во дворот на црквата Св. Недела во село Брушани.
4. Изградба на нова водоводна линија од Брушани кон Ресавскиот залив на тиквешкото езеро за со нови 150 до 200 приклучоци. Проектот е финансиран од ТАВ програмата а изведувач на работите е ЈП Комуналец.
5. Санација на локалните и полските патишта до земјоделските насади во атарот на селата Ресава, Бегниште, Брушани и Дабниште како дел од програмата комунална изградба на Општина Кавадарци за 2023 година. Изведувач на работите е ЈП Комуналец Кавадарци.
6. Реализирање на проектот за водоснабдување на село Брушани, Брушански Залив и целокупната викенд населба. Се реализираат околу 600 нови приклучоци на водоводниот систем Лукар. Проектот чини 700.000,00 евра, а ќе се реализира во три фази. После 20 години за прв пат општината реализира ваков поголем проект за водоснабдување надвор од градот.
7. Со донација од фирмата Ја-Ми, со еден скип и три камиони се вршеше тампонирање на патот од населбата Брушани до Голеш во должина од 500 метри, откако претходно со инвестиција од општината беше тампониран патот од хидроцентралата до Голеш. Два потега со кои се средија пристапните патишта до населбата Голеш.

8. Целосно е завршен патот од Браната ХЕЦ Тиквеш до населба Голеш и с.Шешково, кој е комплетно тампониран во должина од 8 километри.

Партерно уредување и поплочување на улици во село Брушани како и викенд населбата на Тиквешко езеро со вкупна површина од 3000 м2.

9. Ново улично осветлување на место викано „Модри Стени„ во населба Брушани како дел од тендерот за проширување на надземната улична мрежа во вкупна вредност од 900.000 денари

Реализирани проекти во останатите села во Општина Кавадарци

1. Се подобрува патната инфраструктура во руралните средини. Патот до с.Фариш во должина од околу 350 метри односно 1300 м2 е комплетно асфалтиран.

2. Бетонирање и поплочување на дел од улиците во село Фариш. Изведувач е фирмата ВЕ Група Скопје„ а инвестицијата чини 1.700.000,00 денари.

3. Тампонирање и нивелирање на патот кон село Куманичево, со што и се оформуваат земјени канавки и банкини.

4. Санирање на ударни дупки површина околу 400м2.

5. Поплочување на улици со површина од 675м2.

6. Поплочување на повеќе улици со површина од 800м2.

7.Промена на регулационен и главен вентил.

8. Прва фаза од реализацијата на Договорот за реконструкција на локалниот пат во село Бохула со должина од 450 метри.

9. Работа на темели за новата црква во село Гарниково и пробивање на пристапен пат до истата.

10.Саниран е патот од село Раец до село Ќесендре.

11.Средување на пристапот на патот до манастирот Свети Арахангел Михаил во село Крњево од страна на ЈП Комуналец.

12.Поставување на метлани столбови за монтирање на заштитна еластична ограда на локалниот пат за с.Страгово и с.Крњево со цел поголема безбедност,овој проект е во соработка со ЈПДП,изведувач на работите е фирмата Кедниг од Скопје и ЈП Комуналец во делот на кастрење и косење.

13.Поплочување на повеќе улици во с.Долна Бошава.

14.Изградба на потпорен ѕид во село Горна Бошава, кој ќе придонесе за поголема безбедност на возилата и ќе го заштити постоечкиот пат од одрони. Инвестицијата чини 700.000,00 денари.

15. Градежни активности за изведба на пропуст на реката Блашница кај с.

Клиново, со што би се овозможил пристап по копнен пат до село Клиново и месноста Блашница.
16.Тампонирање на патот до црквата во село Ќесендре како и проширување и оформување на паркинг места околу црква.
17.Порамнување на патот до Манастирот во село Шивец.
18. Поплочување на улици во Мајден на површина од 700м2
19.ЈП Комуналец изврши замена на водоводна линија во должина од 80м комплет со нови приклучоци каде што следеше и поплочување на истата улица. Монтажа на водомер на главна водоводна линија за мерење на с.Конопиште. Изработка на ПП хидрант во с.Конопиште.
20. Реконструкција на локалниот пат до с. Чемерско во должина од 830 метри каде што се извади комплет стариот асфалт, банкини и проширување на истиот, по што се изврши асфалтирање на површина од 4500м2. Поплочување на улици во село Чемерско на површина од 250м2
21. Поплочување на улици во село Бохула.
22. Преку програмата за локални и полски патишта се изврши пробивање на нов пат до црквата св. Миња во село Гарниково со површина од 2000м2
23. Од страна на ЈП Комуналец се изврши поставување на резервоари за вода за пиење комплет со нови инсталации со што е средено водоснабдувањето во село Куманичево.
24.Преку програмата за полски и локални патишта се изврши санација и прочистување на постоечки пат од с.Куманичево до викендиците на Тиквешко езеро со површина од 12000 м2
25.Реконструкција и надградба на хлораторските станици за селата Страгово, Конопиште и Бојанчиште. Со реконструкцијата е обновено и автоматизирано хлорирањето за селата, дополнително е монтирана и опрема за видео мониторинг на локациите.

26.Во соработка со општината изработка на метална заштитна ограда на локален пат – спрема село Страгово, спрема село Мрежичко, регионелен пат Кавадарци – Марена.

27. Патот до Клиново прва фаза.
28. Бохула фекална канализација.
29. Бетонирање на Голеш.

СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА
ОДДЕЛЕНИЕ ИЗНОС НА СМЕТ

Одделението за износ на смет на ЈП Комуналец е во голема мера виновно за епитетот Еко општина , што го добива Кавадарци веќе години station наназад. Службите макотрпно и вредно работат со една единствена цел, за чисто и убаво Кавадарци!

Одделението за износ на смет на ЈП Комуналец функцционира на највисоко ниво.

Со износот на смет како во подкожувието така и на сите викенд населби и на најоддалчените места во општината износот на смет е на европско ниво

150 нови пластични контејнери од 1,1 м3 поставени на територијата на општина кавадарци

600 нови канти поделени на домаќинствата во кавадарци

Селекциија на хартија и пластика како низ повеќе локации низ градот со поставување на мрежасти контејнери за селекција на хартија и пластика од 1 м3 така и низ неколку улици и маала низ градот

Редовно се врши собирање на кабаст отпад по повик како и чистење на дивите депонии

Депонијата доби вода и струја со што се овозможи 24 часовна чуварска служба,како и видео надзор за поголема безбедност и заштита од евентуални пожари

Во изминатите години:

- Поставени се нови контејнери, како и нови современи подземни контејнери во градското подрачје.
- Населбите околу Тиквешко Езеро, како и сите села од подкожувието се вклучени во услугата за износ на смет.
- Зголемен е бројот на чистење на контејнерите по реони со воведување на 2 нови автоѓубрарки од 5м3.
- Со услугата Износ на смет се опслужуваат 99,99 % од жителите на Општина Кавадарци и околните села.
- Донесена електрична енергија на депонија Мелци
- Воведена 24 часовна чуварска служба на депонија Мелци
- Поставени камери на депонија Мелци
-

Покрај редовните активности кои ги врши секојдневно одделението за износ на смет како што е собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од почетокот на 2024 година е започнато со

- Редовно чистење и дезинфекција на капаците на контејнерите и нивно миење ;
- Поставени 20 мрежасти контејнери за отпад од пакување ;
- Направена заштитна зона од проширување на пожар околу депонија со булдожер ;
- Чистење на диви депонии ;
- Видно обележување на контејнери со налепници за комунален отпад и хартија

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА МЕХАНИЗАЦИЈА И ВОЗИЛА

За да имате добра услуга мора да имате и добра механизација.
ЈП Комуналец Кавадарци има насјовремена и најмодерна механизација на територијата на Република Македонија.
Од 2022 година до денес за само три години се набавија 16 возила и уште две се во постапка за набавка
- Набавка на ново комбинирано моторно возило
- Набавка на две елктрични метларки
- Набавени се 4 нови возила од кои две комунални специјални возила за износ на смет од 6м3 и надградба на едно возило.
- 1 комбинирано патничко-теренско возило за потребите на Сектор Водовод
- 1 патничко возило за потребите на општи и заеднички служби.
- Од страна на Основен суд Кавадарци се доделени две теренски возила за потребите на ЈП Комуналец.
- 3 нови машини за чистење на улици – метларки
- 1 специјално мултифункционалновозилоза разнесување на сол и ризла за потребите на зимската служба, преден нож за снег и мулчер за  кастрење на високо и ниско зеленило.
- 1 специјално возило - цистерна за вода со капацитет од 8м3
- Од домаќинското работење и заштедата од КФВ проектот набавени се еден скип и еден мал ровокопач, како и мулчер за мулчирање на патиштата на територијата на Општина Кавадарци
- Набавка на приклучно возила-приколка за превоз на ровокопач
Во моментов е тендерирање од страна на Вардарски плански регион кој во соработка со Општина Кавадарци ќе се набават две авто ѓубрарки за потребите на ЈП Комуналец
Во браварската работилница интензивно се работи на поправка на контејнери од 1,1 м3, замена на оштетени тркала, поправка на контејнери од 5м3, поправки на надградби на возила, изработка на метални капаци за шахти. Интензивно се работи и на терен со еден задолжен бравар и еден помошник за поправка на урбаната опрема низ целиот град (клупи, детски игралишта, корпи за отпадоци итн.), поставување и поправка на метални столбчиња, како и поправка на собраќајни знаци. Исто така се работи и на поправка и изработка на сливни решетки. Во последната година беа превземени следните активности:

- Изработка на монтажна челична конструкција за хлораторски станици за Страгово и Бојанчиште, комплет со браварија за истата
- Изработка на капаци за шахти на разделни комори на водоводна линија за село Ресава, с.Конопиште и др., комплет со механизам за заклучување.
- Обнова на постоечката конструкцијата од лексан на градски Пазар на Кавадарци.
- Изработка на монтажна челична конструкција за нови резервоари за населба

Брушани ,затварање со панели,комплет со потребна браварија.

- Изработка на нова и корекција на стара браварија на прекидна комора кај Југокомерц.
- Изработка на сливни решетки на ул. Шишка бр. 2, ул.Охридска бр. 2, Шакалица.
- Во соработка со општината изработка на метална заштитна ограда на локален пат – спрема село Страгово, спрема село Мрежичко, регионелен пат Кавадарци – Марена.
- Мулчирање на локални патишта , Фариш, Раец , Марена,Сопот, Дреново и др во општина Кавадарци.

Во целиот период се реализира и Програмата за одржување на полски и локални патишта.

Во атарот на селата Бегниште, Ресава, Дреново, Раец и локален патот Страгово - Крњево на локалниот пат од страна на браварското оделение со помош на ТППЕ на критичните места е поставена заштитна еластична ограда.

Сектор зеленило

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНА ХИГИЕНА

Во одделението Јавна хигиена се работи по налог и Програма усвоена од Совет на Општина Кавадарци. Редовно се врши пометување на улиците во градското подрачје, и се предмет на одржување, почнувајќи од тротоарите на улиците од прва до четврта категорија.

За прв пат се започна со редовно машинско и рачно перење како и пометување на селата на територија на Општина Кавадарци.во голема мера ова одделение е виновно за епитетот Еко општина , што го добива Кавадарци веќе години наназад. Службите макотрпно и вредно работат со една единствена цел, за чисто и убаво Кавадарци!

Редовно се врши пометување на Кејот на реката Луда Мара, исто така и пешачката патека Ваташа-Моклиште. Редовно пометување на улиците од 1ва до 4-та категорија. Перењето се одвива редовно по програма, а се спроведува и вонредно гребење и перење поради обилни врнежи од дожд-поплави.

Со набавка на три нови метларки значително се подобри машинското метење. Метларките работат во две смени, прва и трета смена а некогаш и вонредно ,зависно од потребата за чистење на пооделни улици. За улиците од прва категорија функционира втора смена која редовно ги празни кантите од урбаната опрема и пометува каде има потреба.

Редовно по програма се спроведува перење и дезинфекција на јавни тоалети или поточно 15 кабини, и еднаш неделно се перат шест фонтани.

Редовно се врши метење со електрична метларка која опслужува на централното градско подрачје и електрична смукалка која опслужува централно подрачје и улици од втора категорија.

Одделениоето за Јавна хигиена секоја година одговора на обврските околу организација на следниве настани:

Тиквешки гроздобер, Мото собир на 12-те Ваташки деца, тиквешки полумаратон,

турнири во мал фудбал и други манифестации.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ХОРТИКУЛТУРА

Ова одделение редовно врши интензивно одржување на паркови, екстензивно одржување на зелени површини – вон градот и парк шуми, обнова и подигање на зелените површини, обнова и подигање на постоечките дрвореди, екстензивно и интензивно одржување на градско зеленило.

Со набавката на мултифункционалното возило со коешто се врши мулчирање на патиштата на територијата на општина кавадарци воведовме повисоки стандарди на оддржување не само на зелените површини во градот туку и оддржување на патиштата со што видно е зголемена и безбедноста во патниот сообраќај на цела општина кавадарци.

Се изврши комплет обнова на сите косачки и тримери како и останати средства за добро и квалитетно оддржување на зелените површини во кавдарци.

Во изминатите неколку години се подигнаа над 100 000 м2 зелени површини како и се обновија старите тревни површини со околу 50 000 м2

Во соработка со Земјоделско шумарскиот училишен центар се отвори цвеќара која има капацитет за производство од над 20 000 садници на цвеќиња,грмушки и друг посадочен матерјал.

• Тревни површини 150.000 м2
• Цветни површини 600 м2
• Патеки 13.041 м2

ВКУПНО: 163.641 м2

Покрај редовните активности беше извршено кастрење и сечење од корен на стари и гнили садници од дрворедите каде што имаше потреба. Кастрење и сечење на стебла по пријави. Извршено беше редовно уништување на коров – речно корито на река Луда Мара. Гребулање и собирање отпадоци на зелени површини. Редовно се спроведува екстензивно косење на зелените површини. Се извршување редовно окопување на декоративни грмушки, ружи и цветни површини, со тоа се изврши и прихрана на истите. Се изврши редовно чистење на патеките од снег. Редовно одржување на рабовите на пешачките патеки. Се изврши редовно окопување на дрвореди. Се изврши полевање на тревни и цветни површини.

Во 2024  година само во првото тромесечие  посадени се вкупно 207 дрва на Бул.Блажо Алексов, ул.Киро Крстев, згради Силекс, ул.Страшо Пинџур, згради Лепотици, ул.Народен Фронт, Бул.Цветан Димов, Бул.Моша Пијаде, ул.Пролетерска, ул.Ѓоре Брушански, ул.Црноречка, Бул.Шишка.

Посадени се вкупно 5050 бр. сезонско цвеќе на следниве локации : Бул.Моша Пијаде, Парк на Револуцијата, Бул.Никола Минчев, Бул.Блажо Алексов, градски плоштад.

Сектор Водовод и Сектор Канализација

-Одделение за водоводна градска и селска мрежа
-Одделение за физичка и хемиска исправност на водата
-Одделение за фекално и атмосферско одржавање
-Одделение за управување со останати инфраструктурни објекти

Основни активности на оваа единица  е зафаќање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење на град Кавадарци.
Од регионалниот водовод како корисник на услугите на овој сектор е градот Неготино а преку секундарна водоводна мрежа е градот Кавадарци со приградските населби како и селата: Гарниково, Бојанчиште, Куманичево, Д.Бошава, Конопиште, Крњево,Бегниште, Шивец, Возарци, Сопот, Марена, Страгово, Дреново и Трстеник.
Во изминатите три и пол години ЈП Комуналец изработи реконструкции на колекторски ситеми, канализации и водоводни линии
Се реконструираа вкупно
6800 м водоводна линија (над 90% ) од водоводот е заменет со нови пвц и полиетиленски и дуткилни цевки и речиси и да нема цементно азбестни цевки
8700 м фекална канализација
2300 м атмосферска канализација
Изведувач речиси на сите реконструкции е самото претпријатие со својата механизација,работниците и стручните лица.
ЈП Комуналец оваа година доби и Б лиценца за изведба од страна на Министерството за транспорт што е доказ за подготвеноста на самото претпријатие за изработка на големи проекти.
Се изработи колектор на улицата Димката Габероот, Колектор и канализација во село Бегниште, канализација во село Бохула,
Со изведбата на КФВ проектот покрај реконструкциите на водоводните линии,се изврши и одвојување на фекална од атмосферска канализација со што во најголемиот дел од градот се реши проблемот со излевањето на канализациите при сите поголеми врнежи од дожд.

Од 2022 година до денес се извршија над 1000 нови приклучоци за вода.Како во населба Брушани,ресавски залив,така и на сите осстанати места каде што имаше техничка можност за добивање на вода за потребите на граѓаните.
Се поставија нови 400 (паметни водомери) на далечисднко отчитување со сим картички во селата сопот и дабниште, а во тек е поставување на 2000 водомери со далечинско отчитување  на територијата на општина кавадарци.Повеќе од 20% од ввкупните водомери во ќе бидат на далечинско отчитување а во наредниот период сите водомери ќе бидат со отчитување од далечина

2022/2023

- Лукар изворите - река Жарница и Стара река, изработка на мостови со

бетонски крилни ѕидови и монтажна челична конструкција 2 броја.

- Изработка на сливни решетки на ул."Димче Мирчев", ул."М.Џ.Цикот", ул." Зелен пазар" и кај пекарата Жито Југ.
- Изработка на индивидуални приклучоци за населба Брушани. -Затворање на премин за возила и изработка на жардињера на Западен Булевар.
- Реконструкција на водоводна и фекална канализациона линија на ул. „41 Дивизија" и дел од ул. „Црноречка" Л 170 метри и фекалната канализација Л 310 метри.
- Реконструкција на фекална канализациона линија во село Раец Л 140 метри и дијаметар Ф315.
- Реконструкција на фекална канализациона линија ул. "Зелен пазар", со дијаметар Ф315 и Л 150метри.
- Реконструкција на фекална канализациона мрежа ул. "Вељко Влаховиќ", со дијаметар Ф315 и Л 140метри.
- Реконструкција на фекална канализациона линија ул."Фуштани", со дијаметар Ф250 и Л 206метри.
- Реконструкција на фекална канализациона линија во село Конопиште Л 48 метри и дијаметар Ф315.
- Реконструкција на фекална канализациона линија ул."Ѓорѓи Соколов" со дијаметар Ф315 и Л=210.
- Реконструкција на атмосферска канализациона линија село Сопот, со дијаметар Ф400 и Л24 метри, се комплет со изработка на сливна решетка.
- Реконструкција на фекална канализациона линија во Глишиќ , кај Мепос во должина од 10 метри и дијаметар Ф400.
- Реконструкција на фекален колектор ул. "Димката Анѓелот Габерот", со дијаметар ф800 и должина L=550m.
- Реконструкција на фекална канализациона линија ул. "25 Мај" , со дијаметар ф 150 и должина L=40m.

- Реконструкција на главна водоводна линија на ул."Ѓорѓи Соколов" во должина од L=20 и дијаметар Ф160 (дуктил).
- Реконструкција на фекална канализација во с. Бегниште , должина 20м , ДН 250
- Реконструкција на водоводна линија , фекална и атмосферска канализација на ул. Реконструкција на фекална канализација на ул. "Блажо Алексов", кај згради Белка , во должина L=20m' и дијаметар Ф315.
- Изработка на преливи на фекален колектор во речно корито на Луда Мара- кај кланица Серта и кај ул. "Видое Смилевски"
- Реконструкција наводоводна линија и фекална канализација на ул. "Елпида Карамански" , за потребите на Црвен Крст Кавадарци , во должина L=100m1 и дијаметар на канализација од Ф250.
- Нивелирање на шахти на ул."Илинденска" - пред АД Водостпанство, ул. Шишка - спој со ул. Северен булевар
- Реконструкција на водоводна шахта, комплет со нови фасонски елементи на с.

Марена . Рушење на постоечката постоечката шахта, замена на фасонските делови, повторна изработка на ѕидови на шахта и асфалтирање на прокопот.
- Реконструкција на фекална канализациона линија ул. "Ѓуро Ѓаковиќ" , со дијаметар ф315 и должина L=160m.
- Реконструкција на водоводна линија, дијаметар Ф63, должина 90м, на ул. "7 Ми Септември ".
- Лукар- извориште реконструкција и обнова на постоечките песочни филтри на Стара Река.
- Санирање и расчистување на пристапен пат до филтрите и до тиролски зафат Стара Река
- Реконструкција на фекална канализациона линија - ул."Ѓорѓи Соколов", со дијаметар ф315 и должина L=210m.
- Изработка на индивидуални приклучоци за населба Брушани и населба "кај Луле".
- Санација на жардињери во централното градско подрачје ул."Никола Минчев", бул "Македонија"и плоштад
- Приклучок за нови тоалети на стадион Тиквеш, ул. "Црноречка"
- Изработка на патека за трибини на Градски стадион Тиквеш - површина 120м2.
- Доводна линија за зеленило на градски стадион Тиквеш ДН 63
- Монтирање на воздушен вентил до шахта за водомер на доводна линија (Хидробошава), за нова Филтер станица - во двор на градски резервоари
- Изработка на автобуска постројка на ул."Шишка", пред индустрииско училиште.
- Изработка на индивидуални приклучок за фекална канализација и атмосферска канализација на ул. "Задругарска", ул."Илинденска" се комплет со подопологачки работи (бехатон коцки , асфалтирање, ископ, засипување и сл.)
- Реконструкција на фекална канализација на ул. "Брушанска" ,во должина L=150mќ и дијаметар Ф315.
- Реконструкција на атмосферска канализација на ул."27 Март" , населба Глишиќ, DN 315 , коругирана цевка, должина 400 м, реконструкција на фекална канализација, DN 315, коругирана цевка, должина 550 м.
- Реконструкција на фекална канализација на бул. "Македонија" , до ресторант "Кицо" во должина L=60m' и дијаметар Ф315.
- Изградба на шахта за водомер за водоводна линија за село Трстеник
- Изработка на приклучок - на канал за атмосферска канализација на ДЕПО- ЈП Паркинг , се комплет со таложник за големи атмосферски води.
- Реконструкција на фекална канализација на ул. "Борис Кидриќ" , во должина L=120m' и дијаметар Ф315.
- Реконструкција на водоводна линија и фекална канализација на ул. "Дешка Тошева" , во должина L=20m' и дијаметар на фекална канал. Ф250мм и водовод Ф63мм.
- Тековно чистење на решетки и сливници низ градот
- Изработка на автобуска постројка на ул. "Шишка", пред индустриско училиште.

2023/2024

- Реконструкција на водоводна линија и фекална канализација на ул. "Дисанска" ,во должина L=100m' и дијаметар на фекална канал. DN300мм и водовод DN63мм.
- Реконструкција на водоводна линија за потребите на Новиот Стационар на ул.”Смилица” во должина од L=400м и дијаметар DN63мм
- Дислокација на водоводна линија за потребите на ЕВН нас.Бел Камен, во должина од L=10м и дијаметар DN3/4”
- Дислокација на водоводна линија на ул.”Црноречка” во должина од L=30м и дијаметар DN110
- Реконструкција на фекална канализациона линија на ул.”Домовица(крак)” во должина од L=75м и дијаметар DN315
- Реконструкција на фекална канализациона линија на ул.”Ѓоре Брушански” во должина од L=40м и дијаметар DN315
- Реконструкција на фекална канализациона линија на ул.”Страшо Пинџур” во должина од L=45м и дијаметар DN315
- Реконструкција на водоводна, фекална и атмосферска канализација на ул."Западен булевар"(кај Феро), дијаметар на атмосферска DN 400 , коругирана цевка, должинаL=200 м, дијаметар на фекална канализација, DN 300, коругирана цевка, должина L=250 м, дијаметар на водоводна DN63, должина L=70м
- Изработка на дренажен канал околу објекти на извори Лукар во должина од L=50м , дијметар на цевка DN 150
- Изработка на решетки за атмосферска канализација во нас.Глишиќ бр.4
- Реконструкција на фекална канализација на ул.”Моша Пијаде” со дијаметар DN300 и должина L=40m
- Изработка на потпорен ѕид од страна на градежната група на ул.”Орце Николов”
- Поставување на водоводна линија по должина на патеката во Моклиште со дијаметар Ф63 и должина L=1200м
- Изработка на решетка за атмосферски води на ул.”8ми Март” бр.1
- Изработка на решетка за атмосферски води на ул.”Ило Костов” бр.1
- Бетонирање на парапет околу соблекувална на ФК Марена во с.Марена од страна на градежната група во должина од L=40m
- Реконструкција на фекална канализација на ул.”Зелен Пазар” кај ресторан Кино Бавча во должина од L=35m и дијаметар DN200
- Изработка на решетка за атмосферски води на Северен Булевар за потребите на ЈП Паркинзи
- Реконструкција на фекална канализација на ул.”Мирче Ацев” со дијаметар DN200 и должина L=20m
- Реконструкција на водоводна и фекална канализација во нас.”Бел Камен”, дијаметар на фекална DN250 и должина L=100,дијаметар на водоводна линија DN 63,должина L=120
- Реконструкција на фекална канализација на крак од улица” 27ми Март” во должина од L=40м и дијаметар DN200

- Изработка на приклучоци на водоводна линија во нас.Брушани бр.10
- Реконструкција на фекален колектор во с.Бегниште во должина од L=1100m и дијаметар DN300
- Реконструкција на фекална канализација во с.Возарци во должина од L=160м и дијаметар DN250
- Реконструкција на фекална канализација во с.Бохула во должина од L=550м и дијаметар DN250 и DN200
- Реконструкција на водоводна линија и фекална канализација на ул.” 25Мај”, дијаметар на фекална канализација, DN 250, коругирана цевка, должина L=120 м, дијаметар на водоводна DN63, должина L=90м.
- Реконструкција на водоводна, фекална и атмосферска канализација на ул."Северен булевар"( кај хотел Фени), дијаметар на атмосферска DN 400 , коругирана цевка, должинаL=110 м, дијаметар на фекална канализација, DN 300, коругирана цевка, должина L=110 м, дијаметар на водоводна DN100,150, должина L=120 м,комплет со приклучна шахта со воздушен вентил.
- Реконструкција – армирање и бетонирање набетонски скали кај ул.”Страшо Пинџур”
- Монтажа на воздушни вентили на линија за викенд населба Брушани , бр.3
- Реконструкција на фекална канализација за потребите на новиот парк кај средно шумарското училиште “ЃорчеПетров”дијаметар на фекална канализација, DN 160,200, коругирана цевка, должина L=80 м.
- Изработка на приклучоци на водоводна линија на Витачево (МВ Топовите) бр.12
- Реконструкција на водоводна линија на ул.”М.Х.Јасмин(крак)” во должина од L=30m и дијаметар Ф25
- Поставување на водоводна линија на ул.“11 Октомври” дијаметар 1'' и должина L=50м
- Приклучок на водоводна линија на фудбалско игралиште во с.Дреново со дијаметар Ф63 и должина L=700м
- Реконструкција на водоводна линија ул.”Пионерска”-кај ОУ “Тоде Хаџи Тефов “,дијаметар DN 2”,должина L= 50m
- Монтажа на водомер на главна водоводна линија за нас.Брушани
- Тековно чистење на решетки и сливници низ градот
- Тековно асфалтирање на прокопи од дефекти и приклучоци.
- Изработка на за автобуска станица(постројка) на ул.”Западен булевар”-кај капелата.
- Изработка на нова водоводна шахта на ул.”Рајко Жинзифов”, за монтажа на нов регулационен вентил за стабилизирање на притисокот во висока зона – ул.”Смилица”.
-

2024/2025

- Реконструкција на водоводна линија на ул. ” Видое Смилевски” во должина од

L=100м и дијаметар Φ63 и изработка на изводи за наводнување на парк кај средно шумарското училиште "ЃорчеПетров"

- Реконструкција на водоводна линија и фекална и атмосферска канализација на ул." 29 Ноември", дијаметар на фекална канализација, DN 315, дијаметар на атмосферска канализација, DN 315, коругирана цевка, должина L=200 м, дијаметар на водоводна DN63, должина L=90м.
- Реконструкција на фекална и атмосферска канализација во населба Бел Камен во должина од L=30м и дијаметар DN160
- Реконструкција на главна водоводна линија во с.Сопот кај фудбалско игралиште во должина од L=80м и дијаметар Φ63
- Реконструкција на фекална канализација во Ваташа (12другари) во должина од L=50м и дијаметар Φ200
- Реконструкција на фекална канализација на ул."Благој Крстиќ"во должина од L=40м и дијаметар Φ160
- Изработка на решетка за собирање на атмосферски води на ул."Диме Туриманџов"
- Реконструкција на фекална канализација на ул."Ристо Џондев" во должина од L=60м и дијаметар Φ250.
- Реконструкција на атмосферска канализација на ул." Видое Смилевски"во должина од L=50м и дијаметар Φ200
- Реконструкција на фекална канализација на ул."Шишка "(кај интернатот) во должина од L=12м и дијаметар Φ315
- Реконструкција на сливна решетка за собирање на атмосферски води на ул."Шакалица" бр.2
- Изработка на изводи за фекална канализација на ул."Домовица" бр.2

2025

- Реконструкција на водоводна линија на ул."Ѓуро Салај" во должина од L=40m и дијаметар Φ63 комплет со приклучоци.
- Изработка на ПП хидрант во с.Конопиште бр.1
- Монтажа на водомер на главна водоводна линија за мерење на с.Конопиште.
- Реконструкција на водоводна линија и фекална и атмосферска канализација на ул."Диме Поцев", дијаметар на фекална канализација, DN 250, коругирана цевка, должина L=110 м, дијаметар на водоводна DN63, должина L=110м.комплет со индивидуални приклучоци
- Изработка на индивидуални приклучоци на водоводна линија во нас.Брушани бр.5
- Изработка на нов водоводен чвор за регулирање на притисок на ул."Рајко Жинзифов".
- Реконструкција на водоводна линија и фекална канализација на бул.Видое Смилевски и дијаметар Φ200 и должина од L=60m , водоводна линија зо дијаметар DN1' комплет со индивидуални приклучоци
- Реконструкција на водоводна линија на ул."Црноречка" (крак) со дијаметар DN

63 и должина од L=60м комплет со индивидуални приклучоци

- Изработка на индивидуален приклучок на водоводна линија на ул.”Егејска” со дијаметар DN 3/4” во должина од L=40m
- Реконструкција на водоводна линија и фекална и атмосферска канализација на ул.”Доне Попов”, дијаметар на фекална канализација DN 200, коругирана цевка, должина L=120 м, дијаметар на водоводна DN63, должина L=120м,комплет со индивидуални приклучоци.
- Реконструкција на водоводна линија на ул.Доне Попов со дијаметар Ф63 и должина од L=120m комплет со индивидуални приклучоци
- Изработка на нов ПП хидрант на ул.Климент Охридски бр.1
- Реконструкција на водоводна линија DN1’ и должина од L=70м во с.Конопиште комплет со индивидуални приклучоци
- Изработка на нов ПП хидрант на ул.Зелен пазар за потребите на Домот на културата бр.1, Интернат , Стадион Тиквеш
- Реконструкција на фекална канализација во с.Сопот, за потребите на детската градинка со дијаметар Ф200 и должина L=40м
- Санирање на дефект на фекална канализација на ул.7ми Септември (кај Минекс) во должина од L=6m и дијаметар Ф160
- Изработка на индивидуален приклучок на фекална канализација на ул.Западен Булевар (кај Феро)
- Реконструкција на фекална канализација на ул.Тиквешка со дијаметар Ф200 и должина L=40m комплет со индивидуални приклучоци
- Изработка на нова сливна решетка во с.Сопот бр.1
- Изработка на индивидуален приклучок на водоводна линија и фекална канализација на ул.Егејска со дијаметар Ф160 и должина L=40m
- Реконструкција на фекална канализација на ул.”Доне Попов”со дијаметар DN 200 во должина од L=120m комплет со индивидуални приклучоци
- Реконструкција на сливна решетка на ул. Охридска бр.2, Киро Крстев бр.1
- Реконструкција на водоводна линија во индустриска зона - ул. Шишка(позади дирекција на Македонски шуми) во должина L=100м, DN63mm
- Реконструкција на фекална канализациона линија , улица 7 Ми Септември во близина на градски Музеј на Кавадарци, дијаметар DN 160 .
- За водоснабдување на с.Куманичево - изработка на бетонска платформа за поставување и припремни работи за наредна фаза- поставување на резервоар за водоснабдување со капацитет од 5м3
- Решавање на проблемот со недостаток на вода за населба Брушани. Изработка на сува комора за пумпи за водоснабдување на населба Брушани и депонија Мелци, бетонска платформа за два резервоари од по 10м3, монтажа на фасонски елементи до и околу резервоарите, потопни пумпи - комплет со електроника за истите, како и изработка на челична конструкција за заштита на резервоарите од надворешни влијанија.
- Реконструкција на фекална канализација на ул. Миле В’чков, должина L=60m,

дијаметар DN250mm

- Реконструкција на водоводна линија и фекална канализација на ул. 12 Другари, должина L=140m, дијаметар DN1’
- Реконструкција на водоводна линија на ул. Цветан Димов, должина L=40m, дијаметар DN1’
- Реконструкција на водоводна линија на ул. Достоевска, должина L=120m, дијаметар DN1’
- Реконструкција на фекална и атмосферска канализација на Нова улица - Желков дол , дијаметар на фекална канализација – DN 315мм, дијаметар на атмосферска канализација – DN 400мм, должина L= 40m.
- Реконструкција на фекална канализација во с. Марена–дијаметар на цевка DN 200/160, L= 250m.
- Лукар- извориште тековна реконструкција и обнова на постоечките песочни филтри на Стара Река.
- Санирање и расчистување на пристапен пат до филтрите и до тиролски зафат Стара Река
- Реконструкција и надградба на хлораторските станици за селата Страгово Конопиште и Бојанчиште. Со реконструкцијата е обновено и автоматизирано хлорирањето за селата, дополнително е монтирана и опрема за видео мониторинг на локациите.







МЕТАЛ
АПОСТОЛОВ








ЗОНА А6
ZONE A6
P
144 300
HOUSE
КОМУНАЛЕЦ

ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци е еден од примерите за современо, одговорно и граѓански ориентирно јавно претпријатие. Во овој период претпријатието успешно ја реализира својата програма за работење и со тоа и постигна очекувани резултати во сите области од своето работење. Тоа допринесе да ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци ја заврши деловната 2024 година со позитивен финасиски резултат- Добивка, а искажува и позитивни финансиски резултати со кварталните извештаи.

*ОСНОВНА ДЕЈНОСТ

Од Основната дејност на претпријатието за овој период склучени се договори со корисниците на услуги и издадени се повеќе типови на паркинг услуги :

- 174 договори за Паркинг карти - Зона АБЦ со важност од 12 месеци
- 1032 договори за Повластени годишни и месечни станарски паркинг карти
- 1101 договори за Месечни паркинг карти за вработени лица
- 476 договори со жители на населено место надвор од град Кавадарци
- 218 договори со корисници на месечни паркинг карти за зона А, зона Б или зона Ц.

Во овој момент Јавното претпријатие стопанисува и работи со вкупно 1.718 паркинг места, од кои 376 во зона А, 774 во зона Б и 568 во зона Ц , преку кои го врши јавниот сервис за паркирање на резидентни и нерезидентни возила со редовна и навремена контрола на терен.

Во делот на паркирања со СМС пораки имаме реализација дневно од над 2000 СМС паркинг сесии по час.

За овој период санкционирани се вкупно 2.745 возила поради не почитување на обврската за плаќање паркинг сесија. Од страна на Одделението за Пајак служба извршени се 384 интервенциии за отстранување на непрописно паркирани возила, односно возила кои го попречувале нормалното движење во сообраќајот.

Јавното претпријатие стопанисува и со паркинг простор – Депо наменет за поставување на лимени гаражи за потребите на граѓаните на Општина Кавадарци за сместување на земјоделските машини и друга приклучна механизација, и за таа намена ЈП Паркинг има склучено околу 200 договори за издавање на простор во Депо, а тоа во голема мера придонесува за решавање на проблемот со озурпација на зелените површини помеѓу колективните стамбени згради.

*ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ

Од дополнителната дејност што ја извршува Јавното претпријатие - Обележување на хоризонталната сигнализација, во овој период извршение се следните активности.

- обележување на 15.422 м2 пешачки премини, шрафирани површини, разделни острови и 293м2 пешачки премини изработени со двокомпонентен пластификатор
- обележана е вкупно 55.952 м полна и испрекината линија во градското и приградското подрачје на Општина Кавадарци
- обележани се 465 бр. Х-знаци за предупредување и забрането паркирање, насочни стрелки и триаголници
- обележани се 33 ознаки БУС за автобуски стојалишта и
- 1172 паркинг места.

Во делот на делегираната надлежност за Одржување на уличното осветлување, од страна на оперативната служба на целата територија на Општина Кавадарци извршени се следните интервенции, и тоа: промена на 2123 светилки или светлечки тела како и 1432 други интервенции, кои се по налог на секторот за улично осветлување на Општината за санирање и отстранување на сите дефекти на уличната мрежа во општината.

ХУМАНИТАРНИ И ЕКОЛОШКИ АКТИВНОСТИ

ЈП Паркинг во 2025 година донесе одлука за Донација од 107.631 денари, приход остварен во 2024 година преку Хуманитарни паркинг места и истата ја намени за ЈЗУ Општа Болница Кавадарци за купување на два медицински апарати , секако во координација и подршка од Градоначалникот на Општина Кавадарци д-р Митко Јанчев, како и согласност од советот на Општина Кавадарци .

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И НОВИ УСЛУГИ

ЈП Паркинг Кавадарци ја воведе апликација „м-ПАРКИНГ" во 2024 година и истата им овозможи на граѓаните по лесен пристап до услугата СМС паркирање преку ГПС-зона, каде во моментот на пуштање на порака ја лоцира точната зона на кој се наоѓа возилото. Во 2025 година ЈП Паркинг Кавадарци воведе и нова апликација „м-Банкинг" која пак им овозможува нов пристап на корисниците до паркинг услугите , преку која ќе можат да извршат плаќање преку трансакција од лична жиро сметка на жиро сметка на јавното претпријатие т.н. "е-новчаник" и со тоа ќе го регулираат нивното паркирање.

Исто така јавното претпријатие работи на изноѓање и воведување на софтверско решение за дигитализација, односно за оленување на комуникацијата помеѓу службата и граѓаните - корисниците на паркинг услуги, со што ќе се овозможи електронско поднесување на барање од страна на

корисникот за услугата како и сите останати потребни документи за склучување договор и користење на паркинг услугите.


















ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ

Јавното претпријатие Градски превоз Кавадарци со официјална работа во својата дејност започна во месец јануари 2023 година со почетен капитал од 6 милиони денари. Основната дејност на ова претпријатие е градски и приградски превоз на патници, дополнително врши превоз на ученици на кои им следува превоз во сите средни и основни училишта и превоз на лица од ранливи категории и пензионери.

Во рамките на градскиот превоз воспоставена е една градска линија со 20 сообраќања во текот на денот вклучувајќи ги и сабота и недела: Ваташа – Кавадарци – Сопот.

Во рамките на приградскиот превоз на патници има воспоставено 7 линии и тоа:

1. Кавадарци – Сирково – Росоман - Кавадарци
2. Кавадарци – Манастирец – Трстеник – Кавадарци
3. Кавадарци – Ресава – Бегниште – Кавадарци
4. Кавадарци – Шивец – Дреново – Возарци – Кавадарци
5. Кавадарци – Раец – Кавадарци
6. Кавадарци – Страгово – Крњево – Чемерско – Бохула – Долна Бошава – Горна Бошава – Кавадарци

Во април 2025 е пуштена во употреба и седмата линија Кавадарци – Неготино – Кавадарци за која се очекува дополнително да ги зголеми приходите на претпријатието. Ова јавно претпријатие располага со возен парк од вкупно 15 возила и еден туристички воз. Во 2023 година се набавени 5 нови автобуси и едно комбе за 7 патници со вкупна вредност од 52.800.000 денари. Едно комбе со капацитет од 19 седишта и еден автобус со капацитет од 50 седишта се обезбедени од донации со вкупна вредност на возилата од 4,5 милиони денари и другите возила се предадени од општината на трајно користење, еден автобус со капацитет од 33 патници, комбе со капацитет од 17 патници и две комбиња со капацитет од 8 патници. Во 2024 се набавени автобус со 50 седишта и комбе со капацитет од 19 патници со вкупен износ од 5.300.000 денари

Автобусите се опремени со најсовремен систем за електронска евиденција и наплата.

Воведени се електронски картички за наплата во самите возила, но исто така е овозможено и купување на единечен билет со платежна картичка во самиот автобус. Во 2023 година е воведена и мобилна апликација за следење на возни редови и сите информации поврзани со Градски превоз.

Од летната сезона 2023 прв пат во нашиот град започна атракцијата за најмладите односно почна со работа туристичкиот воз Гроздоберко кој сообраќа на градскиот плоштад секој ден од 19:00ч до 21:00ч.
Учениците кои остваруваат право на бесплатен превоз добиваат електронски картички за идентификација и евиденција при користење на услугата. Секоја картичка содржи име и презиме на ученикот.
Сите возила се опремени со систем за видео надзор со цел зголемување на безбедноста на патниците и овозможување на внатрешна контрола. Дополнително, во возилата е достапна бесплатна WI-FI интернет конекција за користење од страна на патниците за време на патувањето.

ЈП Градски превоз на патници води посебна грижа за лицата од ранливи категории со тоа што бесплатно им ги нуди своите услуги согласно нивните потреби. Исто така се грижи и за пензионерите со тоа што им овозможува бесплатен градски и приградски превоз секој вторник, четврток, сабота и недела .
Како дел од активностите за промоција на одржлива урбана мобилност, ЈП Градски превоз започна со иницијатива за бесплатно изнајмување велосипеди на две локации во градот и тоа на Градскиот плоштад и на пешачко рекреативната патека во месноста Моклиште што исто така придонесува кон зголемување на бројот на корисници.
Претпријатието останува посветено на постојано унапредување на јавниот превоз, стремејќи се да создаде современ, ефикасен и удобен транспортен систем што одговара на потребите на сите граѓани. Во фокусот се ставени безбедноста, пристапноста и задоволството на патниците, при што се вложуваат напори за воведување нови технологии, подобрување на возниот парк и проширување на достапноста на услугите.
Со вакви активности, претпријатието не само што обезбедува сигурен и организиран превоз, туку активно придонесува кон намалување на загадувањето, намалување на сообраќајниот метеж и поттикнување на одржливи форми на мобилност. Во иднина, ќе продолжиме да инвестираме во подобри решенија, водејќи се од визијата за јавен превоз кој е модерен, еколошки и достапен за сите.
ЈП Превоз го започнува и проектот за нумерирање на сите индивидуални и колективни станбени единици за домување. Односно , на сите станари ќе им бидат доделени метални ознаки со улица и број за својот дом.


ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ
ISUZU


CITIBUS


ISUZU


ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ
КАВАДАРЦИ



Несомнено ТППЕ Кавадарци е најдобро организирана, опремена и подготвена противпожарна единица во нашата држава. Во сите случаеви на интервенција, ниту еден пожар не излегол од контрола. Секогаш се интервенира брзо и професионално, со сите ресурси кои ги има на располагање како и подготвените пожарникари кои секогаш професионално ги извршуваат своите задачи и реагираат брзо и навремено.
Превентивно, се врши парцелизација на места и пресеки каде што е потребно.
Дополнително преку постојани физички патроли и комуникација со месното население секогаш внимателно се следи состојбата во критичните делови каде постои можност од појава на пожари но и места кои се тешко пристапни, со цел доколку има потреба навремено да се интервенира.
Преку добрата организација на градоначалникот Митко Јанчев и командирот Чадамов и одличната комуникација со пожарникарите, како и соработката со останатите институции, територијата на Општина Кавадарци е безбедна како превентивно така и во случај на пожар.

Градоначалникот Митко Јанчев ја прими својата лична противпожарна опрема и стана член на Територијалната противпожарна единица Кавадарци.
Заедно со командирот Александар Чадамов, упати силна порака на единство и посветеност – целосна поддршка на хероите што секојдневно го ризикуваат животот за нашата безбедност.
Градоначалникот докажа дека вистинското лидерство значи да бидеш прв на линија кога е најпотребно. ( ТУКА ДА СЕ СТАВЕ СЛИКАТА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ВО ПОЖАРНИКАРСКО ОДЕЛО )

- ТППЕ Кавадарци покрива површина од 1113 км2, и е втора по големина на покриеност во Р.С. Македонија.

- ВОЗЕН ПАРК НА ТППЕ КАВАДАРЦИ:

- FAP-13 од 1976 година со носивост од 8 000 литри вода
- FAP-13 од 1975 година со носивост од 9 000 литри вода
- VOLVO од 1993 година со носивост од 2 000 литри вода и опрема за техничка интервенција.
- DAF од 2010 година со носивост од 4 000 литри вода.
- Lada Niva од 1994 година (теренско возило).
- Lada Niva од 1994 година (теренско возило).
- MERCEDES камион од 1984година служи како интервентно возило за специјална намена за гаснење на пожар и спасување на лица на високи објекти.

- Џип VOLKSWAGEN TUAREG од 2005година, служи како челно возило и возило за брзи интервенции при сообраќајни незгоди.
- Џип марка GREAT WALL, како донација од Дирекцијата за Заштита и Спасување на Р.С.Македонија. Возилото е со вградена пумпа за вода со резервоар со капацитет од 300литри.
- Теренско возило MUSSO со вградена пумпа и резервоар за вода од 400 литри и 20 литри хемиско пенило за гаснење на пожари на отворено.
- Специјално возило за гаснење на пожари камион FORD со носивост од 6 000литри на вода и 500литри хемиско пенило.
- Во месец Октомври 2023година, ТППЕ се задолжи со комби марка MERCEDES специјализирано за транспорт на повредени и давање на медицинска помош на повредени лица.

\- НАБАВЕНА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ТППЕ :

- Набавка на нови противпожарни црева
- Набавка на млазници
- Набавка на разделници
- Набавка на работна униформа

\- ИНТЕРВЕНЦИИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

ТППЕ Кавадарци од почетокот на оваа година 01.01.2025година до крајот на месец Јули 2025год интервенирале на сите пријави за пожар и барање за технички интервенции.

Податоците од интервенциите за пожар и технички интервенции даден е на табелата прикажана подоле;

Во овој период ТППЕ Кавадарци интервенирале на 179 барања за интервенции во кои:
19 интервенции за внатрешни пожари односно пожари настанати во стан, куќа или дел од куќа како подрум или таван,
60 интервенции за надворешен пожар односно пожар настанат на отворено кога горело и се гаснело на запалена шума, нискостеблеста шума, сува трева или шамак.
32 интервенции на запален оџак.
25 интервенции за запалени контејнери за ѓубре и
41 технички интервенции

- ИНТЕРВЕНЦИИ НАДВОР ОД НАШЕТО ОПШТИНСКО ПОДРАЧЈЕ

ТППЕ Кавадарци како испомош на колегите и сограѓаните од државата, интервенираше секаде каде што беше побарано:

Прилепскиот регион, Неготинско и Валандовско подрачје, Гевгелија, Крива Паланка, Дојранско

- ДРУГИ АКТИВНОСТИ

- Одстранување на паднати дрва на регионалните и локалните патишта во општина Кавадарци.
- Испомош на Ј.П комуналец при перење на улици во град Кавадарци.
- Испомош како дотур на вода при правење на улици во градот.
- ПП обезбедување на разни фестивали како културни и спортски манифестации:
- ПП обезбедување за време на одржување на културна манифестација „св.Трифун".
- ПП обезбедување за време на одржување на спортски настани на градскиот стадион
- Спасителна служба на ски центарот Михајлово
- Барање на исчезнати лица
- Проверка на исправност на пп опремата во сите градски институции како и основни и средни училишта вклучувајќи ги и градинките
- Поставување на знамиња на државни празници
- Поправка на сообраќајни знаци низ градот. (интервенираме по барање од инспекторите од сектор мој општинар)
- Организирање на вежби и запознавање со нашите активности на ученици од Curt Nicolin Gymnasiet - Finspång, Шветска.
- Фарбање на столбчиња, сообраќајни знаци, клупи, детски играчки, фарбање на мостови, поставување на банкини заедно со работници од Ј.П Комуналец и слично
- Превентивни активности: Обновување на противпожарните пресеки на висорамнина Љубаш, во соработка со црвен крст и ДПД Сашко Гешовски и МВР делење на флаери и праќање на апел на локалните ТВ и електронските медиуми за внимателност со користење на огинот за време на летните горештини.
- Изведување на показна вежба за противпожарна заштита и симулација на настанат земјотрес во основните и средните училишта.
- Изведување на едукативни предавања на сите ученици од 4та година во

сите средни училишта во Општина Кавадарци. Тема превентивни мерки за заштита од пожари, технички карактеристики и начин на користење на пп апарати.

- Изведување на обука на членовите на ДПД Сашко Гешовски теоретска настава во училницата на ТППЕ, и практична настава во кругот на пожарната и надвор на терен

Во координација со локалната самоуправа, МВР, ДЗС, ЦУК и ЈП Шумско стопанство БОР, активирање на локалното координативно – оперативно тело за заштита на населението и околината во период на летната сезона.

Учество во кризниот штаб при општина Кавадарци и преземање на активности донесени со одлука на истиот.

\- СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ

Стручното оспособување и усовршување на вработените пожарникари во ТППЕ Кавадарци се врши според годишната програма за настава и обука. Се изведуваат вежби на дневна основа по смени.

Тим од 7 пожарникари од ТППЕ Кавадарци во месец Мај 2025година беа на специјализирана обука во градот Марибор, Р.Словенија. Обуката траеше 6 дена и беа опфатени повеќе теми од протившожарна заштита и прва помош.

Покрај физичките вежби одржувани се и тестирања на пожарникарите од областа теоретско знаење за ПП заштита.
Посета и вежби преку игра на најмладите ученици од градинките во Кавадарци.

\- ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА ТППЕ ВО 2025 год.

Во текот на 2025 година ТППЕ Кавадарци интервенираше на 179 настани односно интервенции. Сите интервенции се извршувани на време со професионален пристап кон истите што резултира со немање на повредени лица (пожарникари или граѓани) и значително
намалени штети односно не е дозволени започнатите немили настани да ескалираат во поголеми случаи со големи обеми на штета.
Работата на пожарникарите во текот на 2025година е во задоволително ниво со забележан професионален пристап за време на интервенциите но и после нив кога е во прашање на згрижување на опремата и возилата.


Samsung Quad Camera
Сним.со мој. Galaxy A21s













## ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

Реконструкција и изградба на детски игралишта

1. Детско игралиште на ул.Вељко Влаховиќ, на истото е поставена гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, поставени се нови дрвени детски реквизити и тоа пирамида за качување, детска лулашка, клацкалка, комбинирана детска лулашка – сет игралиште со 3 платформи од дрвена конструкција, ротационен кружен реквизит, и е оградено со дрвена ограда исфарбана во пастелни бои. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

2. Детско игралиште на ул.Никола Минчев, на детското игралиште се поставени дрвени детски реквизити и се репарирани постоечките. Од новите реквизити се поставени полиетиленски двослојни фигури за клацкање, пирамида за качување, детска лулашка,клацкалка, гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, истото е оградено со дрвена ограда исфарбана во пастелни боикоминирана детска лулашка – сет игралиште со 3 платформи од дрвена конструкција и ротационен кружен реквизит.Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

3. Детско игралиште во населба Глишиќ, поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, поставена е дрвена лулашка, клацкалка и се репарирани постоечките детски реквизити. Истото е оградено со метална ограда. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

4. Детско игралиште на ул.Крсте Мисирков, игралиштето е оградено со дрвена ограда исфарбана во пастелна боја, поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити и урбаните елементи (клупи за седење)и се монтирани нови две полиетиленски двослојни фигури.Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

5. Детско игралиште на ул.Калница, на игралиштето е поставена гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, оградено е со метална ограда изработена од метални цевки заедно со минимизирање и фарбање во масна боја, поставена е нова клацкалка, сет игралиште од 3 платформи од дрвена конструкција и репарирање на постоечките детски реквизити и урбани елементи (клупи за седење).Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

6. Детско игралиште на ул.Едвард Кардељ, на истото се направи репарација на постоечките детски реквизити и се поставија нови дрвени детски реквизити како комбинирано игралиште сет од 3 платформи, се постави дрвена ограда

спрема улица и се постави нова урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

7. Детско игралиште на ул.16-ти Јуни, поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја и се репарирани постоечките детски реквизити. Истото е оградено со метална ограда. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци

8. Детско игралиште на ул.Ѓоре Брушански, поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити. Истото е оградено со метална ограда. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

9. Детско игралиште во Парк на револуцијата, поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, поставена е пирамида за качување и репарирани се постоечките детски реквизити.

10. Детско игралиште во Парк полана, поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, поставена е пирамида за качување и репарирани се постоечките детски реквизити.

11. Детско игралиште во населба Кочо Рацин, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити и се поставени нови детски реквизити и тоа: Пирамида за качување и полиетиленски двослојни фигури. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци. Се поплочија површини со павер елемнти во боја.Се огради со метална ограда.

12. Детско игралиште на ул.Игман, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити.

13. Детско игралиште во населба Страшо Пинџур, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити и поставени се нови детски реквизити и тоа: Пирамида за качување, полиетиленски двослојни фигури, ротационен кружен реквизит, подвижен мост изработен од дрвена конструкција, сет игралиште на платформа од дрвена конструкција. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци. Се поплочија површини со павер елементи во боја.

14. Детско игралиште во населба Бел Камен, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

15. Детско игралиште во село Ваташа, на истото поставена е гумена подлога

изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити, се поставија нови детски реквизити и тоа трамполина, пирамида за качување, полиетиленска двослојна фигура и детска лулашка. Се постави готова брусена трева со дрвени стативи за мини фудбалско игралиште. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци. Се постави метална ограда.

16. Детско игралиште на ул.Црноречка, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити и се поставени нови дрвени детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

17. Детско игралиште во с.Возарци, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити и се поставени нови.

18. Детско игралиште во село Бегниште, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, репарирани се постоечките детски реквизити и поставени се нови детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

19. Детско игралиште во Индустриско училиште, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, и се поставени нови детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци. Се огради со метална ограда.

20. Детско игралиште на ул.Киро Спанџов, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, и поставени се нови детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци. Се огради со метална ограда.

21. Детско игралиште во населба Белка, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, и поставени се нови детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци. Се огради со метална ограда.

22. Детско игралиште во населба Опитно поле, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, и поставени се нови дрвени детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

23. Детско игралиште во село Сопот, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, и поставени се нови детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

24. Детско игралиште во село Дреново, на истото поставена е гумена подлога

изработена од гумен гранулат во два слоја, и поставени се нови детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

25. Детско игралиште во населба Моклиште, на истото поставена е гумена подлога изработена од гумен гранулат во два слоја, и поставени се нови детски реквизити. Се постави и урбана опрема како што се клупи за седење и корпи за отпадоци.

26. Детско игралиште во село Марена. На истото е поставена гумена подлога, изработена од гумен гранулат во два слоја. Реконструирани се постоечките детски реквизити и ќе се постават нови.Ќе се постави и урбана опрема – клупи и корпи за отпадоци.

27.Детско игралиште во населба Солунска глава. На истото е поставена гумена подлога, изработена од гумен гранулат во два слоја. Реконструирани се постоечките детски реквизити и ќе се постават нови.Ќе се постави и урбана опрема – клупи и корпи за отпадоци.

28.Детско игралиште на ул. „Браќа Џунови". На истото е поставена гумена подлога, изработена од гумен гранулат во два слоја. Реконструирани се постоечките детски реквизити и ќе се постават нови.Ќе се постави и урбана опрема – клупи и корпи за отпадоци.

29. На ул. „Илинденска" На истото е поставена гумена подлога, изработена од гумен гранулат во два слоја. Реконструирани се постоечките детски реквизити и ќе се постават нови. Новите се донација од фирмата Пакомак. Ќе се постави и урбана опрема – клупи и корпи за отпадоци.

30. На ул.Рајко Жинзифов , гумена подлога, нови реквизити и осветлување. Поставена е и урбана опрема, клупи и корпи. Детското игралиште е и целосно оградено.














1. - Завршен проект - Бесплатен оброк за ученици од 1 до 5то одделение за месеците мај и јуни 2023 година - 2.609.114,00 денари
- Завршен проект - Бесплатен оброк за ученици од 1 до 5то одделение за учебната 2023/24 година – 19.500.000,00денари
- Завршен проект - Бесплатен оброк за ученици од 1 до 5 то одделение за месеците јануари и јуни 2024 година - 11.005.789,00 денари
- Проект - Бесплатен оброк за ученици од 1 до 5то одделение за учебната 2024/25 година – 18.005.000,00 денари

2. - Награди за 162 ученици (по 3000денари) и 66 ментори (по 6000денари) од ООУ и СОУ за 2023 година - 990.000,00денари
- Награди за 178 ученици (по 3000денари) и 82 ментори (по 6000денари) од ООУ и СОУ за 2024/2025 година - 1.139.988,00 денари

3. - Помош за ученици првачиња од 2.500,00 ден, кои се запишани во учебната 2023/24година, вкупно 342 ученици - 950.076,00денари (со персонален данок).
- Помош за ученици првачиња од 2.500,00 ден, кои се запишани во учебната 2024/25 година, вкупно 311 ученици -778.000.00 денари (со персонален данок).

Во основно образование позначајни капитални проекти се реализирани со вкупен износ од 106 784 658 денари и тоа во :

О**.О.У ,,Димката А. Габерот" Кавадарци**

- Комплетна реконструкција на централното греење во вредност од 11.000.000,00 денари од МОН,
- Поставување на водоводна мрежа.
- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час. Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.
- Набавка на наставни образовни помагала во вредност од 425.000,00денари.
-Оградување на дел од училишниот двор со нова ограда, поставени 2 коша во училишниот двор и оградување со мрежа на просторот позари кошевите-инвестиција во износ од 520.096,00 мкд
-Набавени 8 смарт табли-вкупен износ на набавката 340.319,00 мкд
-Нов принтер за наставници- износ 11.000,00 мкд
-Лап -топ компјутер -износ 24.000,00 мкд
-Набавка на спортска опрема за новата спортска сала која е во изградба во ПУ

Сопот во износ од 1.060.000,00 мкд.
- Оградување на училиштето во ПУ Сопот. Поставување на целосно нова ограда и оградување на целото подрачно училиште во село Сопот. Во вредност од 520.096,00 мкд.

**О.О.У ,,Гоце Делчев" Кавадарци**

- Реализација на активности за  реновирање и оддржување на зграда, набавка на образовни наставни помагала и канцелариски мебел во вредност од - 1.451.819,00 денари.
- Реализација на активности од 1 220 000,00 денари кои опфаќаат адаптација на една училница, на простор за технички персонал, под на една училница, реконструкција на тоалет во спортската сала, партерно уредување на двор, реконструкција на биста на патронот на Гоце Делчев. Изградба на летниковец во училишниот двор, набавка на 3 смарт табли и училишна клупа за адаптација на училницата.
- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час. Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.
- Набавена опрема во училиштето, ново набавени средства во периодот од од 01.11.2023 до 01.10.2024 година.
- Набавена опрема во училиштето, интерактивни табли, лаптопи, плакари, ЛЦД проектори, клими, столчиња, завеси, училишни клупи, како и постапка за реновирање на кујна и трепезарија за ученици. Овие набавки се со вредност од 2.308.096.00 денари.

**О.О.У ,,Тошо В. Пепето" Кавадарци**

- Материјали за реконструкција и мебел со вредност од - 128.955,00 денари
- Реализација на активности од 1 550 000,00 денари за реконструкција и промена на подови во дел од училниците.
- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.
- Набавка на фотељи за амфитеатар вкупно 40 со износ од 297.360,00 ден
- Набавка на врати во училиштето вкупно 29 со износ од 457.006,00 ден.
- Набавка на клими вкупно 12 за училници со износ од 486, 006,00 ден.

- Набавка на инвентар клупи 36 и столчиња 72 како и амфитеатарски фотељи во износ од 399.600,00 ден.
- Набавка на конференциска маса и опрема столчиња за амфитеатар во износ од 44.750,00 ден.
- Набавка на греди и даски за уредување на амфитеатар во износ од 36.117,00 ден.
- Набавка на ограда за втор спрат во вредност од 16.891.00 ден
- Настрешница на две врати во вредност од 43.950,00 ден.
- Набавка на интерактивни смарт табли 13 ЛЦД проектори, 6 држачи и кабли во износ од 589.540 ден преку проект ПЕИП преку МОН.
- Реконструкција на дел од кров поради прокиснување со лим во вредност од 119.994,00 ден.
- Набавка на компресор за парен котел во вредност од 37.000.00 ден
- Набавка на мрежа и топки во вредност од 54.700,00.
- Набавка на клими во 12 училници во вредност од 486.006,00
- Набавка на 13 мултифункционални принтери за училници во вредност од 124.641,00
- Набавка на клупи и столчиња за 3 училници и 9 столчиња за амфитеатар во вредност од 399,600,00.



**О.О.У „Тоде Х. Тефов" Кавадарци**

- Реализација на активности од набавка на ентериер, надгледни средства, воспитно образовни помагала и реновирање на училници во вредност од - 2.249.794,00 денари.
- Реализација на активности од 1 743 000,00 денари за реконструкција на машки и женски тоалети на прв спрат, изградба на кабинет по хемија во подрумска просторија, и 80 таблети.

- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.
- Набавена 1 автроматска двокрилна лизгачка врата во вредност од 240.207,00ден.
- Реновирање на дел од северен ограден ѕид во вредност од 457.698,00ден.
- Набавени се 5 инвертер клими во вредност од 175.002,00ден.
- Набавени се 25 канцелариски столици во вредност од 135.405,00ден.
- Набавена е 1 автоматска двокрилна врата во вредност од 240.207,00ден.
- Набавена е светлосна реклама во вредност од 59.000,00ден
- Набавени се 5 инвертер клими во вредност од 167.500,00ден
- Набавени се 3 интерактивни табли со проектори во вредност од 203.100,00ден
- Набавени се 5 лаптопи и 1 персаонален компјутер-десктоп во вредност од 125.769,00ден
- Реконструкција на тоалети приземје во вредност од 500.460,00ден
- Две горилници за парно во вредност од 392.480,00ден
- Спортска опрема: топки,пинг-понг маса,ракети, кошеви.. во вредност од 132.050,00ден
- Мрежа за ограда во вредност од 12.000,00ден
- ПП апарати во вредност од 18.880,00ден
- Клима уреди во вредност од 213.580,00ден
- Наставни помагала:мандолини, гитари, штафелај... Во вредност од 279.015,00ден
- Реконструкција на тоалети на 2 кат во вредност од 1.285.960,00ден

**О.О.У ,,Димката А. Габерот с. Ваташа" Кавадарци**

- Набавка на надгледни материјали, реконструкции и оградување - 1.593.772,00 денари.
- 22 968 000, 00 денари за изградба на нова спортска сала.
- Промена на ПВЦ прозори во училишната зграда
- Реконструкција на котлара и купување на 2 нови котли за промена на парно, од дрва на пелети.
- Реконструкција на тоалетите
- Набавка на спортски реквизити за новата спортска сала
- Промена на подови во 5 училници
- Доградба на помошна просторија за складирање на пелети и набавка на опрема лаптоп компјутери и прожектори.
- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час".

Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

- Набавка на 7 лаптопи во износ од 153.300 ден.
- Интерактивни табли 3 броја и 3 броја проектори во износ од 216.840 ден.
- Смарт ТВ 2 броја во износ од 61.398 ден.
- Парен котел на пелети од 50 KW во износ од 180.328 ден.
- Плакари за ученици во износ од 14.999 ден.
- Два броја принтер/скенер/копир во износ од 18.500 ден
- Еден број метален архивски шкаф во износ од 17.464 ден.
- Три броја интерактивни табли и проектори во износ од 222.540 ден.
- Варосување\глетување на простории во износ од 63.720ден.
- Реконструкција на внатрешни скали во главниот влез во училиштето во износ од 28.000 ден.
- Реконструкција на под од ликолеум во една училница во износ од 173.413 ден.
- Нови 7 клими, 4 броја во износ од 234.293 ден.
- Набавка на 80 столчиња од полипропилен во боја и 40 клупи во боја во вредност од 300.000,00денари
- Реконструкција на санитарни јазли за ученици на кат во вредност од 257.353,00денари
- Набавка, инсталација и имплементација на нови софтверски решенија за попис во вредност од 131.856,00денари
- Набавка на 13 внатрешни врати во вредност од 253.700,00денари
- Набавка на училишен и канцелариски мебел ( 46 столшиња од полипропилен во боја, 38 клупи во боја, 10 броја СТОЛ конгрес, 1 канцелариски стол и 10 шкафови/плакари за потреби на учениците во вредност од 420.000,00денари
- Реконструкција на санитарни јазли за ученици на приземје во вредност од 760.000,00денари
- Купување на опрема за греење во спортска сала во вредност од 250.000,00денари

**О.О.У „Страшо Пинџур" Кавадарци**

- Набавка на наставно образовни помагала, два принтери, пет лаптопи, 7 прожектори и 7 интерактиви табли, столчиња,клупи, шкафчиња и смарт табли) за подрачните училишта во селата Возарци и Дреново. Громобранската инсталација на училиштето во село Возарци. Реконструкција на училишниот двор во претстојниот период во централното училиште, со поплочување и асфалтирање и

летниковец за одмор на учениците. Во вредност од од 8,343 000, 00 денари.

- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.
- Спортска сала во подрачното училиште на село Возарци во вредност од 22.000.000,00 денари.
- Изградба на спортска сала во подрачното улилиште во село Марена.Финансиска конструкција од 22.000.000, 00 денари.
- Опремени спортски сали со потребни реквизити за работа во износ од 2.000.000 денари.
- Комплетно опремени со клима уреди- Централно основно училиште во Кавадарци и подрачните училишта во селата Возарци и Марена во вредност од 1.296.866денари

**О.О.М.Б.У „Лазо М. Рале" Кавадарци**

- Набавка на инструмент- виолина вкупно 4 со износ од 24.000,00 ден.
- Набавка на фен кулер училница со износ од 29.350,00 ден.
- Набавка на инвентар – комода 3 и плакар 1 во износ од 40.000,00 ден.
- Набавка на столчиња за пијано во кабинетите вкупно 10 во износ од 15.000,00 ден.
- Набавка на плочки и алуминиумска ограда за спореден влез во концертна сала во износ од 32.780,00 ден.
- Реконструкција (реадаптација) на 5 кабинети во подрумските простории во износ од 31.654,00 ден.
- Набавка на 10 столчиња за пијано во кабинетите.Во вредност од 15.000,00 денари
- Набавка на инструменти: труба-6, кларинет-5, рефлектор-2 и тромбон-2. Во вредност од 255.000,00денари.
- Набавка на 7 школски клупи и 23 столчиња.Во вредност од 55.900,00денари
- Поправка на тапан и изработка на футроли за тамбура.Во вредност од 17.000,00денари
- Набавка на две тамбури.Во вредност од 49.200,00денари
- Набавка на два персонални компјутери.Во вредност од 60.000,00денари



**С.О.З.Ш.У ,,Ѓорче Петров" Кавадарци**

- Поплочување на двор, потпорен ѕид и метална ограда и преградување на канцеларија со ПВЦ со вкупна вредност од 1 360 000 денари.
- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.
- Реконструкции и набавки на образовна опрема во вредност од 564.000,00 денари.
- Реконструкција на ходник и предпростор во подрумски простории со финансиска конструкција од 672.328,00 ден.
- Набавка на ЦНЦ машина со финансиска конструкција од 153.300,00 ден.
- Поставување на вариолајт завеси со финансиска конструкција од 49.088,00 ден.
- Набавка на столици и канцелариска опрема со финансиска конструкција од 96.750.00 ден.
- Набавка на нагледни средства со финансиска конструкција од 10.000.00 ден.

- Набавка на Лаптоп 3 (три) броја. Во вредност од 60.997денари

- Набавка на телевизори 4 (четири) броја. Во вредност од 61.995денари

- Пополочивање на патека во западниот дел на училиштето.Во вредност од 995.330денари
- Реконструкции и набавки на образовна опрема во вредност од 1.118,322.00

**С.О.У ,,Киро С. Брко" Кавадарци**

- Реализација на активности од 3 100 000 денари наменети за промена на под во училишната зграда, изградба на нов кабинет, реконструкција на двор, реконструкција на ограда на внатрешните скали во училиштето.
- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

- Реконструкции и набавка на надгледни средства во вредност од 2.471.285,00 денари.
- Реконструкција на спортска сала, со финансиска конструкција од 738.432,00ден.
- Нагледни средства со финансиска конструкција од 255.500,00ден.
- Поправка на клупи и столчиња со финансиска конструкција од 94.546,00ден.
- Канцелариски мебел и Кабинети со финансиска конструкција од 243.540,00ден.
- Реконструкција на спортска сала и останати простории, молерисување и фарбање
(училници,кабинети,канцеларии,кујна) Во вредност од 2.000.000.00денари
- Адаптација на простории за сместување на опремата, донација од КФВ банката
преку РФЦ. Во вредност од 200.000денари
- Реконструкција на една просторија до наставничката канцеларија и молерисување
на простории. Во вредност од 262.655 денари
- Набавка на училишни клупи и столчиња и нагледни средства. Во вредност од 419.980 денари.
- Реконструкции и набавка на надгледни средства во вредност од 2.882.635.00 денари.



**С.О.У ,,Гимназија Добри Даскалов"Кавадарци**

- Санирање и варосување, реконструкција на под, опремување со канцелариски мебел со вкупен износ од 600.000,00 денари.
- Набавка на ЛЦД проектори и СМАРТ телевизори вкупен износ 100.000,00 денари.
- Информатичка опрема со вкупен износ од 14.000,00 денари,Набавка на наставни и нагледни средства 60.000,00 денари.

- Реализација на активности од 3 157 000 денари наменети за монтажа на ролетни, набавка на компјутери и нова компјутерска опрема, училишен мебел за училиштето (столчиња и клупи) и реконструкција на 7 кабинети, бојадисување на цело училиште и промена на плафон, и промена на врати.
- Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час".Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.
- Целосно санирање и реконструкција на тоалетите во административниот дел со варосување, промена на санитарии и промена на подот со вкупен износ од 398.515.00 ден со ДДВ.
- Набавка на 6 инвертер клими ТЕСЛА поставени во училници со вкупен износ од 258.490.00 ден со ДДВ.
- Набавка на 10 смарт ЛЦД телевизори поставени во училници со вкупен износ од 259.990.00 ден со ДДВ
- Набавка на 1 таблет поставен во училница со вкупен износ од 6.900 ден со ДДВ.
- Набавка на 14 Инвертер клима уреди, комплетна климатизација на први спрат. Во вредност од 468.460,00денари
- Автоматска двокрилна телескопска лизгачка врата, енергетска ефикасност на влезот на учениците. Во вредност од 217.710,00денари
- 15 ЛЕД Телевизори и 8 печатачи, комплетно опремување на сите училници со ИКТ опрема. Во вредност од 454.204,00денари
- Промена на електрична инсталација, комплетна промена на застарена електрична инсталација во 16 училници.Во вредност од 56.941 денари.











Кавадарци – Град на спортот!

Кавадарци отсекогаш бил симбол на спортскиот дух во Македонија – град каде што спортот не е само активност, туку начин на живот. Благодарение на зголемената поддршка од општината, спортските клубови и младите таленти добиваат се поголема можност за развој и успех. Во изминатите 4 години беа исплатени 92 милиони денари за поддршка на клубовите. За 2025 година, општинскиот буџет за спорт изнесува 35 милиони денари – значаен ресурс наменет за унапредување на спортската инфраструктура, поддршка на клубовите и мотивирање на новите генерации спортисти.

ГРК Тиквеш 2014 – Ракомет со срце

ГРК Тиквеш 2014 е горд претставник на Кавадарци во машкиот ракомет. Клубот бележи постојан напредок, како во сениорските, така и во младинските категории. Со дисциплиниран пристап, стручна работа и поддршка од публиката, клубот станува сериозен конкурент во националната лига. Фокусот е ставен на развојот на домашни играчи, каде што многу млади кавадарчани добиваат шанса да се развиваат и докажат на големата сцена.

ГФК Тиквеш 1930 – Традиција и иднина на фудбалот

ГФК Тиквеш 1930 е еден од најстарите и најпрепознатливите фудбалски клубови во Македонија. Со историја долга речиси еден век, Тиквеш претставува гордост за цела Тиквешија. Во последните сезони клубот вложува во стабилен развој, инфраструктура и младински школи, со цел да се врати на старите победи и да стане постојан член на македонската елита. Поддржан од верната публика, Тиквеш останува срцето на фудбалот во регионот.

КК Голден Игл Кавадарци – Кошаркарска инспирација

Кошарката во Кавадарци добива нова димензија преку КК Голден Игл Кавадарци. Клубот успешно се натпреварува во домашните првенства, со тим составен од мотивирани кошаркари и силен стручен тим. Преку инвестиции во младите категории, клубот станува извор на нови таленти, а организирањето на турнири, учество на регионални натпревари и соработка со други клубови го ставаат Кавадарци на кошаркарската мапа на Македонија.

Кавадарци ќе продолжи да го живее спортот со истата енергија, посветеност и љубов. Со здружени сили – клубови, општина и навивачи – спортот во Кавадарци има блескава иднина.

Останати реализирани и отпочнати проекти преку кои ќе се подобрат и така добрите услови кои им се нудат на младите спортски таленти, како и правилниот развој на децата.

- Отпочната целосна реконструкција на Градски базент –Кавадарци. Инвестиција од Влада на РСМ.
- Во склоп на Спортска сала ,,Јасмин" се планира доградба на Гимнастичка сала, Куглана, и апартмани.
- Спортски игралишта за фудбал, ракомет и кошарка во склоп на СОЗШУ „Ѓорче Петров"
- Спортски игралишта за фудбал, спортско игралиште со подлога за кошарка во СОУ „Киро Спанџов Брко"
- Во склоп на спортска сала „Јасмин" реконструкција на фудбалски терен со поставување на нова водоводна мрежа и обновување на тревна површина
- Изградба на Ски центар „Михајлово"
- Зип Лајн
- Вештачка карпа за качување во спортска сала „Партизан".
- Затворено спортско игралиште – балон за мал фудбал
- Изградба на Картинг стаза
- Изградба на Гимнастичко – моторички парк 400м2 - 3.147.773,00 денари
- Изградба на Памтрак патека од 800м2 - 3.987.113,00 денари
- Реконструкција на фудбалско игралиште во с.Глишиќ.
- Реконструкција на фудбалско игралиште во с.Дреново – 994.173,00 Денари
- Фитнес игралиште за децата со посебни потреби на Спортски центар Јасмин во вредност од - 1.360.066,00 денари
- Поставување на нови трибини на Градски стадион Тиквеш со средства од ФФМ и поставување на заштитна ограда на Градски стадион Тиквеш.
- Поставување асфалт на надворешните спортски терени во ООУ Страшо Пинџур –Кавадарци во вредност од 4.000.000,00 денари
- Отпочната е изградбата на затворен пливачки базен донација од Агенција за млади и спорт .
- Изработени се проекти за изградба на СПА центар во склоп на

затворениот пливачки базен

- Во изработка е нов проект за изградба на нова спортска сала во Опитно поле со димензии за кошарка, ракомет, одбојка и мал фудбал
- Проект испратен до Министерство за спорт за поставување на гумена подлога (тартан) на Атлетската патека во склоп на Спортски центар Јасмин.








START







## ДЕТСКА ГРАДИНКА

ЈОУДГ" Рада Поцева" Кавадарци во изминатите  четири години ги подобри своите услови и капацитети.
После 40 години Кавадарци доби нова детска градинка. Во објектот Сонце се згрижуваат 180 деца во седум групи. Новата градинка е изградена и опремена по современи стандарди, а чини 54,7 милиони денари.

Со преадаптација на амбуланта во с.Дреново се доби нов објект Бамби с.Дреново во јуни 2024год. со капацитет од 20 деца од 2-6 год. Преадаптацијата на
просторот е извршена од страна на Локалната Самоуправа, Советот на Општина
Кавадарци и Градоначалникот г-н Митко Јанчев.
Со преадаптација на амбулантата во с.Сопот наскоро ќе добиеме нов објект со капацитет од 20 деца кој што наскоро ќе почне со работа со деца.

Во воспитната 2023/2024год. во објект Сонце започна со работа и Сензорна соба за потребите на децата во ЈОУДГ "Рада Поцева" која што е опремена со поддршка од Германија преку Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и мрежата на здруженија на локални власти од Југоисточна Европа (НАЛАС) во рамки на регионалниот проект "Социјално вклучување на ранливите групи на Западен Балкан".

Вкупниот капацитет за згрижување на деца во последните 4 години е зголемен за
228 деца со отворање на новоотворените објекти и плус дополнително ќе се зголеми за 20 деца со објектот во с.Сопот кој што наскоро ќе почне со згрижување
на деца.

Секојдневното залагање на Општина Кавадарци, Советот на општината и нашиот
Градоначалник г-н Митко Јанчев, Министерството за социјална политика, демографија и млади и ние како градинка придонесовме капацитетите да се зголемат од 752 во 2021 на 980 деца во 2024/25 воспитна година, а се планира да
се опфатат оваа година 1200 деца.

Во изминатите години беа инвестирани средства од над 8 милиони денари за

реконструкција на објектите, набавка на материјални добра за подобрување на условите како за дечињата така и за поквалитетно работење на вработените.
















Секторот за култура и јавни дејности – срцето на настаните во Општина Кавадарци!

Секторот за култура и јавни дејности при Општина Кавадарци игра клучна улога во негувањето, промоцијата и организирањето на културниот живот на нашиот град. Низ текот на целата година, овој сектор ја носи одговорноста за креирање и реализација на најзначајните манифестации кои ја презентираат Општината во најдобро можно светло, како пред домашната, така и пред меѓународната јавност.

Во изминатите години, Општина Кавадарци преку овој сектор успешно реализира низа значајни настани кои веќе прераснаа во традиционални културни вредности на заедницата:

• Дочек на Новата Година – енергичен и топол собир на граѓаните на плоштадот, збогатен со музичка програма, огномет и празнична атмосфера која го најавува новиот почеток.








• Свети Трифун – манифестација која ја слави винската традиција и заштитникот на лозарите, со обреди, дегустации, и богата културно-уметничка програма. Настанот е вистинска гордост за нашиот регион и го слави кавадаречкиот вински дух.

ОТЧЕТ 2023








• Априлијада 2025 година беше одбележана со многу смеа, креативност и детска радост! Под мотото „Насмевка за секое дете", манифестацијата се реализираше во сите објекти на детските градинки и во сите основни училишта во Кавадарци. Децата учествуваа со маски, костими, песни, игри и претстави, а училиштата и градинките се претворија во весели сцени полни со боја и фантазија.





• Кавадаречко Културно Лето – серија летни културни настани кои ја збогатуваат понудата во градот: концерти, изложби, театарски претстави и улична уметност – сето тоа во служба на културно освежување на градот во летните месеци.





• Тиквешки Гроздобер – најголемата и најпрепознатлива манифестација на Општина Кавадарци, која секоја година привлекува илјадници посетители од целата земја и пошироко. Со дефиле, концерти, традиционални обичаи и изобилство од локална храна и вино, гроздоберот претставува кулминација на културниот календар.



























Под мотото „Никој не смее да биде сам за Бадник“, организиравме традиционален бадников ручек и бадникова поворка, кој прерасна во симбол на хуманост и сплотеност. Следуваа значајните манифестации за Водици и Неделата на традицијата и виното посветена на Свети Трифун, која уште еднаш ја потврди нашата силна врска со виното, лозарството и обичаите. Во текот на годината се реализираа и многубројни културни настани, меѓу кои Априлијадата, Светскиот ден на планетата Земја, настанот 12 младинци, како и

традиционалното Кавадаречко културно лето, кое беше исполнето со концерти, театарски претстави, изложби и програми за деца и млади. Оваа година беше сведоштво за посветеноста кон зачувување на културното наследство, поттикнување на младинската креативност и градење културна сцена која инспирира, обединува и остава траен белег.
Овие настани не само што ја збогатуваат културната понуда на градот, туку директно придонесуваат и за локалниот економски развој преку туризам, поддршка на занаетчиството, угостителството и локалните производители.
Зад секој од овие настани стои темелна подготовка, посветена работа и соработка со културни институции, здруженија и уметници. Секторот за култура и јавни дејности постојано се стреми да донесе иновации, но и да ја зачува традицијата, создавајќи квалитетна и достапна култура за сите граѓани.

Со вашата поддршка и понатамошна соработка, ќе продолжиме да го развиваме културниот идентитет на Кавадарци и да го претставуваме со гордост на мапата на културни центри во Македонија.

Традиционално делење на новогодишни пакетчиња во Општина Кавадарци
Општина Кавадарци и оваа година, како и секоја досега, ја продолжи традицијата на делење новогодишни пакетчиња за најмладите сограѓани. Со љубов и празничен дух, беа поделени стотици пакетчиња, кои донесоа радост, насмевки и искрена детска возбуда.





Оваа активност е повеќе од обична новогодишна геста – таа е симбол на грижата, поддршката и вниманието кое Општина Кавадарци го посветува на децата и семејствата во нашата заедница.

Со оваа хумана и радосна традиција, заокружуваме уште една работна година полна со проекти, иницијативи и вложувања во подобра иднина за сите наши сограѓани. Со искрена благодарност за довербата и поддршката – продолжуваме заедно и во новата година со уште поголема посветеност!

Традиционална трка на Дедо Мразовци во Кавадарци!
Во празничен дух и весела атмосфера, Општина Кавадарци ја организираше традиционалната трка на Дедо Мразовци, настан кој секоја година обединува деца, млади и возрасни во духот на радоста, другарството и хуманоста. Улиците на градот беа исполнети со насмевки, костими и празнична енергија, а трката уште еднаш покажа дека Кавадарци знае да слави со срце!

Традиционален празничен коктел во Општина Кавадарци
По повод новогодишните и божиќните празници, градоначалникот на Општина Кавадарци традиционално организираше празничен коктел, на кој присуствуваа претставници од јавниот живот, институции, здруженија и бизнис секторот. Во пријатна и свечена атмосфера се заокружи годината, со осврт на постигнатото и споделување на желби за успешна и просперитетна 2025 година. Настанот претставува симбол на соработката, единството и заедничките заложби за подобра иднина на Кавадарци.





Хуманитарна новогодишна работилница во Општина Кавадарци
Во празничен дух и со цел да се поттикне хуманоста, во Кавадарци се одржа хуманитарна работилница со новогодишен карактер. Децата и младите, заедно со наставници и волонтери, изработуваа рачни изработки, украси и честитки, кои беа донирани за социјално загрозени семејства и хуманитарни цели. Работилницата претставуваше убав пример за тоа како празниците можат да бидат време на добрина, заедништво и грижа за другите.

Дочек на 2025 година на Градскиот плоштад во Кавадарци
Со музика, весела атмосфера и спектакуларен огномет, Општина Кавадарци организираше незаборавен дочек на новата 2025 година на Градскиот плоштад. Граѓаните заедно ја испратија старата и ја пречекаа новата година со радост, заедништво и надеж за уште поуспешна иднина. Настанот мина во прекрасен празничен дух, како симбол на силната поврзаност меѓу општината и нејзините жители.

Бадникова поворка во Кавадарци

Со длабока почит кон традицијата и празничниот дух, Општина Кавадарци организираше Бадникова поворка која низ улиците на градот го пренесе светлото на вербата, надежта и единството. Граѓаните со свеќи во раце, молитви и празнична атмосфера, заедно ја дочекаа свеченоста на Бадник како дел од најубавите новогодишни обичаи. Настанот е симбол на духовната подготовка за Божик и уште една потврда за заедништвото во нашата општина.




Традиционален Бадников ручек во Општина Кавадарци

Во духот на празничната традиција, Општина Кавадарци организираше традиционален Бадников ручек, кој собра голем број жители и гости на едно место. Со богата и традиционална трпеза, исполнета со вкусни постни јадења, рачно подготвени специјалитети и пријатна атмосфера, овој ручек ја одрази топлината и единството на празничните денови. Настанот е уште еден убав симбол на сплотеноста и културното богатство на нашата заедница во пресрет на Божик.











Богојавление – Водици во Кавадарци

Со свечена литургија и осветување на водите, во Кавадарци традиционално беше одбележан големиот христијански празник Богојавление – Водици. Во присуство на голем број граѓани и верници, крстот беше положен во осветените води, а најхрабриот учесник кој го фати крстот беше симболично награден и благословен за среќа и здравје. Настанот ја пренесе вековната традиција и духовната сила на празникот, кој секоја година обединува и инспирира.

Оваа година на потопувањето на Градскиот мост Кавадарци Чесниот Крст во рацете на Трајче Костадинов, додека во месноста Моклиште најсреќниот беше Кузманчо Хаџиев.

Празничен коктел по повод Св. Трифун во Кавадарци

По повод големиот празник Св. Трифун – заштитникот на лозарите и винопроизводителите, Општина Кавадарци организираше свечен коктел, на кој се собраа претставници од винариите, земјоделците, институциите и јавниот живот. Настанот беше можност за заедничко одбележување на традицијата, зајакнување на соработката и изразување почит кон лозарството – најдлабокиот симбол на тиквешкиот регион. Со чаша вино и топла празнична атмосфера, беше испратена порака за успешна и родна година за сите лозари и винари.

Традиционално закројување на лозјата по повод Св. Трифун – на Градскиот плоштад во Кавадарци.



Во чест на празникот Св. Трифун, заштитникот на лозарите и винопроизводителите, на Градскиот плоштад во Кавадарци беше организирано традиционално закројување на лозјата. Со овој симболичен чин, во присуство на граѓани, лозари, винари и претставници на општината, се означи почетокот на новата лозарска година. Настанот помина во празнична и свечена атмосфера, со желби за здрава, бериќетна и успешна година за целиот Тиквешки регион.

Спектакуларна вечер по повод св. Трифун на Градскиот плоштад во Кавадарци!



Во рамки на празничната програма, кавадарчани уживаа во незаборавна вечер исполнета со смеење, музика и енергија: Стенд ап шоу со Надето – многу смеа и позитивна енергија. Забава со DJ Були – хитови кои го раздвижија плоштадот. Концерт на Влатко Лозаноски – со емоции и незаборавна атмосфера за крај на вечерта Плоштадот беше преполн со насмеани лица, аплаузи и празничен дух – уште една потврда дека Кавадарци знае како се слави!

Маскенбал по повод Денот на планетата Земја во Кавадарци

По повод 22 Април – Денот на планетата Земја, Општина Кавадарци организираше маскенбал со еколошка тематика, на кој учество земаа сите основни училишта и ЈОУДГ „Рада Поцева". Децата прошетаа во креативни маски и костими инспирирани од природата – шуми, животни, реки, цвеќиња и рециклирани материјали, испраќајќи силна порака за заштита на животната средина. Настанот беше исполнет со насмевки, другарување и еколошка свест, претставувајќи прекрасен начин преку кој најмладите учат колку е важно да ја чуваме нашата планета.








Оддавање почит на 12-те Ваташки младинци – 16 Јуни, Кавадарци

На 16 јуни, Општина Кавадарци традиционално организираше положување цвеќе и културна манифестација во чест на 12-те Ваташки младинци, кои ја дадоа својата младост и живот за слободата. Со достоинствена церемонија, присуство на институции, здруженија, ученици и граѓани, им беше оддадена почит на младите херои од Ваташа. Во рамки на настанот се одржа и културна програма со пригодни рецитали, музички и драмски изведби, кои уште еднаш потсетија на нивната жртва и непрекинливата врска меѓу слободата и

сеќавањето. Нивниот подвиг останува врежан во колективната меморија како симбол на храбр ост и непокор.





Кавадаречко културно лето 2025

Кавадаречкото културно лето 2025 година донесе вистинска магија под отворено небо. Во текот на јули и август, градот пулсираше со уметност, музика и забава. Програмата опфати концерти, театарски претстави, ликовни изложби, филмски вечери и креативни работилници за деца. На градскиот плоштад, но и на алтернативни сцени низ градот, се создадоа незаборавни моменти што ги обединија сите генерации. Културното лето не беше само забава – беше простор за нови соработки, локални таленти и афирмација на културното богатство на Кавадарци.







Културната програма за 2025 година покажа дека Кавадарци расте како град на традиција, уметност и современи културни вредности. Благодарение на посветеноста на институциите, училишта, здруженија и културни работници, годинава ќе остане запаметена како една од најсодржајните и највредните во културниот календар на нашиот град.








КАВАДАРЦ














ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш-Кавадарци

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш- Кавадарци претставува специјализиран регионален музеј , прв од ваков тип во нашата држава. Оваа Локална Културна институција во делот на заштитата на културното наследство во делот на Винарството и Лозарството има за цел да ја развива музејската дејност и културниот менаџмент во делот на презентацијата на културно-историското наследство во Тиквешкиот Регион.

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци, како Локална културна институција ја има една од главните цели и задачи што се основни за секој музеј и тоа : истражување, собирање, стручна и научна обработка на музејскиот фонд, негова заштита, презентација и објавување. Својата дејност музејот ја врши и преку организирање, односно презентирање на музејските предмети и материјал во изложби со постојан и времен карактер.
Во изминатите четири години непречено беа реализирани предвидените програмски активности од локален карактер, но и активности кои програмски не беа предвидени а се реализираа во соработка со други институции, здруженија на граѓани , фондации.Се реализираа научно истражувачки проекти, изложби, проекти од издавачка дејност, капитални проекти.

Во изминатите четири години низ ЈОУ Локален Вински музеј имаат поминато околу 13.000 посетители кои биле дел од винската приказна на Тиквешијата и биле запознаени со богатото историско минато во делот на лозарството и винарството а се имаат реализирано над 80 настани .

Во 2022 има организирано и бил домаќин на 25 настани а во рок од оваа една година Музејот го имаа посетено околу 4000 посетители од Македонија и од странство.
Во 2023 година има организирано и бил домаќин на 21 настан а во рок од оваа една година Музејот го имаат посетено околу 3500 посетители од Македонија и од странство.
Во 2024 има организирано и бил домаќин на повеќе од 20 настани а во рок од оваа една година Музејот го имаат посетено околу 4200 посетители од Македонија и од странство.

Поголеми реализирани настани во изминатата година:

09.11.2024 - Вински Музеј за, го посетија LionsKlubTikvesh Кавадарци, кој е збратимен со LionsKlubKaneli Италија, со иницијатива за побратимување на Општините Кавадарци и Канели.
14.12.2024 – Традиционалниот Гурмански Викенд по трет пат организиран од Вински Музеј во соработка со Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци и овој пат привлече внимание на многу посетители, збогатен со вкусни специјалитети, музичка програма и многу насмевки.
20.12.2024 – Вински Музеј го посетија библиотекари од цела Македонија, кои имаа работна средба во нашата Библиотека "Феткин" Кавадарци.
27.12.2024 – Вински Музеј во соработка со Земјоделски институт Скопје, организираше настан „Станушината се враќа дома“. Земјоделскиот институт донираше лабараториска опрема, но и конзервирана станушина од 50тите години од минатиот век.
08.02.2025 - во организација на "ВИНОТЕК", во Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци се одржа 9-ти по ред Фестивал на оценување на вина со интернационален карактер.
12.02.2025- Вино на женски начин - магија во секој вкус. Во организација на Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци и Вински музеј за регион Тиквеш го прославивме Св. Трифун на еден уникатен начин, со женска енергија, креативност, поезија, уметност, дегустација и избор на најдобрите деликатеси со вино
14.02.2025 - Празникот Св. Трифун, заштитник на лозарите и винарите, го одбележа со традиционалната церемонија на закројување со најстариот член на семејството Велкови, сопственици на првата винарија на Балканот "Велкови-Тиквеш", Г-дин Никола Велков и претседателот на здружението "ВИНОТЕК" Г-дин Јован Еленов.
17.04.2025 - На Велики Четврток, во Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци, учениците од IVб одделение, при ОУ "Страшо Пинџур" Кавадарци, со наставничките Елена Пендева-Атанасова и Милка Маневска, заедно со вработените во музејот, фарбаа велигденски јајца со бои од природата, како што се корен од растението Броќ, Куркума и листови од кромид.
10.05.2025 - Беше одбележан денот на Станушинатаво организација на Macedo-nianFamilyWineries / Тиквешки Семејни Винарии се одржа Научна конференција посветена на СТАНУШИНАТА, а воедно, настанот беше збогатен со изложба на рачно изработени бакрорези од Маја МалезаноскаЧифлигароска од Охрид, со наслов Бакар: "Допир на вечноста".
28.05.2025 - Во Винскиот Музеј во Кавадарци се одржа бизнис средба со Градоначалникот, претставници и бизнис советници од Швајцарскиот Проект

за Модернизација, заедно со претставници на компании од Кавадарци.
05.07.2025 - Кавадаречки Фолклорни средби 2025 - Завршен настан со заедничка дружба и претставување на ансамблите кои земаа учество.












ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ

Основната дејност на Музеј Галеријата, како и на останатите музејски институции во нашата држава е прибирање, обработка, заштита и презентација на музејскиот материјал од сите области на музејската дејност. Периодот што помина беше исклучително значаен и плоден за нас бидејќи реализиравме капитални проекти, кои поради просторните услови во минатото не бевме во состојба да ги реализираме. Во период од 2023 година до јуни 2025 година Музеј Галерија Кавадарци имаше голем обем на работа во сите одделенија. Се реализираа научно истражувачки проекти, изложби, едукативни работилници, проекти од издавачка дејност и сл. Во сите овие проекти освен вработените во нашата институција, директно и индиректно беа вклучени и голем број на просветни лица, ученици, студенти, обични граѓани и сл. кои активно се запознаа со нашето културно наследство од областа на археологијата, историјата, етнологијата и историја на уметноста. Од особено значење се и проектите одобрени и финансирани од страна на Општина Кавадарци, Советот и Градоначалникот. Со овие активности, Музеј Галерија Кавадарци во своите 4 објекти успеа да пречека, да ја раскаже приказната за Кавадарци, за минатото, но и за сегашноста, на повеќе од 7000 посетители (организирани групни посети, но и посети на настани и промоции).

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ НА ЕТНОЛОШКОТО ОДДЛЕНИЕ

Реализација на систематско-теренско истражување од страна на Етнолошкото одделение

1. “Џоломарите од селата Ресава и Бегниште“
2. “Калемарите од селото Ресава”
3. Отворена изложба “Невестински соништа, касели и ковчези од Битола ибитолско“, автор д-р Мери Стојанова кустос советник во НУ Завод и Музеј Битола
4. Снимање на емисија за Музеј Галерија Кавадарци, телевизија Сител направи иприлог за Куќата на мирисот и вкус
5.Изработена е постојана поставка во Куќата на мирисот и вкус со наслов“Традиционална етнолошка градска соба од првата половина на 20 век“.

ИСТОРИСКО ОДДЕЛЕНИЕ

1. „Жените – Борци од Тиквешијата во НОБ 1941 – 1945 година“. Раководител напроектот кустос историчар Натка Китева. На промоцијата на книгата имаше и изложбана фотографии од тој период

2. „Легенди за Тиквешијата“. Раководител на проектот кустос историчар МаријаМихова. Во каталогот се опфатени позначајните моменти од историјата на Кавадарции Тиквешијата
3. „Меморијален Спомен Парк - 12 Ваташки Младинци ”
4. “Животниот пат и револуционерното дело на народниот херој Страшо Пинџур”

АРХЕОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ

Проект поддржан од Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци е доопремување на археолошката поставка која по долги години е вратена пред очите напошироката јавност. Изложбениот простор на поставката е обновен со нови витрини, целосно нивно средување со тапети, со слики од локалитети и со легенди. Се работи и на виртуелна презентација на предметите која веќе е во тек на изработка и сеобезбедени нови постаменти за презентирање на предметите.

Проектот систематски археолошки ископувања на локалитетот Циганска затока – на Тиквешкото езеро кои се продолжение на активностите од 2022 година на оваа средновековна некропола, каде до сега се откриени истражени и целосно документирани околу педесетина гробови во истите и се откриени доста гробни наоди а датираат од 10-12 век од новата ера ( среден век). Во погребувањето кај припадниците од машки пол наодите се поскудни и се наѓаат само прстени, додека кај женските погребувања има богати наоди со прстени, белегзии, обетки и друг накит, најчесто се бронзени а голем број се изработени од стакло.

Поради успешното работење, презентација и зачувување на нашето културно наследство во изминатите години Локален Музеј Галерија Кавадарци го доби највисокото општинско признание седмосептемвриска награда,

АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ

1. За време на „Светската недела на детето, Музеј - Галерија Кавадарциорганизираше ликовна работилница на која учествуваа ученици од неколкуосновни училишта од Кавадарци: ООУ „Страшо Пинџур; ООУ „Тошо Велков-Пепето; и ООУ „Гоце Делчев
2. Отворена ликовнатаизложба на академскиот сликар Ниче Василев
3. Отворена ликовнаизложба на реномираниот уметник Синиша Кашавелски од Куманово.
4. Отворена изложбата Невестински соништа – касели и ковчези од Битола иБитолско, на авторот кустос советник д-р Мери Стојанова од НУ Завод и МузејБитола
5. Презентација на нашиот реномиран автор Ванчо Кеков

6. Видео проекција на фотографии од Тони Коцев, МОМЕНТИ (џебнафотографија).
7. Малформат и МиниАРТ- Музеј Галерија Кавадарци восоработка со ДЛУМбеа изложени 119 дела од 66 автори
8. Изложба дирекно од Париз на оргинални дела софрмат од над 3 метри ни се претстави нашиот најголем реалист со голем бројна меѓународни награди Синиша Кашавелски
9. Настан кој ќе остане запаметен во историјата каконајголемо достигнување на било која институција од културата во Македонија.За овој настан коментираше целата Македонска јавност, но и дел од српските ибугарските медиуми по повод верскиот празник Св Трифун. 40 автори одМакедонија учествуваа на групна изложба со сопствени дела. Со овој настан Кавадарци си го врати приматот на град наКултурата и уметноста на град од каде се испаднати: Мазав, Чемерски, Шемов,Ана Темкова и многу други уметници
10. Изложба на уметнички слики од Петар Попчев, насловена ,,Кружницеремонии
11. Изложба на слики од Илија Дојков млад автор од град Кавадарци
12. Изложба на слики одреномираниот академски сликар Павле Кузманоски
13. СТОП НА ТЕРОРОТ - ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ Трета меморијална ликовнаизложба по повод 120 години од трагедијата во селото Загоричани
14. Изложба,,Корени" на познатото ликовно семејство Трајковски
15. Изложба на фотографии од Ристо Јосифовски - Ромбо
16. Изложба посветена традиционално на Меѓународниот ден на жената со наслов "Жени уметници-аматери" од Кавадарци
17. Изложба насловена „Средба" на нашиот реномиран академски ликовен уметник Новица Трајковски
18. Изложба "Стрип" од хрватскиот автор Фран Струкан од Загреб во соработка со здружението на хрватите во Република Македонија
19. Промоција на документарен филм за Васил Хаџиманов со наслов "Фениксот од Кавадарци"
20. Изложбата на скулптури од нашиот еминентен вајар – професор Слободан Милошески




Shape No. 001









ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе" Кавадарци е институција од посебно значење за развојот и унапредувањето на културата во градот , Општината и Републиката , каде се одвиваат во професионална и самостојна форма културните дејности. Со поддршка на буџет на Општина Кавадарци-Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци Дом на култура „ Иван Мазов Климе'' Кавадарци е организатор и носител на сите културни збиднувања кои воедно се основна потреба за културна надградба на граѓаните на Општина Кавадарци.

Изминатите години оваа институција организираше многу програмски активности како од театарска, ликовна, музичка и фолклорна дејност.

2021 година
- Театарска дејност- 2 Премиери за возрасни и пет репризи
3 премиери за детски театарски претстави со 17 репризни изданија
Преку 13 театарски претстави од различни жанрови -гости
- Ликовна дејност- 20 Изложби на ликовни уметници
и Меѓународна Ликовна колонија „ Михајлово -Кавадрци 2021„ со 20 учесници
-Фолклорна дејност - 5 Концерти -настапи на Фолклорен ансамбл
„ Тиквеш„ во тековната година и турнеа -гостување на Меѓународен Фолклорен Фестивал во Мало Црниче- Р Србија
2022 година
- Театарска дејност- 2 Премиери за возрасни и преку десет репризи
3 премиери за детски театарски претстави со 20 репризни изданија
13 театарски претрстави кои гостувале во Дом на култура
- Ликовна дејност- 23 Изложби на ликовни уметници
и Меѓународна Ликовна колонија „ Михајлово -Кавадрци 2022„ со преку 30 учесници
-Фолклорна дејност - 5 Концерти -настапи на Фолклорен ансамбл
„ Тиквеш„ во тековната година и турнеа -гостување на Меѓународен Фолклорен Фестивал во ЕРБА -Турција , Назили Турција и Лукавац БиХ
- Музичко-сценска дејност- 16 Концерти од делот на класичната и рок музика

2023 година
- Театарска дејност- 2 Премиери за возрасни и преку десет репризи
3 премиери за детски театарски претстави со 20 репризни изданија
15 театарски претрстави кои гостувале во Дом на култура

- Ликовна дејност- 22 Изложби на ликовни уметници
и Меѓународна Ликовна колонија „ Михајлово -Кавадрци 2023„ со преку 30 учесници
-Фолклорна дејност - 6 Концерти -настапи на Фолклорен ансамбл
„ Тиквеш„ во тековната година и турнеа -гостување на Меѓународен Фолклорен Фестивал во Бјалисток , Р Полска
- Музичко-сценска дејност- 4 Концерти од делот на класичната и рок музика
2024 година
- Театарска дејност- 2 Премиери за возрасни и преку десет репризи
3 премиери за детски театарски претстави со 20 репризни изданија
14 театарски претстави кои гостувале во Дом на култура
- Ликовна дејност- 19 Изложби на ликовни уметници
и Меѓународна Ликовна колонија „ Михајлово -Кавадрци 2024„ со околу 30 учесници
-Фолклорна дејност - 10 Концерти -настапи на Фолклорен ансамбл„ Тиквеш„ во тековната година и турнеа -гостување на Меѓународен Фолклорен Фестивал во Аргончиле , Португалија
- Музичко-сценска дејност- 6 Концерти од делот на класичната и рок музика и најголемиот Рок Концерт „ 60 години Рок музика во Кавадарци„
-литературно издавачка дејност- одржани преку 11 промоции на книги

2025 година
-Театарска дејност - 5 премиери
-Театарски претстави со по 2 и 4 епизоди
-Настан за одбележување на светскиот ден на театарот со актерите од Дом на култура и ученици од Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци.
-Ликовна дејност

Годишна изложба на уметници на ДЛУК

Децении наназад последниот викенд во декември е најчестиот одбран датум за одржување на традиционалната годишна изложба на уметниците членови на Друштвото на ликовните уметници на Кавадарци (ДЛУК). Традицијата која ја негува најстарото друштво на ликовни уметници веќе четврта деценија продолжува.
Кавадарци е богат град со многубројни автори од областа на сликарството и уметноста , почнувајќи од повозрасните ликовни уметници Темков , Кеков ,Дојчинов , Димитар Самарџиев , Ковацалиев па се до младите Боев , Јованов

,Самараџиева , Марина Убавкова , Методи Јованов, а кои имаат постојано теми и идеи за презентација и изложување .
Во годините наназад годишната изложба на Друштвото на ликовните уметници на Кавадарци знае да биде еден од најзначајните културени настани од областа на ликовната уметност во годината и можност на едно место да се видат делата на уметници од повеќе генерации.
-6 изложби на ликовни уметници

Музичка дејност
-3 музички енциклопедии
- 6 концерти меѓу кои и Концерт на Национален музички театар Софија, Бугарија "Приказна за виенскиот валцер"

Фолклорна дејност
2 годишни концерти на фолклорен ансамбл „Тиквеш" во Кавадарци, општина Ковин,

Проектот "Годишен концерт на фолклорниот ансамбл "Тиквеш"
2024 година е и многу важна за ФА "Тиквеш" но и за градиот Кавадарци.
Фолклорната група при ЈОУ Дом на култура "Иван Мазов - Климе" Кавадарци навистина го покажа своето значење и навистина го потврди своето име насловено какако АМБАСАДОР н аград Кавадарци и како настан за кавадаречката публика претставуваше прекрасен спектакл. Покрај активните членови гости на концертот беа и членови (рекреативна група) кои на публиката се претставија со една кореографија но покрај играчите на сцената после долг период во улога на инстументалисти се појавија и врвни музичари кои некогаш биде дел од овој ансамбл.

-03, 04 и 05 Јули–Меѓународен Фолклорен Фестивал
„ КАВАДАРЕЧКИ ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ 2025„

- Проектот насловен "Кавадаречки фолклорни средби" ќе беше организиран по шестти пат. Оваа година учество на фолклорните средби земаа следните учесници:
- КУД Јане Сандански Неготино, Македонија
- КУД Мирче Ацев Прилеп, Македонија
- КУД „ Мирка Гинова „ Демир Капија , Македонија

- ЖФГ Радовишанки Етно - Радовиш, Македонија
- ФА ,, Читлалкоатл,, Тореон - Мексико
- ФА Анкара –Џансу , Р. Турција
- КУД Шумадија – Горни Милановец , Р. Србија
- ФА Пилиароже, Литванија

-ФА ,, Тиквеш,, Кавадарци, Македонија

Домаќин на овие фолклорни средби ќе биде ФА "Тиквеш" кој работи при ЈОУ Дом на култура "Иван Мазов - Климе" Кавадарци.

Оваа година фоклорните средби траеја три дена, а настапите беа на Градскиот плоштад со цел доближување на проектот до публиката

Покрај настапите секое друштво имаше задача во текот на денот да го претстави своето друштво и местото од кај што доаѓа на градскиот плоштад во организирани штандови. Секое друштво си подели флаери,реквизити,промотивни материјали и слично, со што имаа можност и случајните минувачи и посетители да им се претстави по некое оро,песна,свирење на инструмент и ако има можност и интерес истите да ги научат да свират,пеат или играат.

Пред почетоците на сите концерти се одржа и дефиле низ градот,дефиле во кое на една точка од рутата се претстави секој со една минимална кореографија како најава за се што ќе се случува во текот на вечерта. Секој ансамбл си ја претставуваше земјата и местото од кај што доаѓа.











ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ
ТИКВЕШ
FOLKLOREN ANSAMBL
TIKVEŠ








Кавадаречки
ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ 2025
ЧЕТВРТОК 03.07.2025
- ФА ТИКВЕШ
КАВАДАРЦИ, МАКЕДОНИЈА
- ФА АНКАРА ЏАНСУ
АНКАРА, ТУРЦИЈА
- КУД ЈАНЕ САНДАНСКИ
НЕГОТИНО, МАКЕДОНИЈА
- КУД МИРКА ГИНОВА
ДЕМИР КАПИЈА, МАКЕДОНИЈА
ПЕТОК 04.07.2025
- ФА ТИКВЕШ
КАВАДАРЦИ, МАКЕДОНИЈА
- ФА ЧИТЛАЛКОАТЛ
ТОРЕОН, МЕКСИКО
- ФА ПИЛИАРОЖЕ
КАУНАС, ЛИТВАНИЈА
- ЖФГ РАДОВИШАНКИ ЕТНО
РАДОВИШ, МАКЕДОНИЈА
- КУД МИРЧЕ АЦЕВ
ПРИЛЕП, МАКЕДОНИЈА
САБОТА 05.07.2025
- ФА ТИКВЕШ
КАВАДАРЦИ, МАКЕДОНИЈА
- КУД ШУМАДИЈА
ГОРНИ МИЛАНОВАЦ, СРБИЈА
- ФА АНКАРА ЏАНСУ
АНКАРА, ТУРЦИЈА
- ФА ПИЛИАРОЖЕ
КАУНАС, ЛИТВАНИЈА
Секој фестивалски ден
ДЕФИЛЕ - 19:30ч, УЛИЦА ИЛИНДЕНСКА
КОНЦЕРТ - 20:00ч, ГРАДСКИ ПЛОШТАД

Библиотека Феткин Кавадарци

Библиотека Феткин Кавадарци чија основна дејност е книгопозајмица, покрај основната дејност, во периодот од октомври 2024 до јуни 2025 има организирано повеќе од 20 отворени настани за сите граѓани на нашата општина. Според извештајот на COBISS системот на кој е покровител Министерството за Култура, Библиотека Феткин се вбројува во топ 3 најактивни и најснабдени библиотеки во државата. Според извештајот во наведените месеци во библиотеката имало 14343 зајмувања или во просек 1600 зајмувања во еден месец, со бројка од 2163 активни членови, односно околу 8% од населението во Општина Кавадарци ги користи услугите на библиотеката барем еднаш во месецот. Доследни на епитетот „Една од најснабдените библиотеки ви државата", имаме набавено 894 книги со вредност од 271.402 денари.

Покрај основната дејност библиотеката организира значајни настани за сите граѓани на општината.

Октомври 2024

- Во првата недела на месец октомври, библиотеката како јавна институцијаво соработка со сите основни училишта ја славеше „Детската недела". Помеѓу 07 октомври и 11 октомври Библиотеката беше домаќин и организираше мали приредби со бајки за повеке од 420 првачиња од сите основни училишта од Општина Кавадарци.

Ноември 2024

- 07.11.2024 - По повод месецот на книгата Библиотека Феткин организираше работилница на тема "Важноста на книгата во развојот на личноста" со учениците од III [1] од ООУ Тошо Велков -Пепето и наставничката Александра Ефремов. Директорот на библиотеката ја објасна улогата на книгата за постигнување на детските соништа, потоа се играше игра на асоцијации за книгата. Специјален гостин на работилницата беше роднокрајната поетеса за деца Тодорка Андова која на интересен начин ја доближи поезијата до децата и заедно составија нова песна.
- На 23.11.2024 во просториите на Билиотеката „Феткин" се одржа промоција на книгата „Куќата на тетка ми" од авторката Марта Димитров. Промотори на книгата беа Мирјана Мукаетова и Тодорка Андова.

Декември 2024

- 03.12.2024 - Одбележан меѓународниот ден на лица со попреченост. На традиционалниот шаховски турнир учествуваа членови на сојузот за спорт и рекреација на инвалиди и ученици од СОЗШУ Ѓорѓе Петров.

-04.12.2024 - Прекрасна едукативна работилница и промоција на книга во организација на Библиотека Феткин и издавачката куќа Бата Прес. Децата уживаа во илустрирањето заедно со илустраторот и автор Емил Максен од Шведска.
- 14.12.2024 - Библиотека „Феткин“ организираше промоција на сликовницата „Барското фенерче“ од нашата сограѓанка Цвете Јовановска. Во склоп на промоцијата се одржа и изложба на илустрации од истата, од илустраторот Иван Најденовски.
-17.12.2024 - Во рамки на проектот ,,Перото на македонските автори за деца во нашата училница", денес во Библиотека „Феткин“ Кавадарци се одржа промоција на делата на роднокрајниот автор Васил Мукаетов. На гости ни беа дечињата од прво одделение од ООУ Тошо Велков Пепето и нивната наставничка Мануела Димова. Овој настан е уште една соработка помеѓу Библиотека Феткин и Здружението на одделенски наставници ЗОН.

- 20.12.2024 - Библиотека Феткин беше домаќин на чинители и донесувачи на одлуки од јавните и националните библиотеки од цела Македонија. На тркалезна маса заеднички беа поставени приоритетните области на заедничко делување, во насока на унапредување на библиотекарството и библиотеките во 2025 година.

Февруари 2025

- 12.02.2025 - Во рамки на „Недела на вино и традиција“ во чест на Свети Трифун, под покровителство на Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци, Библиотека Феткин организираше промоција на стихозбирката „Домот на љубовта“ од кавадарчанката Анита Бошкова.

- 13.02.2025 - Во пресрет на празникот Свети Трифун, во ЈОУ Библиотека Феткин Кавадарци традиционално се одржа настанот ,,Вино и поезија" за сите љубители на убавото вино и пишаниот збор.
- 21.02.2025 - Библиотека Феткин го слави меѓународниот ден на мајчиниот јазик преку низа на активности.
Април 2025
- 08.04.2025 - Библиотеката „Феткин“ и СОЗШУ „Ѓорче Петров“ го обележаа меѓународниот ден на ромите.
- 10.04.2025 - во Библиотека Феткин се одржа литературниот перформанс "Слушни ја мојата приказна".

Мај 2025
- 05.05.2025 - Библиотека Феткин заедно со учениците од ООУ Страшо Пинџур Кавадарци, го одбележуваме Денот на македонскиот јазик и азбука – ден кога се потсетуваме на значењето, историјата и иднината на нашиот мајчин јазик.
Јуни 2025
- 26.06.2025 - Библиотека Феткин означи почеток на „Кавадаречко културно лето 2025“ со промоцијата на монографската публикација на која е издавач Библиотека Феткин со наслов “Мајко, Камен да беше ќе пукнеше”, од роднокрајниот автор Диме Ристов - Кана.














ТРАНСПОРТ



## УЧЕНИЧКИ ДОМ

Откако ученичкиот дом Крсте.П.Мисирков го превзема Општина Кавадарци, условите значително се подобрија. Се изврши комплетно реновирање на собите, тоалетите, кујна, ходници и влезни партии. Опфатен надворешен дел, менза, магацин 1, магацин 2, ходници, простории за рекреација, библиотека и занимални на втор кат, тоалети и целосно нова електира. Инвестиција на Општина Кавадарци во висина од 5.500.000 денари.
Благодарение на Градоначалникот Д-р Митко Јанчев и Општина Кавадарци учениците и вработените во општински ученички дом „Крсте П. Мисирков“, Кавадарци добија нови многу подобрени услови за сместување и работа во Домот, оброците појадок, ручек и вечера за учениците се со богато мени и здрава исхрана. Исто така голема благодарност до Компанијата„Кожувчанка”,Кавадарци што им овозможи здрав оброк и пијалок за секој ученик во домот.
Со тоа се зголеми и бројот на запишани,пријавени ученици во Општински Дом каде што капацитетот изнесува 90 легла од кој веќе се исполнети 70 легла.
Учениците кои се запишуваат средно училиште во СОЗШУ„Ѓорче Петров, Кавадарци и СОУ„Киро Спанџов Брко Кавадарци се ученици и во нашиот дом. За прв пат оваа година имаме и зголемен број на ученици кои се запишуваат и во Гимназија Добри Даскалов Кавадарци. Благодарение на големата подршка од Општина Кавадарци и Градоначалник Д-р Митко Јанчев станавме еден од најдобрите ученички домови во регионот и пошироко.






















20





## КОЛ ЦЕНТАР

Општина Кавадарци е една од водечките општини во земјата по развој и примена на информатички технологии.

Кол центарот, кој функционира 24/7 од есен 2018 година, е втор ваков во Македонија и прв што ги интегрира сите важни општински служби — „Мој Општинар“, ЈП Комуналец, ЈП Паркинг и Противпожарната единица.

Кол центарот прима и обработува пријави од граѓани, ги распределува задачите до надлежните служби и го следи процесот на решавање, вклучувајќи и мерење на ефикасноста.

Проектот Safe City опфаќа видео надзор на околу 45 локации, со цел заштита на зелени површини, општински имот, урбана опрема, сообраќајни објекти и спречување диви депонии. Системот, кој го имаат само Град Скопје и Кавадарци, овозможува ефикасно расветлување прекршоци и поддршка за надлежните институции.Општината има инвестирано околу 9 милиони денари во овој проект.

Развој и на ИТ решенија, вклучувајќи:

Попис на зелени површини и подземни инсталации со софтверска евиденција.
Систем за електронска пријава и упис во детски градинки.
Паметен систем за контрола и управување со осветлувањето со географска локализација и автоматско вклучување/исклучување.
Електронска евиденција на барањата на граѓаните со мерливи рокови за одговор.
Едношалтерски систем за наплата на општински такси и онлајн плаќање на данок на имот.

Ревизорскиот извештај на Државниот завод за ревизија го потврдува високото ниво на е-услуги во Општина Кавадарци, со само една забелешка од 16 проверени параметри — најдобар резултат во земјата.

Во последните 4 години, преку кол центарот се евидентирани 7.845 пријави, а службите ги решиле во најбрз можен рок. Исто така, реализирани се 5.442 барања на граѓаните.

Организираните приемни денови на градоначалникот Митко Јанчев

овозможија средби со 1.955 граѓани, каде се дискутираат проекти, проблеми и идеи за развој на Кавадарци.

Проектот Safe City е интегриран со ОВР Кавадарци, овозможувајќи пристап до 250 камери за подобрување на безбедноста, со јасна поддршка од Владата и Министерството за внатрешни работи.









**Примени донации во Општина Кавадарци**

1. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, работа со багер на патен правец Бојанчиште – Клиново, 389.400,00 денари.
2. ДПТУ "ЗОКА ТРЕЈД" ДООЕЛ Неготино, 8000 броја заштитни маски, 48.144,00 денари.
3. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, метални столбови за тротоар 1008 броја, 352.800,00 денари.
4. ДУТП "ВЕЛКОМ ТРЕЈД" ДОО Кавадарци, техничка документација за изградба на кружен тек на Р1107, 446.866,00 денари.
5. Општина Кавадарци на Македонска Православна Црква, финансиски средства, 3.600.000,00 денари.
6. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, сепариран песок, 32.738,00денари.
7. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, јавен превоз на патници, 96.000,00 денари.
8. ЈБД ЕКСПРЕС ДООЕЛ Кавадарци, јавен превоз на патници, 20.000,00денари.
9. ДПТУ ФУЛАКИС ДООЕЛ Кавадарци, јавен превоз на патници, 12.000,00 денари.
10. НЛБ БАНКА АД Скопје, дадени на 4 Основни училишта, 16 персонални компјутери, 477.120,00 денари.
11. ЗГ РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ, дадена на СОУ Киро Спанџов Брко, фотонапонска централа, 369.694,00 денари.
12. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, урбана опрема, 185.732,00 денари.
13. ЗГ "ЕКО ИНДИКАТОР" Кавадарци Проект – идејно решение за изградба на Парк на културата, 200.000.00 денари.
14. Ѓорѓи Кимов од Неготино, уметнички слики и резба, 110.700,00 денари.
15. ДПООПТУ "Ресурс ЛТДИ" Кавадарци, урбанистички проекти за фотонапонски панели, 354.000,00 денари.
16. ДООТПУ "СЛОГА ПРОМ" Кавадарци, основен сообраќаен проект за режим на сообраќај, 58.240,00 денари.
17. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, 20 столбови за поставување на сообраќајни знаци, 20.060,00 денари.
18. ЗГ РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ, дадена на СОУ Музичко училиште, Опрема за музички кабинети, 240.000,00 денари.
19. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, превоз со мал автобус Кавадарци-Требиње-Кавадарци, 43.400,00 денари.
20. Група граѓани претставувана од Душко Стефанов, основен проект за реконструкција на Ресавски залив, 200.000,оо денари.
21. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, геодетски елаборат за урбан. план КО Ваташа и Геодетско снимање на повеќе улици 30.300,00 ден.

22. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, клима уреди 3 броја (наменети за ЦУК), 71.130,00 денари.
23. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, ТВ приемник, 30.999,00 денари.
24. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, 29-парчиња рамки за реклами, 85.550,00 денари.
25. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, изведување градежни работи и поставување на две клупи, 681.352,00 денари.
26. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци,15 броја Канделабри, 106.200,00 денари.
27. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, извршување на гардежни работи – тампонирање на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро, 278.000,00 денари.
28. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, 2-Патнички Моторно возила, 615.000,00 денари.
29. ДИРГР "Машинокоп" ДООЕЛ Кавадарци, 1-Специјално возило Дигалка (дадено на ЈП Комунлец со Договор за трајно користење), 493.600,00 денари.
30. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, столбови за тротоар, столбови за поставување на знаци и канделабри, 658.747,00 денари.
31. ДТУПТ "Тиквеш Инвест" Кавадарци Услуга – расчистување со багер на речно корито Кавадарци – Марена, 377.600,00 денари.
32. ДПТУ "ЈА-МИ" ДООЕЛ Кавадарци, извршување на градежни работи –чистење на тенеќе маало, 94.400,00 денари.
33. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, инсталација на ЛЕД позадина за Градски Пазар Кавадарци, 33.040,00 денари.
34. НАСАЛ Опрема за сензорна соба, 174.807,00 денари.
35. ДГРИ "ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Кавадарци Геодетски работи за урбан. план за дел од КП 12541/6, 2.500,00 денари.
36. ДГТ "ГРАДБА ПРОМЕТ" Кавадарци Извршување градеж работи на Спортски Центар и улица Дисанска, 1.652.007,67 денари.
37. ДИРГР "Машинокоп" ДООЕЛ Кавадарци Извршување градеж работи на Спортски Центар , 184.290,00 денари.
38. ДПТУ "ЈА-МИ" ДООЕЛ Кавадарци Извршување на градежни работи на повеќе локации, 1.012.204,00 денари.
39. ДООППУ "ГИНИС" Прилеп, припрема и печатење на 3.400 броја на Кутивчиња за "Гроздобер 2022", 30.600,00 денари.
40. ДТУ "АС МАШИНИ" Кавадарци, извршување на градежни работи чистење на Брана Моклиште, 507,780 денари.
41. ДТТУ "АНЕЛ МАГ 97" Кавадарци, извршување на градежни работи чистење на Брана Моклиште 237.180,00 денари.
42. ДГТ "ГРАДБА ПРОМЕТ" Кавадарци, извршување на градежни работи чистење на Брана Моклиште, 99.120,00 денари.

43. ДПТУ "ВС-ГД" Кавадарци, извршување на градежни работи чистење на Брана Моклиште, 38.940,00 денари.
44. ДПТУТ "ЅИКО КОП" Кавадарци, извршување на градежни работи чистење на Брана Моклиште, 80.240,00 денари.
45. ДИРГР "МАШИНОКОП" Кавадарци, извршување на градежни работи чистење на Брана Моклиште, 35.400,00 денари.
46. ДТТУ "3 КОНСТРУКТИОН КОРП" Кавадарци, извршување на градежни работи чистење на Брана Моклиште, 21.240,00 денари.
47. ДППЕЕ "ХИДРО БОШАВА" Кавадарци, нафта за чистење на брана Моклиште, 120.600,00 денари.
48. ДПТУ "ЈА-МИ" ДООЕЛ Кавадарци, транспорт на градежен материја заради чистење на брана Моклиште, 315.060,00 денари.
49. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, еуродизел БС 949,52л за чистење на брана Моклиште, 95.427,00 денари.
50. ДПТУ "ЈА-МИ" ДООЕЛ Кавадарци, извршување на градежни работи –на патен правец с.Бохула до с.Радња и с.Бохула до с. Страгово, 420.080,00 денари.
51. ДТУ "КАЈАК АГЕНЦИЈА" ДООЕЛ Скопје, зимзелени дрва и тоа Смрча – 40 стебла и Јуниперус Хоризонталес – 100 стебла, 57.820,оо денари.
52. ДГТ "ЖИКОЛ" ДООЕЛ експорт-импорт Струмица, садници од тип ACER P. FREMANI (SACCHARUM) STD 16/18, 350-400см - 18 садници, 265.500,оо денари.
53. ДПТУП "КАМ СМАРК" Кавадарци, 1 –користен Автобус
Mercedes Benz, 1.200.000,00 денари.
54. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, канделабри 30 броја, столбови за поставување на знаци 10 броја, 204.140,00 денари.
55. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, метални столбови за тротоар 900 броја, 669.060,00 денари.
56. ДПТУ "ЈА-МИ" ДООЕЛ Кавадарци, извршување на градежни работи – с.Дреново и Тенеќе Маало, 577.020,00 денари.
57.ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, техничка документација, 35.400,00 денари.
58. Александар Мурџев од Германија, десктоп компјутери 69, лаптоп компјутери 62, докинг станици 66, 526.875,00 денари.
59. ДУПОП "ПАКОМАК" ДОО Скопје, 2 детски лулашки, 1 клацкалка, 1 (една) инфо табла, 1 (една) лизгалка, 204.860,00 денари.
60.Општина Кавадарци Управа за имотно правни работи, Подрачно одделение Кавадарци, 22.132,68 денари.
61 . Општина Кавадарци Центар за развој на Вардаски Плански Регион Велес, 45.176,59 денари.
62. ДПТУ "ИГМ ТРЕЈД Илија и др." ДОО Кавадарци, проектна документација,

402.191,00 денари.
63. ЈП за државни патишта на Република Северна Македонија, 750 табли метална одбојна ограда и 400 парчиња столбови за поставување еластична ограда.
64. ЈП за државни патишта на Република Северна Македонија 500 табли метална одбојна ограда.
65. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци, туристички електричен воз со три вагони со капацитет до 20 лица, 1.537.500,00 денари.
66.. ТДТГМИПУ "БЛАКОМ" ДООЕЛ Скопје, електротехнички проект за осветлување на фасади на Општина Кавадарци, Дом на Култура Кавадарци и крошни на дрвореди на Плоштад Кавадарци, 108.560,00 денари.
67. Општина Кавадарци НА ЗПСК "Орле" Кавадарци КОМПЈУТЕР.
68. ДООППУУ "ГИНИС" Прилеп, кутивчиња за пакување грозје за Гроздобер 2023, 40.000,00 денари.
69. ДППЕЕ „ХИДРО БОШАВА"Кавадарци – Нафта за чистење на брана Моклиште, 243.164,00 денари
70. ДГТ "ЖИКОЛ" ДООЕЛ експорт-импорт Струмица - Услуга – чистење на брана Моклиште, 84.000,00 денари
71. ДГТ "ГРАДБА ПРОМЕТ" Кавадарци - Услуга – чистење на брана Моклиште, 398.250,00 денари
72. ДПТУ "ГАЛА Гордана и Сашко" ДОО Кавадарци - Еуро супер БС 400,13 литри за чистење на Брана Моклиште, 31.101,00 денари
73. ДПТУ "ЈА-МИ" ДООЕЛ Кавадарци - Ангажирање на градежна механизација за извршување на градежни работи , 1.620.490,00 денари
74. ДТТУ "АНЕЛ-МАГ 97" ДООЕЛ Кавадарци - Извршување на градежни работи заради чистење на брана Моклиште, 270.600,00 денари
75. Општина Кавадарци на Македонска Православна Црква - Финансиски средства, 1.000.000 денари
76. ДТМГ "КАМ" ДОО Илинден - Детски новогодишни пакетчиња, 51.600,00 денари
77. ТДПГМПУ "НЕПТУН МАКЕДОНИЈА" ДОО експорт-импорт Скопје - 6 ТВ приемници (за Интервентен центар за жртви на семејно насилство.....), 35.994,00 денари
78. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци - Минерална вода Кожувчанка и Изворска негазирана вода Изворска, 33.262,00 денари
79. ДПТУ "ДИ-БОР-БОШЕВИ" ДООЕЛ Кавадарци - Кујна со висачи и плакари 2 броја за Интервентен центар, 48.000,00 денари
80. ДИРГР "Машинокоп" Кавадарци - Фрижидери Беко за Интервентен центар, 38.250,00 денари
81. ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци - Метални столбови за тротоар 100 броја , 74.340,00 денари
82. ДПТУ "ДИ-БОР-БОШЕВИ" ДООЕЛ Кавадарци - Кујна со висачи и плакари за

Интервентен центар , 28.000,00 денари
83. ДПТТПТУ “Комфи-Ангел” Прилеп - Материјални добра за опремување на Интервентен центар, 25.538,00 денари
84. АД “Винарска Визба - Тиквеш” Кавадарци - Материјални добра за опремување на Интервентен центар, 60.897,00 денари
85. ДПТУ “Фер Мебел Дизајн” Кавадарци - Кујни 3 броја за опремување на Интервентен центар, 74.400,00 денари
86. ДПТУ “Импера Плус Инженери” Скопје - Основни проекти за изградба на инсталација за осветлување, 637.200,00 денари
87. ДПТУ “ЈА-МИ” ДООЕЛ Кавадарци - Ангажирање на градежна механизација за извршување на градежни работи , 2,047,010 денари
88. Група граѓани- Глигор Гогов - Водоводна линија за викенд населба топови, 750.000,00 денари
89. ДПМ ГОЛДЕН ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ С.Возарци - Финансиски средства, 7.380.000,00 денари
90. ДПТУ КОЖУВЧАНКА и Комерцијална Банка - Финансиски средства за потребите на Ски Центар Михајлово 7.123.545,00 денари
91. ДООППУ ГИНИС - Кутивчиња за гроздобер, 39.943.00 денари
92. ДПТУ КОЖУВЧАНКА - Материјално добро- градежни материјали за изработка на канделабри, 87.792,00 денари
93. ДПТУ “ЈА-МИ” ДООЕЛ Кавадарци, Ангажирање на градежна механизација за извршување на градежни работи , 429.520,00
94. ДГТ “ГРАДБА ПРОМЕТ” ДОО Кавадарци, Услуга од багер за санација на колектор во с.Марена, 79.296,00 денари
95. ДПТУ “ЈА-МИ” Кавадарци, Извршување на градежни работи (колектор и СОУ Ѓорче Петров), 377.600,00 денари
96. ДГТП “ПЕРКАН ПРОЕКТ” Прилеп, Идеен проект за изградба на објект (Младински), 495.600,00 денари
97. ДРНП “ВЕРТЕКС АРХИТЕКТУРА” ДОО Скопје, Идеен проект за изградба на објект (Пионерски), 683.078,00 денари
98. ДТМ “ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА” Скопје, -Урбанистички проект
-Основен проект за кружен тек, 623.250,00 денари
99. ДППУПИ “ТАГОРА” ДОО Скопје, Основен проект за поставување на опрема за спортско рекреат. Активности, 141.600,00 денари

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТИКВЕШКИ

КАРНЕВАЛ



**СТАР ДУХ, ВО НОВ СЈАЈ!**
**КАВАДАРЦИ!**

Отчет 2025 Градоначалник
Митко Јанчев

Отчет за реализирани проекти
во изминатите четири години
Издавач: Општина Кавадарци - Локална самоуправа

Уредник: Лилјана Митрова
Сузана Андоноски
Дизајн: Петре Здравков
Насловна фотографија: Цветанка Камчева
Печати: Арт Принт Студио Скопје

Тираж 700 примероци
Бесплатен примерок

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ